# ЦАРИНСКА УПРАВА
## ДВАЕСЕТ ГОДИНИ ЗА ИДНИНАТА НА МАКЕДОНИЈА

1992-2012



# ЦАРИНСКА УПРАВА

дваесет години за
иднината на Македонија

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје
354.21.075.2:339.543(497.7)»1992/2012»

ЦАРИНСКА управа : дваесет години за иднината на Македонија / [автори Јованчо Секулоски ... и др.]. - Скопје : Царинска управа на Република Македонија, 2012. - 100 стр. : илустр. ; 23 см

Фусноти кон текстот. - Автори: Јованчо Секулоски, Лидија Лековска, Оливера Чаловска, Снежана Стоичкова, Јулијана Ристовска, Јасминка Јакимовска

ISBN 978-608-65428-0-1

1. Секулоски, Јованчо [автор]
а) Царинска управа - Македонија - 1992-2012
COBISS.MK-ID 91054346

# МАКЕДОНСКАТА ЦАРИНА–СТОЛБ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВНОСТ

На 14 април 2012 година Царинската управа на Република Македонија одбележува значаен јубилеј – 20 години од своето формирање како самостоен државен орган на управа со својство на правно лице преку донесувањето на Законот за Царинската управа од страна на Собранието на Република Македонија. Со бројните предизвици кои што ги донесе прогласувањето на независноста на Република Македонија на почетокот се соочи царинска служба која што работеше во вонредни околности на незаокружено царинско подрачје на државата, без целосна законска регулатива, во услови кога царинските работи во Република Македонија ги вршеа помалку од 300 царински работници во три царинарници кои призлегоа од еден високо централизиран систем раководен директно од централата на Сојузната управа на царини во Белград. Царинската управа на Република Македонија постојано се развиваше, и во услови на сериозни предизвици успеа да израсне во современа администрација со висок углед, не само во Република Македонија, туку и на меѓународно ниво, со амбиција да стане и остане најдобар сервис на граѓаните, економските оператори и државата, согласно најдобрите практики во земјата и во светот.

Царинската управа веќе 20 години е вистински чувар на финансиските интереси на државата, на здравјето и животот на граѓаните на Република Македонија. Управата се грижи за реализација на економските политики на Владата на Република Македонија, преку одржување и унапредување на конкурентен економски амбиент и постојано предлагање и спроведување на мерки за олеснување на трговијата и транспортот. Преку бројни активности за олеснување и зголемување на ефикасноста во спроведувањето на царинските постапки, Царинската управа внимателно ги негува и унапредува односите со деловната заедница.

Денес Царинската управа има 1.184 вработени кои што работат во 7 сектори, 4 независни одделенија и 5 регионални Царинарници. Во рамки на царинарниците се организирани 19 гранични и 23 внатрешни царински испостави и 5 служби за надзор на иматели на одобренија. Царинската управа постојано работи на унапредување на организациската поставеност и начинот на работењето, поедноставување на работните процеси и воведување на информатички системи во сите области од царинското работење, со цел зголемување на ефикасноста и ефективноста. Вработените во управата, при извршување на своите надлежности, постапуваат согласно Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори и другите прописи донесени врз основа на закон и обезбедуваат нивна еднаква, непристрасна и објективна примена. Царинската управа презема бројни активности во насока на унапредување на системот за управување со човечките ресурси, административниот капацитет и контролата на примената на законите, како и за постојано унапредување на транспарентноста во своето работење. Царинската управа посветува посебно внимание на меѓуинституционалната и меѓународната соработка тежнеејќи кон целосно исполнување на критериумите за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит и членството во Европската унија. Веќе 20 години Царинската управа е доверлив партнер на другите државни органи и на меѓународната заедница.

Во тек на досегашното 20 годишно постоење, преку посветеноста на голем број на луѓе кои што вложиле дел од своите животи во нејзиниот развој, Царинската управа израсна во вистински столб на македонската државност.

# ЦАРИНАТА НИЗ МИНАТОТО

## ОД АРХАЈСКИОТ ДО МАКЕДОНСКО-ХЕЛЕНИСТИЧКИОТ ПЕРИОД

Периодот од архајскиот период (времето на Хомер) до македонско-хеленистичкиот период (смртта на Александар III Македонски) трае од околу 700 до 323 година п.н.е. Првите царински службеници за кои постојат сигурни информации, наречени „Pentecostologi“, во пристаништето Пиреја наплаќале данок во износ од 2% од вредноста на увезените и извезените стоки. Многу е веројатно дека слични царински давачки се наплаќале и во Кралството Македонија. Јавните финансии во класичниот период се потпирале речиси исклучиво на увозните и извозните давачки. Давачките имале различни имиња според нивната природа, како што се пристанишни давачки, континентални давачки, внатрешни давачки и патарини и обично биле во висина од 2-5% од вредноста на стоката на пазарот. Собирањето на даноците била должност на т.н. „telones“. Во овој период државите преку нивните царински системи правеле високи профити за стоките кои преку нивната територија се пренесувале од Африка и од Блискиот Исток. Државите во овој период, меѓу кои и Кралството Македонија, имале монопол во производството и продажбата на многу видови стоки. „Ad valorem“ давачките на увезените стоки изнесувале од 20-50%, а се наплатувале и пристанишни даноци. Освојувањето на Александар III Македонски на исток значело пресврт во економскиот систем на античкиот свет. Македонската Империја на Александар Велики, како и државните формации на неговите дијадоси кои ги формирале Селевкидската Империја и Птоломејското Кралство по смртта на Александар Македонски и распадот на Македонската Империја, ги реорганизирале економиите на големите источни монархии и создале нови градови – големи трговски центри, како што е Александрија во Египет, со што центарот на трговија се пренесува на исток. Освојувањата на Александар Велики го отвориле патот за директно користење на басените на Нил, Тигар, Еуфрат, на регионот на Мала Азија, како и на патиштата кон Индија.

## РИМСКАТА ИМПЕРИЈА

Римскиот период во историјата на трговијата е помеѓу 146 п.н.е. и 476 година и вклучува различни фази во кои римјаните како големи организатори ја модернизираат и реорганизираат трговијата и економскиот живот. Рим станува центар на трговијата во античкиот свет со целосна доминација над Медитеранот, голем дел од Европа и Северна Африка. Големите римски територии во внатрешноста од брегот на Средоземното Море не можеле правилно да се искористат без големите копнени патишта, како што е на пример Виа Игнација (via Egnatia) кој што се протега на територијата на денешните Италија, Албанија, Македонија, Грција и Турција, како и античките источни комуникациски правци од предримски период. Со текот на времето обврските на државата се зголемувале, а со нив и

Даночниците од овој период немаат добра репутација, за што сведочат Новиот завет (Матеј 9, 9-13, Лука 18, 10-11, Марко 2, 14-17) каде на пр.евангелистот Лука пишува „Два човека влегоа во Храм да се помолат: едниот фарисеј, а другиот цариник. Фарисејот застана и се молеше во себеси вака: „Боже! Ти благодарам што не сум како другите луѓе – разбојници, неправедници, прељубници, или како овој цариник““, како и Цицерон во делото „De Officiis“ кога ги набројува даночниците меѓу професиите кои предизвикуваат осуда и омраза. Заради омразата постојат различни форми за нивно обезбедување: Diogenes Laertius наведува дека за насилство против даночниците сторителот се казнува така што тој и неговото семејство се продаваат како робови.

потребата од средства за покривање на трошоците за големите јавни работи, армијата и религијата. Со тоа започнал да се развива комплексен финансиски систем, во кој царинските и внатрешните давачки ги надополнувале државните приходи. Царинските давачки се создаваат кога преминувањето на стоките преку фиксните демаркациони линии почнува да подразбира обврска за плаќање даноци кои што имаат различни имиња: portorium, telonium, vectigal и publicum. Стандардна практика во тој период била да се ангажираат даночници (procuratores) за собирање на царинските и внатрешни давачки, кои собирањето на давачките го спроведуваат на сопствен ризик.

За време на периодот на републиката не постоел унифициран царински систем за сите територии кои ја сочинувале Римската Империја и не постоел централизиран систем на царинска администрација. Секој град бил слободен да ги наплатува своите давачки за увоз и извоз на стоки, како и за користење на пристаништата на своја територија. Во нефедералните единици, кои целосно подлежат на моќта на Рим, давачките директно се плаќале на суверената Римска Република. За време на империјата царинскиот систем бил целосно реорганизиран и хомогенизиран. Една од најважните царински реформи во империјата било постепеното елиминирање на користењето на даночниците. Ова е период на првично воведување на царинските службеници во служба на Римската Империја. Формирани биле десет царински области надвор од територијата на денешна Италија, вклучувајќи ја и Илирикумската префектура во која влегувала територијата на денешна Република Македонија. Стоките биле предмет на царинење при преминување од една во друга област, а износот на царинската давачка била во зависност од областа и најверојатно од вредноста на стоката.

Римјаните први воспоставиле кохерентен збир на царински прописи наведени во „Римскиот билтен“ („Digesto Romano“). Тие се зачеток на царинското законодавство и ги дефинирале принципите на „ad valorem“ давачки (octava), комплетната листа на стоки – предмет на давачките (vectigal или portorium), прописи кои ги дефинирале одговорностите на собирачите на данок, правата на информаторите и привилегиите на даночните власти. Во однос на санкциите, се правела разлика помеѓу „Crimini“ (кривични дела) и „maleficia delicto“ (прекршоци), првите биле предмет на телесното казнување а вторите се суделе според граѓанското право ако оштетениот поднел тужба, и биле предмет на глоба во „simplum“ (точен износ), „duplum“ (двоен износ) или „triplum“ (троен износ). Исто така, документирани се различни нивоа на казнување изречени за шверц како „actio legis Aquiliae“, каде што е утврдено дека се изрекувала казна во „simplum“ (точен износ), односно обештетување (плаќање на давачките) за оние кои што ќе го признаеле делото, и во „duplum“ (двоен износ) за оние што го негирале. Некои од овие принципи сè уште се признаваат во царинските прописи, како што е третирање на ист начин на кривичното дело во обид и направеното кривично дело, и утврдување на казната според обемот на штетите кои што се предизвикани или имало обид да се предизвикаат. Во Рим шверцот се казнувал и со конфискација, позната под називот „commisium“.

Во III век Римската Империја го започнала својот брз пад, а ефектите силно се чувствувале во трговијата. Прва последица на кризата била напуштањето на директната наплата на царинските давачки од страна на државата, која се вратила на системот на договори со концесионери - наплатувачи на данок. Концесионерот кој ќе доставел најдобра понуда добивал договор во траење од најмалку три години. Доколку понудата не била доволно висока за да ги задоволи потребите на државата, собирањето на царинските давачки се наметнувала со сила. Приватните даночници собирале царински давачки наречени „octava“ во износ од 12,5%. Под државна контрола останале државните службеници наречени „commerciarii“, чија функција на контролори на надворешната трговија ги правела слични на современите царински службеници. Тие имале задача да го спречуваат извозот на стоката чиј што извоз бил забранет од безбедносни причини (железо, бронза, оружје, оклопи - и во тоа време постоел ризик од „стока со двојна употреба“), заплена на стоки кои што се увезувале а за кои државата имала монопол (свила ), како и контрола на извозот на готовите пари во форма на скапоцени метали.

## ВИЗАНТИСКИОТ ПЕРИОД

Византискиот период во историјата на трговијата е помеѓу 476 и 632 година. По падот на Римската Империја на запад, Византиско-ориенталната цивилизација го продолжува непречено својот развој по бреговите на источниот Медитеран, а подоцна и по брегот на Северна Африка, во Сицилија и Иберија. Константинопол

со векови бил најголем центар на трговијата во светот. Сите главни трговски патишта низ тогаш познатиот свет, по копно или по море, од Балтикот, Русија и Дунав, до Западниот Медитеран, Индија, Централна Азија и Кина се состанувале на Босфорот. Еден од предусловите за успешниот развој на византиската трговија бил воспоставувањето на ефикасен, функционален и централизиран царински систем. Сите главни влезни точки во царството биле покриени со царински службеници: стоките кои што доаѓаат во Константинопол од Црното Море се контролирале од царината во Хиерон на Босфор, каде што за нив се плаќале давачки во висина од 10%. Балканските трговски патишта, па и тие што поминувале низ територијата на денешна Република Македонија, биле контролирани во Солун. Со текот на времето царинската организација станувала сè повеќе децентрализирана во полза на локалните цариници („commerciarii"). Казните за шверцерите во средниот век биле тешки: сечење на раце, жигосување, камшикување, доживотен затвор, па дури и смрт. Во средниот век за прв пат се воведуваат во употреба некои карактеристични царински термини. Основниот поим во царинската терминологија, „тарифа" произлегува од името на градот Тарифа (град во покраината Кадиз, Андалузија, на најјужниот брег на Шпанија), кој тогаш бил под власт на пиратите кои наметнувале данок на бродовите кои поминувале низ теснецот Гибралтар. Карактеристична комерцијална царинска институција од тоа време е царинскиот склад, кој што истовремено е место каде што се плаќале влезните давачки, вообичаено познати како царини, и просторија каде што се чуваат самите стоки. Само оние стоки кои што биле увезени во државата или населбата биле предмет на давачки.

## ОТОМАНСКАТА ИМПЕРИЈА

Царината (gumrük resmi) била главен извор на владините приходи на Отоманската Империја, од средновековието до модерните времиња, и тоа од наплаќање на царински давачки за стоки кои што се внесуваат и изнесуваат од империјата, како и за оние кои се пренесуваат од едно до друго место во рамките на империјата. Се смета дека царинската администрација се формирала и организирала врз основа на царинскиот систем на Византија, по освојувањето на Константинопол во 1453 година. Терминот „царина" се користел за објектите каде што стоките се растовараат, при увоз или извоз на отоманските производи во странски земји или на странските производи во Отоманската Империја, но исто така и за давачките воведени за сите производи. Во 1801 година имало повеќе од 100 големи царински испостави. Царинските давачки биле собирани од страна на концесионери во согласност со „iltizam" системот. Во 1854 година во регионот добро организирана царинска служба со добри царински складишни услуги постела само во Солун, додека организацијата на царинската служба на територијата на денешна Република Македонија била во многу лоша состојба. Сепак, со тек на време, со развојот на трговијата, трговскиот сталеж во Скопје и Битола тежнеел кон формирање на царински испостави во овие градови, со цел поголема еманципација на овие вилаети во однос на солунскиот вилает и независен развој на трговијата на овие трговски центри со европските држави. Долгогодишните напори на трговскиот сталеж во Скопје успеале со отворањето на царинска испостава во 1893-1894 година, по што биле изградени повеќе од 40 магацини и едно складиште на железничката станица. Во Битола царинската испостава била отворена дури во 1910 година.

## МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

По Првата светска војна, прво во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, а подоцна и во Кралството Југославија, поради внатрешните противречности, кризи и затегнување на меѓународните односи, царинската служба била во подредена состојба. Во состав на царинските власти влегувале: Министерството за финансии со Одделение за царини, финансиска дирекција со оддели за царина, царински испостави со царинско-хемиски лаборатории и Царинско биро, централа на царинската благајна и финансиска контрола. Финансиските дирекции во Белград, Загреб, Љубљана, Скопје, Сплит и Дубровник имаат оддели за царина. Царинските испостави се директно подредени на одделите за царина. Постојат главни царински испостави и царински испостави од прв и втор ред. Главни царински испостави има 13 од кои една е во Скопје. Кралството Југославија има слободна зона во Солун каде, на територија на Кралството Грција функционира една од главните царински испостави. Царинската служба била поделена на концептуална, стручна, финансиска, контролна и манипулативна, додека службениците се делат според нивните образовни квалификации.

Царинската служба на Кралството Југославија, заедно со финансиската стража, пред Втората светска војна има околу 4.000 вработени. Според состојбата на организацијата на царинската служба во Кралството Југославија во 1936 година од вкупно 52 царински испостави од I и II ред на територијата на денешна Република Македонија се наоѓаат следните испостави: Битола (со оддели во Градешница, Драгош, Љубојно и Стење), Дебар (со оддели во Блато и Миреш), Гевгелија (со оддели во Ново Село, Дојран, Хума и Рожден и секции во Николиќ, Богородица и Моин), Охрид (со оддел во Св.Наум), Скопје (со оддели во Босилевград, Крива Паланка и Царево Село – денешно Делчево) и Струга (со оддели во Ќафасан и Горна Белица).

## ЦАРИНАТА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

### Организација

Царинската служба на повоена Југославија започнува со работа на 15 ноември 1944 година, во царински испостави во ослободените територии. Тој ден е прогласен за ден на царинската служба во поранешна Југославија. Организационата мрежа на царинската служба до 1947 година се базира на состојбата од пред 6 април 1941 година. Во декември 1944 година во рамките на Државното повереништво за финансии беше формирано Одделение за царина, како и царински инспекторати и царинарници. Во првата половина на 1945 година во четири центри на државата, меѓу кои и во Скопје, се основаат царински инспекторати како некој вид на второстепен орган. Во почетокот на 1947 година, Одделението за царина се трансформира во Управа за царина во состав на Министерството за надворешна трговија. Во овој период развојот на царинската служба е прилично бавен, а нејзината улога во системот на надворешната трговија е периферна. Поради овие причини, царинските испостави се лоцирани на границите, а има само неколку царински испостави во најразвиените економски центри во државата. Во наредните неколку години се донесуваат повеќе закони и други прописи значајни за уредувањето на внатрешните односи во царинската служба и одредување на нејзината улога во општеството. Со донесување на Уставниот закон Управата на царини се утврдува како сојузен орган на управа под непосреден надзор на одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет (тогашната Влада), со голема самостојност и овластување во работата.

**Според достапните информации униформата во првите години по Втората светска војна е невоедначена. Во консултираните институции не се забележани податоци за постоење на прописи со кои се регулира носењето на униформата. Според фотографиите од царинските службеници по границите може да се забележи дека имале широк спектар на униформи. Во зависност од различните средини се користеле различни делови од униформи.**





Првата Уредба за организација и работа на Управата на царини е донесена на 20 мај 1953 година. На 4 декември 1957 година е донесена втората Уредба со која Управата на царини се става под надзор на Државниот секретаријат за финансии. На 30 јануари 1963 година, донесена е третата Уредба, со која е направен првиот чекор кон децентрализација на многу области од работењето на управата. Во согласност со тогашниот систем на самоуправување, се формираат посебни работни заедници во

Управата на царини и царинарниците. На царинарниците им се дава поголема самостојност и одговорност во работата.

До 1963 година се спроведуваат важни организациски промени, така што на крајот на овој период има вкупно 33 царински испостави. Се воспоставува нов царински систем во кој царината станува основен надворешно трговски инструмент на државата. Процесот на царинење на стока пред царинските работници поставува нови, многу посложени и поодговорни работни обврски, што подразбираат значајно поголема стручност на работниците и потреба од кадар со виша и висока стручна подготовка. За остварување на долгорочните плански мерки за прием на нови работници од соодветен профил по прв пат се организираат јавни конкурси, стипендирање на поголем број ученици и студенти од средните и вишите училишта, како и дошколување на постојните работници. Воведувањето во работата вклучува практична обука во царинарниците и полагање на стручен испит.



Првиот пропис кој се однесувал на униформата е донесен во март 1956 година. Униформата била во маслинесто кафена боја. Се состоела од јакна, панталони, шинел, шапка и чевли. Службениците кои работеле на контрола на стоки имале и мантил за дожд и комбилизон. Униформа носеле сите вработени, оние кои вршеле разни видови контроли во царинењето, ревизијата, па и шоферите и куририте, но без чинови.

Во периодот од 1963 до 1984 година се случува силен организациски развој на царинската служба, кога се тежнее кон нејзино приближување кон потребите на стопанството. Силно се развива мрежата на организациони единици кои се рамномерно распоредени. Се основаат осум царинарници, 160 царински испостави и реферати, 12 царински лаборатории и 5 регионални единици на Електронскиот сметачки центар.



*Царинарница Скопје пред земјотресот од 1963 година*



*Царинарница Скопје под шатори – непосредно по земјотресот на 26 јули 1963 година*

Дека царинските службеници имаат специфични задачи и секогаш мораат да бидат спремни да дадат сè од себе во извршувањето на работата јасно се гледа и од ангажманот на вработените во Царинарница Скопје по катастрофалниот земјотрес во Скопје 1963 година. Во време кога Република Македонија се соочувше со последиците од земјотресот, почнала да пристига помош на настраданите во вид на градежен материјал, облека, храна и лекови од различни држави. И, иако таа стока, според намената, не подлежи на плаќање на царина и царински давачки, сепак царинските службеници си ја извршиле својата професионална работа и со натчовечки напори направиле евидентирање на стоката, преглед, и сè што е потребно согласно царинската процедура за пристигнатата стока. Во тие услови просториите на Царинарница Скопје, иако тогашната зградичка не била срушена од земјотресот, не ги исполнувале минимум потребните капацитети за таква обемна работа. Исто така поради затрупаните сообраќајници и железнички станици, а во интерес на работата, цариниците во најкритичните денови своите привремени канцеларии ги поставиле под шатори на отворено, бидејќи работата барала ажурност 24 часа на ден за да се овозможи најитно доставување на потребните продукти до настраданите.

## Човечки ресурси

По Втората светска војна поголемиот број на царинските службеници кои работеа и пред војната продолжија да работат во службата. Во периодот од 1947 до 1948 година организацијата е поставена на нови основи. За работа на граница, каде што се особено тешки условите за работа, се избираат млади мажи и жени од младинските работни акции, а делумно и од редовите на Југословенската народна армија и Министерството за внатрешни работи. Во овој период образовната структура на вработените е многу лоша. Оние со високо образование се вистинска реткост. Со цел унапредување на службата, во текот на 60-тите години, па сè до средината на 70-тите години, темелно се менува структурата на вработените во корист на службеници со вишо и високо образование. Според податоците од 1984 година, вкупниот број на работници во Сојузната управа на царини изнесува 4.414, а бројот на вработени царински службеници во Социјалистичка Република Македонија изнесувал 288, односно 6,5% од вкупниот број на вработени. За царинските работници да останат доследни на својот професионален интегритет државата морала да обезбеди висок личен доход кој ќе биде главен елиминатор на можната злоупотреба на службената должност. Се водело сметка и за создавање на поволни услови за работа на сите гранични премини и внатрешни организациони единици, со цел зачувување и одржување на здравјето на царинските работници. Во таа насока е и организирањето на работното време по смени од 8 до 12 часа, организирање на превоз до работното место, решавање на станбеното прашање на царинските работници и др. За јакнење на интегритетот и заедништвото на царинските работници биле организирани спортски и различни други општествени активности. Се граделе заеднички одморалишта за летување и зимување, солидарно се помагале семејствата на царинските работници во случаи на разни непогоди или потешки видови на болести кај вработените и членовите на нивните семејства, односно се работело на континуирано меѓусебно зближување на вработените, а со тоа била градена меѓусебната доверба, се подигала свеста за лојалност кој поголемиот дел на царинските работници.



*Знак кој го носеле царинските службеници од 1962 до 1967 година*

Таканаречената „морално-политичка подобност“ на вработените во Сојузната управа на царини како услов за вработување и унапредување во кариерата се гледа и од податокот дека во 1984 година 55% од вработените се членови на Сојузот на комунисти на Југославија. Единствен директор на Сојузната управа на царини од Социјалистичка Република Македонија бил Злате Билјановски во периодот од 1960-1961 година.

Во 1962 година биле претставени и првите белези на униформата. На левата страна од униформата бил амблемот со големина од 3x5см. Без позициони обележја. Службената положба била видлива од шапката. Професионалните службеници имале чин од позлатено предиво, исплетено во вид на трака, супервизорите имале лента од платинесто сребрена боја. Возачите, куририте и техничкиот персонал имале лента од црна кожа. На шапката се носела петокрака ѕвезда без подлога.

## Царинскиот систем

Царинскиот систем во повоена Југославија може да се подели на период на државен монопол (1944-1964 година) и период на модернизација на царинскиот систем (1965-1991). Царинската тарифа во повоена Југославија се менува низ неколку периоди – период на административно управување (1945-1952), период на самоуправување (1952-1959), период на привремена царинска тарифа (1961-1965) и период на рационална царинска заштита (1965-1991). На 29 септември **1948 година** е донесен првиот **Царински закон** со кој се поставени правните основи за работата на царинските органи. Со овој закон се пропишани царинската стока, царинското подрачје, царинскиот граничен појас и мерките на царински надзор. Царинењето на стока во тој период се врши преку пријава за царинење за сите оние кои не се регистрирани во регистерот на Министерство за надворешни работи. **Во 1952 година е воведен нов царински систем со увозни и извозни коефициенти. Коефициентите претставуваат специфичен инструмент за пресметување и наплата на разликата меѓу цената на стоката на домашниот и странските пазари.**

Покрај утврдувањето на видот и количината, особено важно е утврдувањето на квалитетот на стоката, бидејќи врз таа основа се утврдува коефициентот и се пресметува и наплатува разликата во цената. Коефициените имаат за цел намалување на диспаритетот помеѓу цените на увозната и домашната стока.

Поимот „царинска декларација“ прв пат е пропишан со Царинскиот закон од 1959 година, кога е пропишано и поднесување на царински декларации од страна на овластени шпедитери и други лица. Формата, содржината, начинот на поднесување и документите кои требало да се приложат кон декларацијата ги пропишува Царинската управа. Се води Контролник на увозни и извозни декларации на пропишан т.н. Образец бр. 7.

| Реден број | Датум | Увозник-извозник | Назив на стоките | Колети | | Број на книгата на приходите | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Број | тежина | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Пресметката, наплатата и исплатата ја врши Народната банка на Југославија. Од 1952 до 1957 година се применува **Привремена царинска тарифа**. Поимот „привремена“ е поради тоа што одредени стапки не се дефинирани, но сепак по оваа тарифа се пресметуваат царините при увоз. Оваа цариска тарифа се применува за правни лица кои не се регистрирани како увозници, како и за физички лица. Од средината на 1957 до 1959 година се применува Уредба за царинска тарифа **за стока која граѓаните ја внесуваат, односно примаат од странство**. Во **1959 година** е донесен нов **Царински закон**, со кој е предвидено царинењето да се врши врз основа на поднесена декларација од страна на царински обврзник. Со ова, од привремена царинска тарифа се помина кон таканаречен чист царински систем, односно систем во кој се наплатува царина на целокупната стока која се увезува од страна на работните организации. Преодот на задолжително плаќање на царина за сите увозници бил и поради обврските настанати од **Општиот договор за царини и трговија – GATT**[1]. Со цел да се започне со примена на царина за сите производи прво е донесена **Уредба за привремена царинска тарифа** за одредени производи. Воведувањето на царини е постепено за да се види како плаќањето на царини ќе влијае на стопанството. Во овој период основна функција на царинската тарифа е заштита на домашното производство од увоз, а фискалната улога е од второстепено значење. На 15 март 1961 година донесена е **Уредба за привремена општа царинска тарифа**. Со донесување на оваа уредба дефинитивно престана да важи системот на коефициенти. Оваа царинска тарифа важи за увоз на сите производи и за сите увозници. Распоредувањето на стоките во оваа царинска тарифа е согласно **Бриселската царинска номенклатура**[2]. Во меѓувреме Југославија стана потписник на **Конвенцијата за царинска номенклатура**. Во 1965 година се донесе **Законот за царинска тарифа** со што започна периодот на рационална царинска заштита – заштита на домашното производство за кое постои оправдан економски интерес. Царината се пресметува на вредноста на стоката согласно одредбите на Бриселската конвенција за царинска вредност.



*Македонски и албански цариник на ГП[3] Ќафасан во 1973 година*

[1] General Agreement on Tariffs and Trade – мултилатерален договор потпишан помеѓу 153 земји во 1947 година, со цел значително намалување на царините и другите трговски бариери и елиминирање на параметрите на реципрочна и на заемно поволни основа

[2] Brussels Tariff Nomenclature (BTN), донесена од Царинскиот совет за соработка (СЦО) во 1950 година, претходник на Царинската номенклатура на Царинскиот совет за соработка (Customs Cooperation Council Nomenclature – CCN) и ХС

[3] Граничен премин

Во периодот од 1966 до 1973 година почна да се менува општествено политичкиот систем и се зголеми трговската размена со странство. Воочени се многу недостатоци и проблеми во законот од 1959 година и затоа во **1973 година** се донесе нов **Царински закон**. Во него се преземаат многу одредби од Законот за царинска тарифа кои се однесуваат на царинската основица, царинските повластици, мерките на царинска заштита и слично. Поради динамичниот стопански развој и развојот на тогашниот систем на самоуправување, во **1976 година** е донесен нов **Царински закон**. Освен одредбите за царинска постапка, овој закон содржи и одредби за инструментите на царинската политика како што се царински ослободувања, царински контингенти, рампласман, додатни царини, сезонски царини, антидампинг мерки, царинска основица и друго, се воведува и можност за добивање на уверение за класифицирање на стоки според царинската тарифа, со што се овозможува точна и еднозначна примена на прописите. Во овој закон поимот царинска стока е целосно и прецизно дефиниран и е утврдено кои стоки не се сметаат за царински стоки. Во **1978 година** е донесен нов **Закон за царинска тарифа** во кој се зголемени царинските стапки за земјоделски, прехрамбени, минерални и хемиски производи, а намалени се стапките за увоз на машини, апарати и уреди, превозни средства, инструменти, текстилни производи, сурови кожи и друго. **Особено важно за оваа царинска тарифа е дека тогашните организации на здружен труд ги предлагаат висините на царинските стапки и влијаат на нивното конечно утврдување**. Овој закон го карактеризираат стабилност на царинските стапки и поинтензивна примена на контингентите, рампласманот, посебните мерки на заштита и друго. Во **1982 година** се менува **Царинскиот закон** со воведување на одредби за примена на член VII од GATT со што се усогласуваат одредбите за царинска основица. **Законот за царинска тарифа** повторно се менува во 1984 година. Извршено е упростување на постапката за распоредување на делови на машини, апарати, уреди, превозни средства и инструменти, а поради интензивниот развој на техниката и технологијата направени се одредени измени во согласност со Бриселската номенклатура. Во овој период Светската царинска организација – СЦО донесе **Хармонизиран систем за распоредување на стоките – ХС**[4] идентичен за целиот свет, со цел поедноставување и унифицирање на распоредувањето на стоките. За да обезбеди униформна примена, овој систем содржи повеќе од 5.000 групи на производи претставени со шест цифри, како и сите потребни дефиниции и одредби. Овој систем постигна голем успех и во наредните четири години го прифаќаат повеќе од 100 земји во светот кои учествуваат со повеќе од 90% во светската трговија. Југославија почна да го применува ХС од 1 јануари 1988 година. Во меѓувреме во царинската тарифа се вградени и сите дотогашни измени на ХС. Измените на **Царинскиот закон** во 1988 година се однесуваат на постапките на царинење во консигнационите складови, како и на казнените одредби за сторени царински прекршоци, при што се предвидени измени во паричните казни и воведени се затворски казни. Во 1989 година детално се пропишани условите кога е дозволено увозот на суровини и репроматеријали да биде ослободен од плаќање на царина доколку добиените готови производи се извезат, а воведени се и одредби за определување на условите за ослободување од плаќање на царина за увоз на опрема по основ на странски влог, како и одредби за уништување на стоки под царински надзор. **Со измените од 1990 година се затворени слободните царински продавници во внатрешноста на царинското подрачје, освен на аеродромите и пристаништата отворени за меѓународен сообраќај, на граничните премини, само каде што има истовремено и пасошка и царинска контрола.**


*Машка и женска униформа во употреба сè до 1991 година*

[4] Harmonized Commodity Description and Coding System – HS, донесен од СЦО во 1988 година кога и почнува да се применува

## Компјутеризација



Компјутеризацијата на царинската служба започна во 1970 година кога тогашното Собрание на СФРЈ го усвои Законот за финансирање на модернизацијата на Царинската служба од 1971 до 1975. Со овој закон беа предвидени средства за купување на првиот компјутер и придружен софтвер. Во 1972 година е основан првиот електронски (компјутерски) центар како самостојна единица во тогашната Сојузна управа на царини. Овој центар свечено е отворен на 26 декември 1974 година. Во регионалните центри (Скопје, Белград, Љубљана, Загреб, Сараево и Сплит) се инсталирани 18 уреди за прифаќање и пренос на податоци. Во овој период е донесен првиот пропис за начинот на пополнување и поднесување на царински декларации прилагодени за автоматска обработка. Воведени се првите контроли на податоците во царинската декларација. Во 1977 година, преку сметачкиот центар, се воведе систем за пресметка на давачки и сметководствена евиденција. Со воведувањето на автоматска обработка на податоците од царинските декларации се создаде моќна база на податоци за надворешно трговското работење. Со Законот за модернизација на Царинската служба за периодот 1976-1980 се пристапи кон изградба на нови згради за сметачки центри и надградба на компјутерскиот систем. Во 1981 година во царинската декларација е воведен матичниот број на претпријатија (во тоа време „организации на здружен труд“), што овозможи следење на надворешно трговското работење од увозот и извозот на ниво на претпријатија. Врз основа на овие податоци, а во согласност со Законот за девизно работење, имаше опција дел од девизните средства остварени со извозот претпријатијата да ги задржат за набавка на репроматеријали. Понатаму, технолошкиот развој овозможи воспоставување на терминални врски меѓу централниот систем, регионалните центри, стоковите царински служби и други државни органи, но сепак, поради бавните врски реализацијата не беше успешна. **Регионалниот центар во Скопје ги покриваше царинарниците во Македонија со единствено централно внесување на податоци.** Внесените податоци од царинските декларации се проследуваа до сметачкиот центар, каде се проверуваа и се враќаа листи на грешки. Врз основа на овие листи организациските единици обезбедуваа дополнителна контрола на документи, дополнителна наплата и елиминирање на грешки.



*Регионален сметачки центар во Скопје во 1983 година*

## Царинска контрола

Царината како институција од секогаш се соочувала со лица кои сакаат да ги избегнат обврските за плаќање на давачките за стока која ја пренесуваат преку граница. Во периодот по организирањето на царинската служба во повоена Југославија, во откривање на царинските прекршоци учествуваат царинските работници кои вршат контрола во патничкиот и стоковиот промет со странство, во сите видови и фази на царинската постапка. Прекршителите на прописите се откриваат на малограничните премини, на друмските гранични премини, на пристаништата, аеродромите и во железничкиот




Царинска контрола во 1973 година



Царинска контрола во 1974 година

сообраќај. Голем број од запленетите пратки содржат стока од трговски карактер, наменета за илегалниот пазар, но се запленуваат и значајни количини на оружје и муниција, експлозиви, пропаганден материјал, дрога, домашни и странски валути, како и културни добра. Подоцна, со поголемата либерализација на патувањата во странство, како и со порастот на туристичкиот и транзитниот промет, царинската служба сè повеќе се соочува со формите на класичното криумчарење и има сè пообемни и посложени задачи во откривањето и сузбивањето на царинските и девизните деликти. Иако најголемиот број на откриени повреди на царинските прописи е на граничните премини кон Италија и Австрија, една од царинарниците во внатрешноста на државата во која се откриваат најмногу прекршоци е таа во Скопје. Во исто време се спречува незаконското изнесување на предмети, најчесто стари икони, црковна пластика, стар стилски намештај и етнографски предмети. Класичен облик на прекршоци во стоковата размена со странство е давањето на неточни податоци за увезената стока во врска со видот, количината, квалитет и вредноста. Прекршоци има и при привремениот увоз на стока, при внесување и изнесување на девизи, транзит на стока, а често е и криумчарењето на цигари со странско потекло. Резултатите во областа на сузбивањето на недозволената трговија со опојни дроги ѝ носат меѓународна афирмација на југословенската царинска служба. Најголемите успеси се во 1980 година кога Сојузната управа на царини може да се пофали со приближно една третина од вкупно запленетиот хероин во Европа – количина поголема од вкупно запленетиот хероин во САД за таа година. **Една од двете најуспешни царинарници во СФРЈ во откривање на опојни дроги е Гевгелија.**

# ОСНОВАЊЕТО НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ЦАРИНСКАТА СЛУЖБА НЕПОСРЕДНО ПРЕД ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО

После одржувањето на првите повеќепартиски избори во Република Македонија, на 25 јануари 1991 година Собранието на Република Македонија донесе Декларација за суверeноста на Социјалистичка Република Македонија, со која се изразува правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување. На 7 јуни 1991 година со амандман на Уставот се менува името на државата од Социјалистичка Република Македонија во Република Македонија. На 8 септември 1991 година на референдум граѓаните на Република Македонија плебисцитарно се изјаснија Република Македонија да се конституира како суверена и самостојна држава, со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија. На 17 ноември 1991 година е донесен нов Устав, со цел Република Македонија да се конституира како суверена и самостојна држава. Во јануари 1992 година е донесен амандман на Уставот со кој се прекина учеството на Република Македонија во работата на Собранието и на Претседателството на СФРЈ, а Владата на Република Македонија донесе одлука за отповикување на сите дипломатско-конзуларни и културни претставници од Република Македонија во Сојузниот секретаријат за надворешни работи.

Со политичкото и економското осамостојување на Република Македонија оперативно раководат органите на извршната власт. Во декември 1991 година е донесен Закон за мерки што можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањата на тековите на општествена репродукција во Република Македонија. Со овој закон Владата на Република Македонија е овластена да презема привремени мерки за спречување и отстранување на нарушувањата на тековите на општествената репродукција во областа на финансиските односи, девизното работење и девизната политика, монетарно-кредитната политика, економско-финансиските односи со другите републики од СФРЈ и со странство, на наплатата на определени надоместоци и критериумите за нивно распоредување, на односите со федерацијата, како и за други економско-финансиски прашања. Имајќи ги предвид економско-финансиските последици од растечкиот износ на достасаните неисплатени обврски на федерацијата спрема Република Македонија, Владата во текот на целата 1991 година донесува повеќе мерки со кои ги запира паричните трансфери што дотогаш се вршат од Република Македонија кон федерацијата, меѓу другото и врз основа на наплатените царини и други извозни давачки. Царинарниците во Република Македонија се задолжени да ја издаваат увезената стока само врз основа на доказ дека царината е платена на посебна сметка на Република Македонија, а не на сметка на федерацијата, ПТТ организациите беа задолжени да ги насочуваат уплатените средства од дотогашните федерални приходи на приходни сметки на Република Македонија, а банките во Република Македонија беа задолжени да не ги извршуваат гаранциите протестирани од страна на Сојузната управа на царини, доколку обврзниците од Република Македонија ја уплатиле царината на приходни сметки на Република Македонија.

**Царинските работи во моментот на осамостојување на Република Македонија ги вршат три царинарници Скопје, Битола и Гевгелија, со многу мал број на вработени – вкупно 279 на крај на 1991 година**. Во СФРЈ царинската служба беше строго централизирана служба која се раководеше директно од централата на Сојузната управа на царини во Белград. Без соодветна законска регулатива и во услови на непостоење на централна управа, раководството на трите царинарници ја координираше царинската дејност во државата преку формирање на неформален колегиум на тројцата управници кои што редовно се состануваа во Скопје. На почетокот на 1992 година тогашниот управник на Царинарница

Скопје донесува Наредба со која определува 4 царински службеници да вршат длабинска контрола на оние места каде што ќе има потреба. Длабинската контрола има за цел обезбедување на мерки за царински надзор на стока од странско потекло, спречување илегален увоз и внесување стока, оружје, муниција, дрога, отрови и штетни материи, како и внесување динари со потекло од други републики од СФРЈ.

## ОСНОВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – 1992

**На 14 април 1992 година е донесен Закон за Царинска управа со кој се институционализира Царинската управа на Република Македонија** како самостоен орган со својство на правно лице, непосредно овластен да ги спроведува законите и другите прописи на Република Македонија во областа на царините.



*ГП Табановце, 1992 година*

Согласно овој закон, Царинската управа е надлежна за: царински надзор, царинење на стоки, контрола на стоки чиј увоз, односно извоз посебно е регулиран, девизно-валутна контрола во меѓународниот патнички и погранчен промет со странство, спречување и откривање на царински прекршоци и кривични дела, водење на првостепена и второстепена управна и првостепена прекршочна постапка, обработката и следење на статистичките податоци за увозот и извозот и др. Со работата на Царинската управа раководи директор кој го именува и разрешува Собранието на Република Македонија. Законот предвидува Царинската управа да се основа во рок од 3 месеци. Во првите пет години царинската служба своите работни задачи ги извршува преку трите регионални царинарници, царински испостави, реферати, одделенија и отсеци (17 гранични премини, 17 царински испостави, 6 царински реферати).

Недвижностите, опремата, инвентарот, архивата, документацијата и средствата за работа што ги користеше државата СФРЈ – Сојузна управа за царини, на територијата на Република Македонија се прогласија за државна сопственост на Република Македонија и нив ги презеде Царинската управа. Царинските службеници од Република Македонија кои беа на служба надвор од нејзината територија, кои за тоа се определија во период од 3 месеци од донесување на законот, продолжија со работа во Царинската управа на Република Македонија.

Со Законот за Царинска управа е утврдена и службената облека, службената легитимација и ознака. Службената униформа на Сојузната управа за царина на СФРЈ продолжи да се употребува до завршувањето на сите постапки за изработка на новите униформи. Единствена разлика претставува нов беџ со ознаки на Република Македонија.

Контролата врз царинското подрачје на Република Македонија започна да се спроведува уште на почетокот на 1992 година, со поставување на времен полициско-царински пункт на патот на излезот од Куманово, каде што царинските работи ги вршеа царинските работници од Царинската испостава Куманово.

Ноќта помеѓу 26 и 27 април 1992 година, по брзо завршување на градежните работи за уредување на просторот, беше воспоставен граничниот премин Табановце-автопат на границата помеѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија (СРЈ), каде функционираше царинска испостава, во доста импровизирани услови. Во исто време беа воспоставени и граничните премини Блаце, Јажинце, Пелинце, како и железничките станици Табановце и Волково, на кои времено беа распоредени, во најголем број, цариници од царинарниците Битола и Гевгелија.




Беџ, на бела основа со златни букви, кој го употребуваа царинските службеници веднаш по осамостојувањето во 1992 година

Во почетниот период после осамостојувањето на Република Македонија се применуваат Царинскиот закон и Законот за царинска тарифа на СФРЈ. Основен недостаток на Законот за царинска тарифа е тоа што беше наменет да го штити стопанството на поранешна Југославија и имаше огромен број позиции со царински стапки кои се во спротивност на потребите и интересите на стопанството на Република Македонија. Владата на Република Македонија се обиде овој проблем да го надмине со поединечни одлуки, како одлука за намалување на царински стапки преку царински контингенти, ослободување од царина за одредени стоки и сл. Покрај царинската стапка за увоз на стока се плаќаше и посебна давачка за порамнување на даночното ослободување од 7,5%, посебна такса на увезени стоки во висина од 7,5% и давачка за царинско евидентирање во висина од 1%.




**Во 1992 година царинската служба на Република Македонија работеше во многу тешки услови и прилики:** недефинирани и неизградени гранични премини кон Сојузна Република Југославија (СРЈ), мал број на царински работници, необезбедени превозни средства, некоординираност со надлежните органи на државната управа, огромен пораст на прометот на стоки, потешкотии во функционирање на платниот промет, неадекватни прописи, непостоење на правна регулатива за одредени области во царинското работење, непостоење на ИТ поддршка за обработка на податоци и др. Дополнителен проблем претставуваше недефинираниот начин на финансирање и недефинираниот статус на вработените. Од друга страна, обемот на работа на царинската служба повеќекратно се зголеми и тоа во услови на недоволна стручност и оспособеност на царинските службеници. Имено, обемот на извоз и транзит значителтно се зголеми бидејќи трговскиот промет со поранешните републики на СФРЈ – дотогашни главни трговски партнери на Република Македонија, доби третман на меѓународен трговски промет. Со тоа се зголеми и бројот на царински обврзници, како и бројот на обиди за царински измами, пред сè, со поднесување на некомплетна документација и лажно пријавување на пониски цени на производите. Дополнително отежнување на работата на царинската служба предизвика и започнувањето на воените дејства на територијата на поранешните републики на СФРЈ, пред сè поради пренасочување на железничкиот и друмскиот сообраќај и зголемување на авионскиот транспорт. Состојбата беше дополнително усложнета со воведувањето на економската блокада кон СРЈ. Спроведувањето на ембаргото кон СРЈ од страна на Република Македонија беше контролирано од цивилни набљудувачи на Обединетите нации (ОН) во рамките на мисијата на Конференција за европска безбедност и соработка – КЕБС. Ембаргото претставуваше дополнителен товар врз редовната работа на царинската служба, затоа што енормно се зголеми количеството на стоки под царински надзор. Ембаргото предизвика и реакции од страна на СРЈ, која повремено правеше блокади на граничниот премин, при што километарските колони на патнички возила и камиони станаа доста честа појава. Истовремено, согласно Резолуцијата на ОН, царинската служба правеше максимални напори да се запази хуманитарниот аспект и во услови на ембарго да се пропушта хуманитарната стока за СРЈ.

Првата група од нови 142 цариници беа примени во јули 1992 година, а започнаа со работа во декември 1992 година, со што, на крајот од 1992 година Царинската управа располагаше со 411 вработени. Овие цариници беа распоредени на новите гранични премини: Табановце, Пелинце, Блаце и Јажинце, а дел од вработените беа распоредени на работни задачи на внатрешно царинење на стока во Скопје, Куманово и еден мал број во Царинската испостава Штип.

Собранието на Република Македонија за прв директор на Царинската управа го именуваше Димитар Бузлевски, кој функцијата ја извршува од 14 април 1993 до 20 декември 1994 година.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА – 1993

Врз основа на Законот за Царинска управа, во 1993 година започна поставувањето на системи за организација и работа, кадровско екипирање и стручно оспособување, формирање на системи за

спроведување на царински постапки и надзор. Во април 1993 година е донесен првиот Закон за царини на Република Македонија[5], кој е скоро идентичен со претходниот, освен што е скратен во делот за меѓународниот поморски сообраќај. Оваа година со Правилник за исправите во царинската постапка и Правилник за единствениот царински документ во царинската постапка е воведен образец на единствениот царински документ – ЕЦД, кој започна да се применува во 1997 година. Во декември 1993 Република Македонија стана договорна страна на Царинската конвенција за меѓународен транспорт на стоки со ТИР карнети (ТИР конвенција).

## Организација на работа

Во почетокот на 1993 година влезе во сила првиот Правилник за организација на работа и првиот Правилник за систематизација на работните места но Царинската управа. Како основни организациони единици се формираат сектори, а внатрешни организациони единици се одделенија, отсеци, отсек – царинска лабораторија, царински испостави (37) и реферати. Со секторите раководат помошници директори кои ги назначува директорот на Царинска управа во согласност со Владата на Република Македонија. Другите работници што вршат позначајни управни и стручни работи, како и инспекциски надзор, ги назначува директорот. Согласно овој Правилник за организација на работата Царинската управа ја имаше следната структура:

| **ЦАРИНАРНИЦИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Царинарница Гевгелија** | **Царинарница Битола** | **Царинарница Скопје** | |
| Отсек за царинско управна постапка | Отсек за царинско управна постапка | Отсек за царинско управна постапка | Отсек за царинско прекршочна постапка |
| Отсек за царинско управна и прекршочна постапка | Реферат за царинско управна и прекршочна постапка | Отсек за работи на контрола | Отсек за финанс.матер. и општи работи |
| Отсек за финанс.матер. и општи работи | Отсек за финанс.матер. и општи работи | ЦИ Табановце автопат | ЦИ за консигнација и саем |
| ЦИ[6] Богородица | ЦИ Битола | ЦИ Скопје | ЦИ Јажинце |
| ЦИ Гевгелија | ЦИ Охрид | ЦИ ЖС Трубарево | ЦИ Титов Велес |
| ЦИ Делчево | ЦИ Пошта Охрид | ЦИ ЖС Волково | ЦИ Тетово |
| ЦИ Стар Дојран | ЦИ Ресен | ЦИ Блаце | ЦИ Гостивар |
| ЦИ Берово | ЦИ Стење | ЦИ Куманово | ЦИ Деве Баир |
| ЦИ Кавадарци | ЦИ Св.Наум | ЦИ Аеродром Скопје | ЦИ Сопот |
| ЦИ Струмица | ЦИ Блато | ЦИ ЖС Табановце | ЦИ Пелинце |
| ЦИ ЖС Гевгелија | ЦИ Меџитлија | ЦИ Пошта Скопје | ЦИ Штип |
| | ЦИ Ќафасан | | |
| | ЦИ Прилеп | | |
| | ЦИ Аеродром Охрид | | |

| **ЦЕНТРАЛНА УПРАВА** | |
|---|---|
| **Сектор за царинско правни работи** | **Сектор за информатика, автоматска обработка на податоци, наплата на приходите и статистичко пратење** |
| Одделение за царинско управни и прекршочни работи | Одделение за информатика и автоматска обработка на податоци |
| Одделение за царинско правни работи | Служба за наплата на приходи и статистичко пратење |
| Одделение за царинска тарифа, царинска вредност и надворешно трговски систем | **Сектор за организација, кадрови, општи и финансиски и материјални работи** |
| Одделени за контролно аналитички и ревизиони работи и сузбивање на криумчарење | Одделение за организационо-кадровски работи, стручно образование и општи работи |
| Отсек Царинска лабораторија | Одделение за финансиско-материјални работи, имотно-правни односи и инвестиции |
| | Служба за сметководствени работи |

Работни тела во Царинската управа и царинарниците се колегиум на директорот и колегиумите на управниците на царинарниците, како советодавни тела за разгледување на одредени стручни

[5] „Сл.весник на РМ" бр. 20 од 2 април 1993 година

[6] ЦИ – Царинска испостава

прашања. Заради извршување на определени сложени задачи се формираат 4 стручни комисии на ниво на Царинска управа: Комисија за царинска тарифа, Комисија за царинска вредност, Комисија за сврстување на стока во царинска тарифа и Комисија за меѓународна царинска соработка, како и 2 стручни комисии на ниво на царинарници: Комисија за царинска вредност и Комисија за царинска тарифа.

## Човечки ресурси

Со **Правилникот за систематизација на работите и задачите на Царинската управа** е утврден вкупниот број на извршители – 784, од кој во Царинска управа 85 и во царинарниците 699. На 24 октомври **1994 година** вкупниот број на извршители се зголемува на 811, од кои во Царинска управа 87 и во царинарниците 724. Меѓутоа, вкупниот број на вработени во овој период беше значително помал од бројот на вработени предвиден со овој правилник. Тргнувајќи од улогата во државата при спроведување на законите и политиките кои се во владение, покрај стручноста на царинските службеници се бара и почитување на високи дисциплинско-етички принципи и стандарди заради потврдување на интегритетот и довербата на службата. Со таа определба во мај 1993 година е донесен првиот **Правилник за дисциплинска и материјална одговорност на работниците на Царинската управа**. Со овој Правилник се уредени одговорностите на работниците во Царинската управа при извршување на работните обврски, повредите на работните обврски, дисциплинската и материјалната одговорност за направените повреди, како и постапката за утврдување на потребите и изрекување на дисциплинските мерки.

Стручното оспособување на вработените го врши Одделението за организационо-кадровски работи, стручно образование и општи работи. До 1995 година преку практичен и наставно–образовен програм, стручно се оспособни 250 новопримени работници.

Во 1993 година Царинската управа ја потпиша Аруша декларацијата која преку своите одредби директно посочува на нужноста од етичкото работење, сузбивањето на корупцијата и подобрување на интегритетот на царинските служби во светот.

## Компјутеризација

По осамостојувањето на Република Македонија, царинската служба остана без современ информатички систем и без проекти за модернизација на работењето. Базата на податоци за македонските царински документи, од Сојузната управа на царини беше префрлена во информатичкиот систем на „Рудници и железарница Скопје" каде се продолжи со внесување и обработка на податоците. Кон крајот на 1992 година се пристапи кон изработка на проект за воведување на нов информатички систем во Царинската управа, кој беше завршен во февруари 1993 година, меѓутоа во тоа време не постоеја финансиски можности за негова реализација. Набавката на компјутерската опрема беше финансирана од страна на Владата на САД и истата пристигна во август 1994 година. После нејзиното инсталирање, Царинската управа ја презеде целокупната обработка на податоците. Во април 1993 година беше обезбедено финансирање на проектот од фондот на „Eurocustoms", преку програмата PHARE[7]. Склучени се договори за набавка на хардвер и софтвер, беше формиран проектен тим со одредени пилот локации за тестирање на системот. Проектот започна на 6 мај 1996 година и беше планирано да трае 18 месеци.

Ваквата состојба траеше сè до почетокот на 1995 година, кога по набавката на соодветна техничка опрема и екипирање со кадар од областа на информатиката целокупната евиденција и натамошната обработка ги презеде Секторот за АОП во Царинската управа.

## Царинска контрола

Во **1993 година** во рамки на Секторот за царинско-правни работи се формира **Одделение за контролно-аналитички и ревизиони работи и сузбивање на криумчарење**, со началник, два самостојни советници – ревизори и еден самостоен советник за сузбивање на криумчарење. Ова ги

7 PHARE програмата е претпристапен инструмент финансиран од ЕУ за поддршка на земјите од централна и источна Европа, создадена во 1989 година

отсликува скромните почетоци на развојот на работите во врска со контролите и истрагите насочени кон сузбивањето на криумчарењето.

По осамостојувањето на Република Македонија и формирањето на македонската царина во текот на 1992 сè уште се применуваше Царинскиот закон на СФРЈ според кој прекршоците пропишани со Царинскиот закон и Законот за надворешно трговското работење беа во надлежност на царината. По Законот за царините на Република Македонија од 1993 година прекршочната постапка во прв степен ја водеше и решенија за прекршоци донесуваше Комисијата за прекршоци во прв степен, а во втор степен – Комисијата за прекршоци во втор степен. Комисиите беа составени од три члена од кои еден член беше претседател, кои ги назначуваше директорот на Царинската управа.

Првата година по воспоставувањето на државната граница со Сојузна Република Југославија значително се зголеми бројот на царински прекршоци, кој достигна и до повеќе од илјада прекршоци годишно, како последица на неприлагоденоста, како на физичките така и на правните лица, кон фактот дека трговијата со Република Србија може да се одвива само преку граничните премини. Но исто така оваа состојба беше последица и на приликите кои владееа на просторите на поранешна СФРЈ, посебно на трговското ембарго, воведено кон СРЈ од страна на меѓународната заедница. Најчести прекршоци сторени од страна на физичките лица беа илегалните пренесувања на жива стока и нафтени деривати, како и управување на моторни возила со странски регистарски ознаки. Што се однесува на правните лица најмногу прекршоци се однесуваа на нераздолжени извозни и транзитни декларации.



*Апарат за утврдување на точка на палење во 1993 година*



*Термо бања во 1993 година*

До 1984 година царинската лабораторија на ниво на Сојузната управа на царини на СФРЈ има 12 модерно опремени царински лаборатории и неколку стотини специјалисти за правилна примена на царинската тарифа. Една од царинските лаборатории се наоѓаше во Царинарница Скопје. Таа беше опремена со основна лабораториска опрема и инструменти за изведување на квалитативни и квантитативни анализи (користејќи гравиметриски, волуметриски и физичко-хемиски методи). Главно биле вршени анализи на суровини и производи на хемиската и текстилната индустрија, а со цел правилно распоредување на стоките според царинската тарифа. **Во 1993 година лабораторијата практично престанала со работа**.

# ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО ПЕРИОДОТ 1994-1997 ГОДИНА

Во периодот по прогласување на независноста на Република Македонија трговската размена со соседните земји продолжи, но во многу отежнати услови. Веднаш по осамостојувањето се дефинира северната граница. Македонските увозници се соочија со огромен проблем бидејќи тогаш целокупната размена со поранешните југословенски републики, речиси замре.

Следен голем предизвик со кој се соочи Република Македонија со директни сериозни импликации врз работењето на Царинската управа претставуваше едностраното трговско ембарго на Република Грција кон Република Македонија, кое траеше од февруари 1994 година до октомври 1995 година. Ова ембарго, заедно со трговското ембарго кон СРЈ од страна на ОН, значеше дека Република Македонија во период од 18 месеци беше целосно отсечена од главните трговски патишта преку патниот и железничкиот Пан-европски коридор 10. Пренасочувањето на стоковиот промет кон Република Бугарија (со употреба на пристаништето во Бургас на Црно Море) и Република Албанија (со користење на пристаништето во Драч) значеше сериозно оптоварување за Царинската управа на Република Македонија, заради зголемениот обем на работа на граничните премини кон Република Бугарија и Република Албанија кои имаа мала пропусна моќ, недоволна инфраструктурна опременост, кадровска екипираност и организациска поставеност несоодветна на наметнатата ситуацијата.

Од 1 март 1995 година до 30 ноември 1998 година, директор на Царинската управа е Илија Илоски.

Главни одлики на периодот 1994-1997 година е започнувањето со уредување на царинската тарифа согласно интересите на македонската економија и меѓународните стандарди, склучувањето на договори за меѓународна соработка и за слободна трговија, како и воведувањето на нов царински софтвер за обработка на царински декларации.

## ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА

### Царински закон

Со измените на **Законот за царини** во **1995 година** е укината повластицата за увоз на автомобили од страна на државјаните на Република Македонија кои биле повеќе од две години на работа во странство. Надзорот над спроведувањето на Царинскиот закон го врши Министерството за финансии. До овие измени жалбите по решенијата на царинарниците во управна постапка се поднесуваа до Царинската управа, а со измените се воведе можност за поднесување на жалба до Комисијата во Владата на Република Македонија за решавање на предмети од втор степен. Со измените на законот се утврдува можност за давање на слободните царински продавници на концесионери и утврдување на условите за работа на концесионерите. **Слободните царински продавници кои биле отворени до денот на овие измени по истекот на две години од измените престануваат да работат.** Казните при утврдување на прекршок се намалени. Со измени на Царинскиот закон **во 1997 година се укинуваат слободните царински продавници на граничните патни премини**, а останаа да работат само слободните царински продавници на аеродромите на кои се одвива меѓународен сообраќај.

**Во 1994 година започна процесот на зачленување на Република Македонија во Светската трговска организација** (СТО)[8] со поднесување барање до Генералниот директор на СТО, во кое Република

[8] World Trade Organization – WTO

Македонија ја изрази својата намера за пристапување во СТО. Врз основа на барањето, Генералното собрание на СТО формира работна група, под претседателство на норвешкиот амбасадор Каре Брин. Процесот на зачленување на Република Македонија е одолговлекуван со проблеми од политичка природа (билатералниот спор за употребата на името Македонија од страна на Република Грција) и од економска природа (подготвеноста на земјата да ги преземе потребните реформи на економскиот систем, за да изврши усогласување со стандардите на СТО и да го либерализира домашниот пазар).

Во април 1996 година Република Македонија пристапи кон неколку конвенции со кои се регулира привремениот увоз на одреден вид на стоки на царинското подрачје на Република Македонија. Овие конвенции ја регулираат областа на привремениот увоз на професионална опрема, стоки за изложби или користење на изложби, саеми, конгреси или слични манифестации. Со пристапување кон **Царинската конвенција за АТА карнети за привремен увоз на стоки (АТА Конвенција)** се овозможи и олесни примената на претходно споменатите конвенции за привремен увоз.

На 1 септември 1996 почна да се применува **Договор за слободна трговија со Република Словенија**. Со овој договор е утврдена целосна либерализација за увозот на индустриските стоки да се воспостави во 2000-та година, а увозот на земјоделски производи да подлежи на тарифни квоти. Набрзо, на 16 октомври 1996 година започна да се применува **Спогодба за трговија меѓу Република Македонија и СР Југославија**, со која е предвидено целосната либерализација на индустриските стоки да се воспостави во почетокот на 1999 година, а трговијата со земјоделски производи е дефинирана во рамки на квоти. Како докази за потекло се користат истите документи како во договорот со Словенија. Следната година, на 30 октомври 1997 година започна да се применува **Договор за слободна трговија со Хрватска**. Со денот на стапување во сила на овој договор се укинати сите давачки за увоз на индустриските стоки, а увозот на земјоделски стоки е во рамки на тарифни квоти.

Со цел побрз економски развој на Република Македонија на 1 јануари 1998 година започна да се применува Спогодбата за соработка меѓу Република Македонија и **Европските заедници**. Оваа спогодба е еднострана, **односно увозот на македонски производи во Европската заедница е либерализиран, освен одредени производи кои подлежат на квоти**. За увозот на стоките со потекло од ЕЗ се наплаќаат царински давачки.

## Царинска тарифа

Во март 1995 година Република Македонија пристапи кон **Конвенцијата за хармонизираниот систем на имиња и шифрените ознаки на стоките**, врз основа на која се подготвува националната Царинска тарифа. Номенклатурата воведена со оваа конвенција претставува основно средство за водење на статистика (податоци) за надворешно-трговската размена, како и основа за наплата на царински и други давачки при увоз на стоки.

На 27 април **1996 година** беше донесен **првиот Закон за Царинска тарифа на Република Македонија**, кој почна да се применува од 15 август 1996 година. Законот се состои од нормативен дел и царинска тарифа. Нормативниот дел содржи 14 членови и со него поблиску е регулирана употребата на царинската тарифа. Царинската тарифа на шест цифри е усогласена со ХС. Расчленувањето над шест цифри е извршено според Комбинираната заедничка царинска тарифа на Европска унија – ЕУ[9] и околу 85% од позициите се идентични со позициите на Царинската тарифа на ЕУ. Последните две цифри се на национално ниво за да се овозможи заштита на поодделни стоки од национален интерес. Царинската тарифа е основа за примена на сите надворешно трговски прописи. Со Законот за царинска тарифа **се укинуваат сите тарифни ознаки по кои во периодот од 1994 до 1996 година не е извршен никаков увоз и сите ознаки со кои се вршеше заштита на стопанството на поранешна Југославија**, а кои не се во интерес на заштитата на македонското стопанство. Се воведуваат нови ознаки за селективна заштита на некои клучни стопански сектори. Вградена е препораката на СЦО за воведување на стандардни единици мерки за тарифните броеви за статистички цели и нови позиции согласно препораките на СЦО и на меѓународните конвенции кои се однесуваат на материи и супстанции кои ја оштетуваат озонската обвивка. Вграден е список на психотропни материи кои служат за производство на синтетски дроги. Се воведуваат повеќе тарифни ознаки за резервни

9 Combined Nomenclature, Common Customs Tariff of the European Communities, согласно Регулатива на Советот на ЕУ, бр. 2658 од 1987 година

делови за цивилни воздухоплови и истите се ослободени од плаќање царина согласно Меѓународниот договор за цивилни воздухоплови. Царинска тарифа има една колона за царински стапки кои се применуваат за увоз на стоки со потекло од земјите со кои Република Македонија има склучено договор со клаузула за најповластена нација. За увоз на стоки со потекло од останатите земји се применува царинска стапка зголемена за 70%. Согласно препораките на СТО со новата царинска тарифа престанаа да се наплаќаат посебната давачка за порамнување на даночното ослободување во висина од 7,5% и посебната такса на увезени стоки во висина од 7,5%. Наместо овие давачки по единица мерка се наплатува посебна давачка за увоз на земјоделски и прехранбени производи. Давачката за царинско евидентирање во висина од 1% и понатаму продолжи да се наплатува. Највисока царинска стапка од 60% е предвидена за земјоделските производи и од 35% за индустриските производи. Стапките за суровини и репроматеријали кои не се произведуваат во Република Македонија изнесуваат од 0 до 8%, а за останатите суровини стапките изнесуваат од 8 до 13%. Нормативниот дел од Законот за царинска тарифа ги регулира постапките со царински контингенти, распоредување на резервни делови за непосредно вградување, издавање на уверенија за распоредување, царинење на стоки кои се увезуваат сукцесивно, единствена царинска стапка за увоз на стоки од страна на физички лица и друго.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**На 1 јули 1994 година, Република Македонија стана член на СЦО.** СЦО е организација основана во 1952 година во Брисел, Белгија, врз основа на конвенцијата за Формирање на Советот за царинска соработка. Од 1960 година поранешна СФРЈ беше член на оваа организација. **Со членството во СЦО Република Македонија пристапи кон повеќе конвенции под покровителство на СЦО, со кои се регулира меѓународното царинско работење, а кои се од извонредна важност за меѓународната трговија и движењето на стоки.**

Во 1996 година, во посета на Република Македонија престојуваше генералниот секретар на СЦО Џон Шејвер (John Shaver), кој учествуваше на Семинар за стратешки развој. Генералниот секретар високо ги оцени перформансите и успешното работење на Царинската управа.

## ОРГАНИЗАЦИЈА

**Во мај 1994 година Царинската управа донесе Правилник за службени легитимации** со кој се пропишува образецот, постапката за издавање, рокот на важност и начинот на водење евиденција на службените легитимации на вработените во Царинската управа. Металната значка во горниот дел ја има ознаката „РМ" а во средината се наоѓа симболот на македонската царина. Над симболот стои натпис „Customs", а под него „Царина", како и втиснат број од легитимацијата на царинскиот службеник. Металната значка и службената легитимација се сместени во кожен повез.

Во април 1994 година Владата на Република Македонија донесе одлука 14 април да се востанови за Ден на царинските работници.




Во март 1996 година директорот на Царинската управа донесе **Правилник за службена облека на работниците на Царинска управа**, со кој е пропишан кројот, бојата, ознаките, времето на траење и начинот на користење на службена облека. Зимската службена облека за мажи се состои од: сако, панталони, капа, баретка, кошула со долги ракави, вратоврска, блуза – џемпер, елек, шал, ветровка со влошка, мантил за дожд, кожни ракавици, чевли,



а летната од: кратка виндјакна со влошка, панталони, кошула со кратки ракави, вратоврска, чевли. Службената облека за жени ги содржи истите делови освен што и во зимската и летната униформа има предвидено и здолниште. Сите делови од службената облека и за мажи и за жени се изработени од ист материјал, боја и изглед. За основна боја на службената облека е определена темно тиркизна, освен за зимската кошула (машка и женска) која е бела, летната кошула (машка и женска) која е светло тиркизна, а чевлите се црни. Според правилникот зимската сезона почнува на 15 октомври, а завршува на 31 март наредната година, летната сезона започнува на 1 април, а завршува на 14 октомври истата година.

На службената облека предвидени се службени ознаки. Службената ознака која ја означува стручната спрема и работното место на царинскиот службеник се наоѓа на предниот лев дел од сакото, ветровката со влошка, кратката виндјакна, блузата – џемпер и кошулата со кратки ракави.

За работник со средна стручна спрема - цариник ознаката е златно жолто извезена лента водоравно поставена во висина од 4см x 4мм (Слика 1). Ознаката на работникот со виша и висока стручна спрема, цариник – виш соработник, инспектор, самостоен советник, стручен соработник за прием на документација и преглед на стока царинско управна постапка и други, биле две златно жолто извезени ленти водоравно поставени со димензии од 4см x 4мм со меѓусебно растојание од 7мм (Слика 2). Ознаката на раководители на организациони единици се две златно жолти извезени ленти, водорамно поставени на меѓусебно растојание од 5мм, горната лента е со димензии од 4см x 4мм., а долната лента со димензии од 4см x 8мм (Слика 3). Ознаката за помошник управник се две златно жолто извезени ленти водоравно поставени на меѓусебно растојание од 5мм, секоја со димензии од 4см x 8мм (Слика 4). За управник ознаката се состоела од две златно жолто извезени ленти водоравно поставени со меѓусебно растојание од 5мм а секоја со димензии од 4см x 8мм. На 1мм внатрешно од рабовите на полето извезена е златно жолта лента со ширина исто така од 1мм (Слика 5).





*1*



2



3



4



5

## ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА

### Царинска лабораторија

Иако формално постоеше, Отсекот за царинска лабораторија како интегрален дел на Секторот за царински правни работи, започна да работи во 1995 година како базична лабораторија, опремена со инструменти за физички анализи и брзи тестови за идентификација. Во периодот од 1995 до 1998 година вкупниот број на вработени изнесува четворица. Во овој период применете мостри, особено покомплексните, за кои лабораторијата нема услови да ги врши, се анализирани од страна на други владини и приватни лаборатории. Вработените во лабораторија врз основа на добиените анализи вршат класификација на стоката согласно Царинската тарифа. Во



*Апарат за дестилација*

1997 година американската царинска служба на царинската лабораторијата ѝ дониранаше опрема и инструменти, главно за анализа на нафтени деривати: дестилационен апарат, отворен и затворен сад за точка на палење, основна лабораториска опрема (печка, ваги, сушара, водена бања и центрифуга), гасен хроматограф, тензиометар, но голем дел од нив без дополнителна опрема.

## ИКТ поддршка

Асикуда е компјутерска програма, развиена од страна на UNCTAD, наменета за автоматска обработка на царински податоци. Во нашиот систем Асикуда софтверот е во функција на следната околина: Оперативен систем SCO UnixWare 2.1.3 и UnixWare 7.1.0 и База на податоци Informix 7.22.

По повеќегодишната подготовка на оперативно, техничко и кадровско ниво, во 1996 година, **започна имплементацијата на Македонскиот информационен систем – МАКЦИС**. Од 1 јули до 31 декември 1996 година во новиот софтвер Асикуда (ASYCUDA++)[10] се тестираше спроведувањето на извозната постапка преку новиот образец ЕЦД, со кој подоцна беа заменети старите VS обрасци. Во овие 6 месеци на тестирање, кое се спроведуваше во ЦИ Аеродром Скопје, документацијата се изработуваше паралелно во стариот и новиот систем. Ова тестирање беше предуслов на 1 јануари 1997 година Царинската управа официјално да започне со обработка на извозни декларации во четири царински испостави: Аеродром Скопје, Терминал извоз Скопје, Битола и Гевгелија. Покрај ангажманот на стручниот кадар од Секторот за АОП во имплементацијата учествуваат експерти од Конференцијата за трговија и развој на Обединетите нации – UNCTAD[11] и ММФ[12]

Во втората половина на 1997 година се тестираше увозниот ЕЦД, исто така на царинската испостава Аеродром Скопје. По успешното тестирање, од 1 јануари 1998 година воведено е увозно царинење во Асикуда системот. До крајот на 1998 година се комплетира поврзувањето на сите внатрешни испостави. Во системот се поврзани 23 локални сервери со 400 персонални компјутери на царинските службеници и 400 шпедиции. Во Секторот за АОП во функција е централен сервер на кој на дневна основа се собираат податоците од локалните сервери наменети за натамошна статистичка обработка и анализа. За потребите на царината и други владини институции подготвени се 300 дефинирани извештаи. До НБРМ и Државниот завод за статистика на месечно ниво се доставуваат податоци од царинските декларации. Во овој период направени се неколку надградби на постоечкиот софтвер.

[10] Automated SYstem for CUstoms DAta – ASYCUDA++

[11] United Nations Conference on Trade and Development – UNCTAD

[12] Меѓународен Монетарен Фонд

# ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО ПЕРИОДОТ 1998-2003 ГОДИНА

**Карактеристично за овој период е масовно склучување на договори за слободна трговија и зачленување во релевантни меѓународни организации, реорганизација на Царинската управа и поставување на зачетоци на царинското разузнавање, анализа на ризик и мобилни тимови, како и на основите за натамошно јакнење на интегритетот на царинските службеници.**

Директор на Царинската управа од 18 февруари 1999 до 4 ноември 2002 година е Драган Даравелски

## ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА

### Царински закон

Во април 1998 година е донесен **Царинскиот закон**[13], со што, истовремено престанаа да важат Законот за царините[14], Законот за Царинската управа[15] и Законот за слободните и царинските зони.[16] Со овој закон се уредуваат царинската постапка, правата и обврските на учесниците во царинската постапка, како и делокругот, начинот на работа и организацијата на органот на управата надлежен за работите од областа на царините (Царинската управа). Одредбите за делокругот, начинот на работа и организацијата на Царинската управа почнаа да се применуваат од 1 јануари 1999 година, а останатите одредби од 1 април 2000 година. За разлика од претходниот период кога под царинска декларација се подразбираше само пишан документ, сега царинската декларација претставува и компјутерска порака, електронски потпис и дознака за поддршка на документи. Исто така, наместо досегашната„пријава за увоз и провоз на стоки", воведена е „елементарна декларација", а евиденцијата на царински декларации се води во електронски контролник. Позначајна измена претставува и напуштање на поделбата на царинската постапка во зависност од превозното средство (царинска постапка во железнички, патен, воден и воздушен сообраќај). Покрај вообичаената постапка за пополнување на царинска декларација, со Царинскиот закон **за прв пат се дефинира и поедноставената постапка**. Постапките за царинско складирање,

Ќафасан

Граничниот премин Ќафасан се наоѓа на илјада и шеесет метри надморска височина, на висорамнина која се наоѓа на границата помеѓу Република Македонија и Република Албанија. Од историјата на местото, интересен е податокот дека оттука поминувале сојузничките војски, кога за време на Првата светска војна се повлекувале преку Албанија во Грција, бегајќи од австроунгарските и германските сили. По Втората светска војна, Ќафасан функционира како граничен премин, а неговите почетоци, како единствен официјален премин со Албанија, со изградена инфраструктура, датираат некаде од почетокот на 70-те години. Во новинарски запис за преминот од 1973 година, вака се опишани условите во кои работел преминот во тој период: „Прометот е слаб. Само неколку возила поминуваат дневно. Поголем дел од возилата се дипломатски. Мошне ретко поминува по некој камион. Ова е разбирливо поради приликите кои владеат во Албанија». Од почетокот на деведесеттите години на минатиот век фреквенцијата на преминот бележи забележителен раст.

13 „Сл. весник на РМ" бр. 21 од 8 мај 1998 година
14 „Сл. весник на РМ" број 20/93, 63/95 и 15/97
15 „Сл. весник на РМ" број 25/92
16 „Службен лист на СФРЈ" број 3/90

увоз на стока за производство наменето за извоз, преработката под царински надзор, привремен увоз и извоз на стоки заради облагородување се дефинирани како **постапки со економски ефект**, за кои одлучува царинскиот орган и може да побара соодветен инструмент за обезбедување доколку стоката подлежи на плаќање на царина. Определени се и одредбите за **царинска зона** и се дефинирани постапките за царинење на стока во зоната. Се воведува дефиниција на **царински долг,** како и постапките за пресметка и наплата на царинскиот долг.

Во 2002 година се донесени измените на **Царинскиот закон** се кои се воведе можност за размена на податоци во електронска форма. Извршени се измени со кои посебните давачки кои се плаќаат при увоз на земјоделски и прехранбени производи се заменети со увозни оптоварувања кои произлегуваат од земјоделската политика или оптоварувања кои произлегуваат од специфични договори коишто се однесуваат на одредени стоки кои се резултат на преработка на земјоделски производи. Дотогашното Уверение за распоредување на стока се замени со **Задолжителна тарифна информација** и за прв пат се воведе **Задолжителна информација за потекло**, кои ги издава Царинска управа на барање на подносител. Извршена е измена на дефинициите за царина и укинат е поимот царински контингент, а воведен е **повластен тарифен третман** кој започна да се применува со стапувањето во СТО. Извршена е измена на методите за утврдување на вредноста на стоката за царински потреби.

Во овој период е продолжен процесот на преговори за зачленување во СТО. Паралелно со процесот на преговори за зачленување во СТО, Република Македонија ги прави потребните реформи за усогласување со стандардите на СТО во надворешно-трговскиот режим, царинскиот систем, фискалниот систем, како и други измени на постоечката и донесување на нова законска регулатива. Во процесот на преговорите од посебно значење се билатералните преговори на Република Македонија со одделните земји или групации на земји кои имаат трговски интерес, а се однесуваат на царинските стапки, заштитата на земјоделските производи и производите од текстилната индустрија, услужниот сектор и заштитата на правата од интелектуална сопственост. **На 4 април 2003 година Република Македонија и официјално станува 146-та членка на СТО.** Зачленувањето во СТО значеше прилагодување на надворешно-трговскиот и вкупниот економски систем со обврските на трите спогодби кои воедно претставуваат три столба на СТО: **Општата спогодба за царини и трговија – GATT од 1994, Општата спогодба за трговија со услуги – GATS и Спогодбата за трговските аспекти на правата од интелектуална сопственост – TRIPS**. Пристапувањето во СТО наметна измени во царинскиот систем и на нивото на царинската заштита. Со нив се опфатени степенот на либерализација на пазарот на земјоделски и индустриски производи од аспект на царинската заштита и други увозни давачки, согласно обврските од преземените царински концесии и Договорот за земјоделство, како и прилагодувањата согласно Спогодбата за царинска вредност и Спогодбата за потекло на стоките од GATT од 1994. **Висината на**

### Деве Баир – Ридот на камилите

Деве Баир, од античките времиња до денешен ден, претставува погоден стратегиски и економски привлечен патен правец, преку кој Балканот и Европа се поврзувале со Блискиот исток и Азија. Во времето на Отоманското Царство и турското владеење на овие простори, патот од Скопје до Крива Паланка – Деве Баир, преку Софија до Цариград, бил користен од трговски карвани, печалбари, патеписци, војсководци и императори како најкраток пат. По овој пат и премин во 1030 година поминал Стефан Дечански, враќајќи се од војните водени во Велбужд, денешен Ќустендил. Во 1389 година оттука влегле војските предводени од турскиот султан Мурат, а во два наврати, преку Деве Баир патувал и турскиот везир Мехмед Паша. Тогаш и ја увидел големата важност и значењето на овој патен правец и планински премин. За време на Втората светска војна, преку преминот, прво влегле германските, а по нив и бугарските окупаторски војски. Од 1945 до 1948 година овој премин функционирал како меѓудржавен. Со познатите настани од 1948 година, Деве Баир е затворен, а повторно профункционирал во 1956 година. Во овој период, граничниот премин го носел називот Крива Паланка сè до 1967 година, кога е преименуван во Деве Баир. Според народните преданија, називот потекнува од турските зборови „дева“, што во превод значи камила, и „баир“, што означува рид или дел од планина. Сегашната локација на граничниот премин Деве Баир се наоѓа на 2,5 километри јужно од стариот премин, на местото наречено Рамна Нива, на надморска височина од околу 1.200 метри.

**царинската заштита е содржана во Понудата на стоки или Царинска тарифа која во рамки на преоден рок од 10 години, односно до 2012 мора да се намали за 58%, односно просечната непондерирана царинска стапка од 15,14% да се намали на 8,78%, што претставува висок степен на либерализација на пазарот**. Во рамки на надворешно-трговската размена влегуваат и обврски кои се поврзани со нецаринските бариери и можноста за примена на заштитни мерки, како и други дополнителни прашања кои за прв пат биле опфатени во GATT од 1994. Во оваа група спаѓаат: Спогодбата за увозни дозволи, Спогодбата за технички бариери, Спогодбата за санитарни и фитосанитарни мерки, Спогодбата за субвенции и компензаторни царини, Спогодбата за антидампинг мерки, Спогодбата за заштитни мерки и Спогодбата за трговските аспекти на инвестициите.

Од јануари 2000 година започна да се применува **Договор за слободна трговија со Бугарија**, со кој е предвидено целосна либерализација за увозот на индустриските стоки да настапи во 2005 година, а за увозот на земјоделските производи се предвидени тарифни квоти. **Договорот за слободна трговија со Турција** започна да се применува од септември 2000 година и предвидува целосната либерализација на индустриските стоки да започне во 2008 година, а увозот на земјоделски стоки е во рамки на квоти. **Договорот за слободна трговија со Украина** стапи во сила во септември 2001 година. Целосната либерализација на индустриските стоки започна во 2010 година, а увозот на земјоделски стоки е во рамки на квоти. Во јули 2002 година започна да се применува **Договорот за слободна трговија со Босна и Херцеговина**. Ова беше прва земја со која Македонија воведе целосна либерализација за увозот на сите стоки. Ова значеше прилив на огромени количини на стоки со потекло од БиХ без плаќање на царина. Набрзо, во јули 2002 година започна да се применува **Договорот за слободна трговија со Албанија**. Согласно овој договор целосна либерализација на сите индустриски стоки започна да се применува од 2007 година. За земјоделските стоки се предвидени тарифни квоти. **Во мај 2002 година започна да се применува Договорот за слободна трговија со ЕФТА државите**. Целосната либерализација на увозот на индустриските стоки настапи во 2011 година, а земјоделските стоки подлежат на увоз во рамки на квоти. Во овој период се применува билатерална кумулација со ЕФТА државите.

Во јуни 2001 година **стапи во сила Времената Спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европските заедници**, како дел од ССА[17]. Со ССА започна да се применува потеклото на стоки двострано и почна да се применува увоз на стоки со потекло од ЕУ. Целосната либерализација на индустриските стоки настапи во 2011 година. Земјоделските стоки се дефинирани во повеќе листи во кои има укинување и намалување на царинските стапки, а одредени стоки подлежат на квоти. Во почетокот се применува билатерална кумулација, а како докази за потекло се предвидени уверение за движење ЕУР-1 и изјава во фактура.

Во март 2006 година Република Македонија пристапи кон **Меѓународната конвенција за привремен увоз (Истанбулска конвенција)**, која ги замени претходните конвенции од оваа област.

Делчево – „Арнаутски гроб“

Граничниот премин Делчево бил официјално отворен во 1956 година, како малограничен премин. Првиот назив на местото е „Арнаутски Гроб“, по преданието за некогаш убиениот арнаутин кој бил закопан на ова место. Вистинитоста на ова предание излегла на виделина со градењето на новиот премин, кога гробот бил пронајден. Арнаутинот бил закопан во седечка положба, со вкрстени нозе. Историјатот на местото говори дека, за време на Втората светска војна, тука поминувал еден од главните правци, преку кој, во земјава, влегувале германските и бугарските војски. Овој премин, тие го користеле и при нивното повлекување на крајот на војната. Во 1980 година бил отворен преминот со нова градба, а набргу потоа и го добил името Делчево. Од 1983 до 1986 година преминот функционирал само преку ден. Иако нашите цариници работеле во 24 часовни смени, границата од бугарска страна била затворена преку ноќ.

## Царинска тарифа

Во 1998 година донесени се измени на Законот за Царинска тарифа со кои е **исклучен членот за единствена царинска давачка во висина од 15% која се применува за увоз на стоки од физички лица**. Оваа одредба е вметната во Царинскиот закон.

17 Спогодба за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји-членки

Пристапувањето во СТО резултираше со донесување на нов Закон за Царинска тарифа. Со овој закон значително се намалија царинските стапки, се укина поедноставеното распоредување на резервните делови во тарифниот број на готов производ, се воведе обврска за усогласување на царинската тарифа со обврските од Протоколот за пристапување кон СТО и обврска за усогласување на царинската тарифа согласно Законот за ратификација на Конвенцијата за хармониозиран систем на имиња, шифри и ознаки на стоките. Согласно овој протокол многу царински стапки се намалуваат постепено. Процесот на намалување на царинските стапки заврши во 2012 година.

## ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

Со склучувањето на ССА во 2001 година, Република Македонија го започна процесот на приближување на националниот царински систем кон оној на ЕУ. Во 2002 година се реализираше **Проектот за интегрирано гранично управување PHARE 2000**, при што се инсталирани статички детектори за радијација на осум најфреквентни гранични премини и беа набавени возила за потребите на Секторот за контрола и истраги. Од 2003 до 2008 година во рамките на програмата CARDS се спроведе **Проектот за техничка поддршка за осовременување и развој на царинската служба** преку мисијата на CAFAO-MAC во Република Македонија. Мисијата обезбеди техничка помош за преиспитување на организацијата, развивање на стратешки деловен план и изготвување на царинското законодавство според стандардите на ЕУ, развојот на Секторот за контрола и истраги, Секторот за човечки ресурси, како и на развивање и опремување на интерен центар за обуки, информатичка опрема и царинската лабораторија. Во периодот од 2002-2004 година, во рамки на програмата CARDS беше обезбедена техничка помош за **воведување на интегрираното гранично управување.**

Во периодот од 1994 до 1998 година Царинската управа учествуваше во програмата PHARE PCU (Program Coordination Unit) со седиште во Љубљана, Република Словенија, во која учествуваа и земјите кандидати за членство во ЕУ. Оваа програма имаше за цел да ги подобри оперативните и институционални капацитети на Царинските управи за членство во ЕУ, а посебни активности се спроведуваа во областите на обуките, автоматската обработка на податоци, хармонизацијата и модернизацијата на постапките и др.

Во периодот од 1993 до 2000 година Царинската управа користи техничка помош од ЕУ преку организацијата Eurocustoms, со што почна приближувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ. Во овој период е подготвено царинското законодавство донесено во 1998 година, воведен е ЕЦД, осовременување на повеќе царински постапки (привремен увоз, привремен извоз, увоз за облагородување и др.), како и усогласување во делот на царинската вредност, царинската лабораторија, потеклото на стоки и др.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И НАДЛЕЖНОСТИ

### Организација

Царинската управа во овој период го менува правниот статус. Имено, согласно Царинскиот закон донесен во април 1998 година, **Царинската управа веќе не е самостоен орган на државната управа, туку орган во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице**, со кој раководи директор што го именува Владата на Република Македонја. Во пракса тоа значи дека директорот веќе нема надлежност да донесува подзаконски акти, туку тоа се пренесува на министерот за финансии.

Според новиот **Правилникот за систематизација на работите и задачите на Царинската управа** вкупниот број на извршители треба да е 1.043, од кој во Царинска управа 211 и во царинарниците 832. На крајот на 1999 година вкупниот број на вработени во Царинската управа изнесува 763.

Во април 1999 година министерот за финансии донесе нов **Правилник за организација и работа на Царинската управа** и нов **Правилник за систематизација на работите и задачите на**

**Царинската управа**. Со овој Правилник за организација и работа се воведува нов територијален опфат на царинарниците, за прв пат на ниво на сектор е поставена функцијата на контрола и истраги со посебни одделенија и служби за разузнавање и мобилни екипи, одделение за комуникација со правосудни органи и органи на прогон кое ќе обезбедува насоки за работа на царинарниците при откривањена кривични дела и прекршоци и нивно застапување пред правосудните органи. Со цел усогласување со **Законот за државни службеници**,[18] во февруари 2001 година е донесен нов Правилник за организација и работа и Правилник за систематизација на работите и задачите на Царинската управа. Работата на Царинската управа, царинарниците и секторите ја координира државен советник, кого го назначува Владата на Република Македонија, а со секторите раководат раководители на секторите. **Во февруари 2003 година е донесен нов Правилник за организација и работа**, според кој организационата поставеност на Царинската управа изгледа како што следи:

| ЦАРИНАРНИЦИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Царинарница Гевгелија** | **Царинарница Куманово** | **Царинарница Штип** | **Царинарница Битола** | **Царинарница Скопје** |
| ЦИ ЖС Гевгелија | ЦИ Куманово | ЦИ Штип | ЦИ Меџитлија | ЦИ Скопје |
| ЦИ Богородица | ЦИ Табановце автопат | ЦИ Делчево | ЦИ Аеродром Охрид | ЦИ Терминал увоз Скопје |
| ЦИ Дојран | ЦИ ЖС Куманово | ЦИ Велес | ЦИ Пошта Битола | ЦИ Терминал извоз Скопје |
| ЦИ Струмица | ЦИ Пелинце | | ЦИ Стење | ЦИ Консигнација и саем |
| ЦИ Ново Село | ЦИ Деве Баир | | ЦИ Блато | ЦИ Аеродром Скопје |
| ЦИ Кавадарци | | | ЦИ Св.Наум | ЦИ Пошта Скопје |
| ЦИ Слободна зона Фени | | | ЦИ Струга | ЦИ ЖС Трубарево |
| | | | ЦИ Прилеп | ЦИ ЖС Волково |
| | | | ЦИ Охрид | ЦИ Блаце |
| | | | ЦИ Ќафасан | ЦИ Јажинце |
| | | | | ЦИ Стенковец |
| | | | | ЦИ Тетово |
| | | | | ЦИ Миладиновци |

| ЦЕНТРАЛНА УПРАВА | |
|---|---|
| **Кабинет на директорот** | |
| **Дежурен оперативен центар** | |
| **Сектор за царинско правни работи** | **Сектор за меѓународни, организациони, кадровски, финансиско материјални и имотно правни работи** |
| Одделение за царински и даночни постапки | Одделение за меѓународна соработка, проекти и европска интеграција |
| Одделение за анализа на ризик | Одделение за инвестиции, одржување и обезбедување на објекти, опрема, возен парк и општо технички работи |
| Одделение за прекршочни, кривични и управни работи и застапување пред правосудни и други органи | Одделение за финансиско материјално работење и имотно правни односи |
| Одделение за тарифа, вредност, потекло и царинска лабораторија | Одделение за организациони, кадровски и општи работи |
| Служба за аналитика и статистика | Одделение за стручно оспособување и информативна дејност |
| **Сектор за контрола и истраги** | Одделение за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи |
| Одделение за разузнавање | |
| Одделение за истраги | **Сектор за информатика** |
| Одделение за мобилни тимови | Одделение за продукција и статистика |
| Одделение за контрола и ревизија | Одделение за организација, развој и методи |
| Дежурна служба | |
| Служба за аналитика и статистика | |
| **Сектор за професионална одговорност** | |
| Одделение за внатрешни истраги | |
| Одделение за внатрешни инспекции | |

18 „Сл.весник на РМ" бр.59/2000 од 22 јули 2000 година

Карактеристично за овој период е што се воведуваат Сектор за контрола и истраги со Одделение за разузнавање, Одделение за анализа на ризик и Одделение за мобилни тимови, Сектор за професионална одговорност со Одделение за внатрешни истраги и Одделение за внатрешна инспекција, како и други нови организациони единици. Се формираат 5, наместо претходните 3 царинарници, а се формираат и нови внатрешни царински испостави.



*Амблем од 1998 година*

Со промената на статусот на Царинската управа како правно лице кое е во состав на Министерството за финансии, во септември 2003 година е донесен нов **Правилник за службената облека, формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација на царинските службеници.** Службената облека за царинските службеници со новиот правилник не предвидува големи промени во деловите од униформите. За основна боја се задржува темно тиркизната, а белата боја е предвидена за зимската и летната кошула (машка и женска). Другите делови од службената облека стануваат исти. Промени има кај службените ознаки. Од постоечките пет воведени се три нови службени ознаки и тоа: службена ознака за советник на директор и помошник на директор на сектор, за заменик директорот на Царинската управа и за директорот на Царинската управа.



Службени ознаки за советник и помошник директор, заменик на директор и директор согласно Правилникот од 2003 година

## Надлежности

Согласно Царинскиот закон до 1998 година, Царинската управа е надлежна за вршење на контрола врз стоката, лицата и возилата кога влегуваат, транзитираат или ја напуштаат територијата на Република Македонија, пресметка и наплата на царини, прелевмани, даноци, акцизи и други давачки утврдени со закон во надворешно-трговскиот промет, водење на управна постапка по царински предмети, девизно-валутна контрола во меѓународен патнички и пограничен прометот со странство, спречување и откривање на царински прекршоци и поведување на постапка по истите пред надлежен суд, подготвување на нормативни акти од областа на царинското работење, примена на прописите од областа на надворешно-трговското работење, обезбедување податоци за извоз и увоз за реализација на статистички истражувања, организирање на царинскиот информациониот систем на начин што овозможува размена, следење и стандардизирање на податоци со државни институции во и надвор од земјата и други работи утврдени со закон.

# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

## Статус на вработените

Со **Правилникот за систематизација на работите и задачите на Царинската управа** од 2001 година за прв пат се дефинираат три групи на вработени во Царинска управа и тоа: работници кои немаат статус на државни службеници, униформирани царински службеници и царински службеници со посебни должности и овластувања и државни службеници. **На крајот на 2003 година вкупниот број на вработени во Царинската управа изнесуваше 876.**

Со цел уредување на правата и обврските на вработените, во почетокот на 1999 година помеѓу синдикатот на царинската служба и директорот на Царинската управа е потпишан Колективен договор. Во рамките на Колективниот договор е потпишан и царинскиот кодекс кој по принципот на транспарентност е истакнат во секоја организациона единица во службата, а со чие почитување се очекува дека во значителна мера ќе се подобри работната дисциплина и етичноста во службата како

клучни индикатори при градењето на нејзиниот имиџ.

Во 1999 и 2000 година, во рамки на програмата PHARE на ЕУ е извршена реконструкција на простории во зградата на Царинската управа во мини центар за обука, по што веднаш се почна со нивно користење за обука на царинските работници.

## Интегритет

По пет години од донесувањето на Аруша декларацијата, во 1998 година СЦО донесе Етички кодекс кој требаше да биде имплементиран од сите царински администрации на земјите членки на СЦО. Исто така, донесени се и дисциплинско етички стандарди на однесување каде се наброени сите активности на царинските работници со кои се смета дека е направена повреда од дисциплинско етички карактер. Истите се објавени во **Прирачник за работна дисциплина и етика за едукација на царински работници**, во јуни 1998 година. Согласно препораките на СЦО Царинската управа на Република Македонија донесе дисциплинско етичките принципи (десет принципи) кои се јавно истакнати на влезовите на сите царински испостави.

ЦАРИНСКИ КОДЕКС

1. Вработените ќе се однесуваат согласно Законските и подзаконските прописи кои се применуваат при вршењето на работите на работното место и утврдената генерална политика на Царинската управа.
2. Вработените нема да бидат инволвирани во финансиски интереси или трансакции, во дејствија кои според Законот претставуваат кривични дела направени во работата или во врска со работата, посебно да бидат имуни на давање на поткуп и примање на поткуп, спротивно на интересите на Царинската управа.
3. Вработените во меѓусебните односи и во контактите со трети лица нема да ги злоупотребуваат службените простории, опремата и средствата за работа.
4. Во контактите со трети лица, било да се од јавен или приватен сектор, вработените ќе имаат стандарден, унифициран пристап, со еднакво коректен однос, без давање на било какви приоритети на одделни странки.
5. Вработените ќе се воздржуваат од политичко организирање и дејствување во рамки на службата.
6. Вработените нема да вршат дејсности ниту ќе бидат вклучени во други задолженија и активности, надвор од службата, спротивно на нивните работни задолженија.
7. Вработените нема да толерираат, односно ќе откриваат и пријавуваат со посебно внимание секакви злоупотреби, криумчарења, даночни затајувања, измами и опасности, кои можат негативно да се реперкуираат на државните интереси и јавната безбедност.
8. Согласно со работните задолженија вработените ќе го чуваат својот углед, угледот на раководителите и угледот на Царинската управа.
9. Вработените нема да се однесуваат спротивно на принципите за расна, верска, полова или национална толерантност.
10. Вработените со истакната грижа ќе го заштитуваат културното наследство.

Врз основа на препораките на DG TAXUD[19] од 1999 година, во јануари 2003 година е формиран **Сектор за професионална одговорност** - СПО[20]. СПО врши внатрешна контрола врз сите функции во секторите и царинарниците во Царинската управа и тоа од аспект на спроведување на работните активности во согласност со законите, пропишаните процедури, надлежности, работни задачи, права и одговорности, како и истражување на наводи за непрописно работење од страна на вработените. Овие активности имаат за цел превенција, утврдување и елиминирање на лошо однесување, измами, загуби, злоупотреба и погрешно раководење во рамките на сите организациони единици. СПО ќе биде стожер на борбата против корупцијата преку превентивно делување, детектирање и елиминирање на непрофесионално однесување, измами, загуби, злоупотреби, корупција, неправилно раководење и спречување на девијантни појави на однесување на вработените во Царинската управа. Со

[19] Генерален Директорат за царина и оданочување на Европската Комисија

[20] Сектор за професионална одговорност



Од св. Матеј па до денес секогаш се зборува дека цариниците се тие кои знаат сè, можат сè, имаат сè! Се зборува за нивниот личен и професионален интегритет. Причината е едноставна. Секојдневниот контакт со „талентираните“ луѓе, стоката која поминува пред очите на цариниците, можностите кои се на дофат доколку не се почитуваат законските прописи, овозможуваат учесниците во царинската процедура да дојдат во искушение да си го подобрат својот животен стандард на сметка на државата. Борбата на човекот со злото наречено корупција започнува од времето на првобитната заедница каде преку примитивните казни предвидени од племенските старешини се одело кон чистење на заедницата. Потоа тој напор се согледува во организираниот државен систем на античката држава, средновековните постулати, но и во десетте божји заповеди дефинирани во Библијата, па сè до денешните правно оформени нормативи на кодекси, закони или правилници за етичко однесување.

воспоставувањето на отворената телефонска линија – 197, СПО почнува да постапува согласно класифицираните информации на начин што изготвува службени информации, службени белешки и извештаи врз основа на објективно собраните факти и докази за наводите за сторена дисциплинска повреда, како и за сторена злоупотреба на службените должности. При спроведувањето на овие активности строго се води сметка за моралниот интегритет на личноста на царинскиот службеник без да бидат загрозени човечките права.




На 27 ноември **2003 година Царинската управа ја промовираше отворената телефонска линија 197**, наменета за бесплатно и анонимно јавување на граѓаните за било какви проблеми поврзани со царината, шверц на дрога, оружје, сива економија, мито и корупција на царината. Отворањето на телефонската линија е поврзано со отпочнувањето на работата на **Дежурниот оперативен центар** – ДОЦ на Царинската управа, кој е воспоставен како 24 часовен сервисен центар на граѓаните, кој работи во рамките на Секторот за контрола и истраги. ДОЦ започнува да работи на собирање на информации од отворената царинска линија, а примените информации се проследуваат до надлежните организациони единици во рамките на управата, но и до други надлежни државни органи како Министерство за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Управа за финансиска полиција, Државната комисија за спречување на корупција и Државниот пазарен инспекторат.

## КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ

### Селективност



Постојаното зголемување на обемот на промет на стока и патници, потребата од хармонизирање на царинските контроли со стандардите на СЦО и ЕУ, како и ограничените ресурси со кои располага Царинската управа, неминовно ја наметнаа потребата од користење на соодветни системи и методи на работа кои ќе обезбедат целосна заштита на приходите и целосно спроведување на законските забрани, одредби кои се однесуваат на количинско ограничување

или забрана за увоз на одредени видови стоки, со истовремено поедноставување и забрзување на легитимната трговија. Согласно со препораките на Светската банка за обнова и развој, **во 2001 година се извршени соодветни подготовки и тестирања во врска со имплементирањето на селективноста во МАКЦИС**. Согласно со постоечката царинска регулатива во електронскиот систем на селективност дефинирани се и имплементирани локални, регионални и државни критериуми за селективност. Оформени се листи на селективност по тарифен став, земја на потекло, увозник, како и други показатели кои можат да го претстават ризикот при царинската постапка. Воспоставен е систем на вредносна контрола на стоките како параметар за селективност. Дефинирана е одговорноста на секој од учесниците во процесот на селективност. Утврден е процентот на случајна и однапред дефинирана селективност. Селекцијата се врши преку воспоставување на систем на канали (линии) наименувани: „црвен канал“ со задолжителен физички преглед на стоките и документарен преглед на декларацијата, „жолт канал“ со задолжителен документарен преглед на декларацијата, „син канал“ за дополнителна контрола на стоките (стоки со помал ризик или брзо расипливи стоки) и „зелен канал“ без документарен и без физички преглед на стоките со низок ризик. Во септември 2002 година во царинската испостава Куманово успешно беше завршен пилот проектот за воведување на анализа на ризик во царинското работење, по што следеше воведување на овој модул во сите внатрешни испостави. Во текот на 2003 година спроведувањето на царинската постапка со методот на анализа на ризик е овозможено во шест царински испостави: Куманово, Велес, Кавадарци, Охрид, Струга и Скопје Терминал-увоз. Од крајот на 2004 година во сите внатрешни испостави се спроведува анализа на ризик.

## Царинска контрола

Директор на Царинската управа од 2 декември 2002 до 17 декември 2004 година е Љубомир Михајловски

Во овој период царинска контрола беше насочена кон превентивна контрола на документи и стока во царинските испостави и во фирми, откривање на криумчарена стока, царински и девизни прекршоци, како и откривање на дрога и прекурсори со помош на специјално обучени кучиња. Царинската управа учествуваше во разни проекти (PHARE, SECI, RILO и сл.), што овозможуваше подобрување на постапките, методологиите и опремата за откривање на криумчарена стока, царински и девизни прекршоци на граничните премини и во внатрешноста на државата. Во овој период започнуваат да се развиваат разузнавачките активности и мобилната царинска контрола.

Со цел зголемување на ефикасноста во борба против организираниот криминал и нелегалната трговија со дрога **воспоставена е активна соработка со Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за разузнавање, како и со други органи и институции.**

Во јули 1996 година Уставниот суд на Република Македонија го прогласи членот 307 од Законот за царините за неуставен, од причина што органите на државната управа во рамките на своите овластувања кои непосредно ги извршуваат и применуваат законите и вршат управен надзор, не се овластени да водат одредена казнена постапка против граѓаните и да изрекуваат санкции за сторени казниви дела. Врз основа на ваквиот став на Уставниот суд на Република Македонија со Царинскиот закон од 8 мај 1998 година прекршоците преминуваат во надлежност на судовите, по што незавршените прекршочни предмети им беа отстапени на Основните судови.

Од неговото формирање во 1999 година, Република Македонија е член на Регионалниот **SECI Центар за борба против прекуграничниот криминал**[21], со седиште во Букурешт. Центарот започна со работа во 2000 година. Во работата на центарот учествуваат 13 држави членки: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Унгарија, Молдова, Македонија, Романија, Србија, Словенија, Турција и Црна Гора. Во неговата работа учествуваат и 15 држави како набљудувачи, како и повеќе меѓународни организации и институции. Основна цел на центарот е преку заедничка соработка, со непосредна и директна размена на податоци, информации и документи од оперативна природа помеѓу царинските и полициските служби, да се даде поддршка и да

[21] Southeast European Cooperative Initiative – SECI

се подобри борбата против сите видови на прекуграничен криминал. Од декември 2011 година СЕКИ центарот се реорганизира и преименува во Центар за спроведување на законите во Југоисточна Европа - SELEC[22]. Во 2003 година на Царинската управа ѝ е овозможен пристап до **CEN (Customs Enforcement Network)** базата на информации на СЦО, а која се искористи за царински разузнавачки цели. Во оваа база има информации за сите заплени на наркотични средства, цигари, оружје, кои земјите членки на СЦО ги имаат доставено. Воспоставени се врски со RILO (Регионална разузнавачка канцеларија за врски) и на почетокот на 2003 година од Одделението за разузнавање се назначени лица за контакт, со што е овозможена побрза размена на информации за потребите на царинската служба.

## ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА

### ИКТ поддршка

Во текот на 1999 година воспоставени се компјутерски мрежи на пофреквентните гранични премини (Табановце, Богородица, Меџитлија, Деве Баир и Блаце) и истите се поврзани кон МАКЦИС. Во текот на 2000 година започна поврзување на граничните премини и електронско поднесување на транзитни документи (Т1 и ТИР). За таа цел поврзани се сите шпедиции на граничните премини. Бројот на надворешни корисници се зголеми на околу 500 (шпедиции, аеродромски претпријатија, железница, пошта, брзите пошти). Извршена е комплетна автоматизација на царинската постапка од поднесувањето на документи до евиденцијата на извршеното плаќање. Овозможена е компјутерска поддршка (комуникација со Завод за платен промет) за централизирање и контрола на наплатата на царинските и другите давачки.

Во текот на 2001 година како владин контролен орган во системот МАКЦИС беше вклучена и Управата за јавни приходи – УЈП. За инспекциските служби од УЈП беше овозможен далечински пристап до извештаи и царински декларации. Согласно основниот договор меѓу Република Македонија и силите на НАТО/КФОР беше пропишана постапка за НАТО документацијата и електронска евиденција на НАТО сертификати при транзит, увоз и извоз.

Кон крајот на 2002 година царинската служба го користи царинскиот информационен систем во 31 царинска испостава, во регионалните и централните служби. Околу 400 царински службеници, евиденцијата на најважните податоци од царинските документи и царинските книги за контрола на работењето, ја водат во рамки на овој систем. Директни учесници во системот се и Јавното претпријатие за аеродромски услуги, Македонски железници и Македонска пошта. Тие ги доставуваат, по електронски пат, податоците за стоките кои се царинат и имаат можност да извршат увид за текот и статусот на царинската постапка. На сличен начин учествуваат и брзите пошти (DHL, UPS). Бројот на надворешни учесници во МАКЦИС е околу 600. Корисници на податоците од МАКЦИС се министерствата за економија, финансии, земјоделство и здравство, како и Народната банка, Заводот за статистика, Управата за јавни приходи, Стопанската комора, Македонија сообраќај и други. Сите директни учесници и корисници имаат на располагање голем обем на релевантни податоци за царинење на стоки поврзани со царинската тарифа, царинските прописи, како и според спогодбите за слободна трговија. Кон крајот на 2003 годината се автоматизираше и постапката за доделување на тарифни квоти со изработка на софтвер за распределба и евиденција на квоти по принципот „прв дојден – прв услужен“.

### Транспарентност

Согледувајќи ја потребата за издавање на стручно списание од областа на царинското работење, во декември 2001 година беше објавено **промотивното издание на весникот „Цариник“**. Според карактерот и основната концепција весникот „Цариник“ е стручно списание од областа на царините во кој се разработуваат теми од реформите на царинскиот систем, царински постапки, царинска вредност на стоките, потекло на стоките, ДДВ и акцизи, царинска тарифа и распоредување на стоки во тарифни ознаки, царинска лабараторија, спогодби за слободна трговија, царинско-управна и судска практика, царинска контрола, истраги и разузнавање, контакт-интервјуа со стопанските субјекти и нивните

22 South European Law Enforcement Center – SELEC

законски застапници во царинската постапка, прашања и одговори, важни настани во Царинската управа, значајни информации од секојдневието на царинските службеници. Првиот број на весникот излегува во јануари 2002 година, со тираж од 3.000 примероци, на 30 страни.

**Во декември 2001 година направен е пилот портал (во Microsoft Front Page), односно првата интернет страница на Царинската управа (www.customs.gov.mk) на која се поставени 40-тина документи од интерес за јавноста и деловната заедница.**

# ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО ПЕРИОДОТ 2004-2006 ГОДИНА

**Периодот од 2004 до 2006 година го обележуваат донесувањето на нов, модерен Царински закон во голем дел усогласен со царинското законодавство на ЕУ, заедно со придружните подзаконски акти, како и повторното донесување на Закон за Царинската управа. Особено е важно донесувањето на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, со кој се создаде правна рамка за дејствувањето на Царинската управа при увоз и транзит на фалсификувана стока.**

## РЕГУЛАТИВА

### Царински закон

Во **2005 година** е донесен нов **Царински закон** со кој се врши усогласување со царинското законодавство на ЕУ. Овој закон претставува прв чекор кон создавање на предуслови за воведување на стандардите и принципите по кои работат царинските служби во ЕУ. Со овој закон се развива селективноста и поедноставените постапки согласно Ревидираната Кјото Конвенција[23]. Се дефинира улогата на застапниците во царинската постапка и се воведува условот за полагање на испит за стекнување на лиценца на застапникот. Се либерализира постапката на увоз за облагородување согласно Истанбулската конвенција[24]. Се воведува концептот на автономни мерки за намалување или укинување на увозните давачки. Овие новини имаат за цел на македонските економски оператори да им овозможат да ги уживаат истите погодности кои ги имаат компаниите од земјите на ЕУ. Со овој Царински закон дел од царинските прописи се усогласени со царинските проописи на ЕУ. Имено, законот предвидува воведување т.н. поедноставени царински постапки (меѓу кои **локално царинење** каде што фирмите, врз основа на одобрение од Царинската управа, можат увозното и извозното царинење да го вршат 24/7 во своите простории наместо на царински терминали, **овластен примач и испраќач** (што е поволно за царинење на т.н. збирни пратки), како и уредени **царински постапки со економски ефект** (увоз и извоз за облагородување, царинско складирање) и др. Во овој период е донесен **Законот за царински мерки за заштита на права на интелектуална сопственост**. Според законот, имателите на трговски марки или нивни застапници регистрираат кај Царинската управа барања за царинска заштита на нивните производи и соработуваат со Царинската управа на подготовка на системот за откривање и спречување увоз и транзит на фалсификувана стока и зголемување на јавната свест за штетните последици од употребата на фалсификувани стоки. Во овој период Царинската управа започна со регистрација на вакви барања и ги реализираше првите акции на заплена на фалсификувана стока.

Во овој период продолжи склучувањето или стапувањето во сила на договори за слободна трговија. Од јануари 2004 година започна да се применува Договорот за слободна трговија со **Романија**. Согласно овој договор целосна либерализација на сите индустриски стоки започна да се применува од 2008

23 The International Convention on the Simplification and Harmonization of Customs procedures (Revised Kyoto Convention), донесена од СЦО во 1999 година, стапи на сила во 2006 година

24 Convention relating to temporary admission (Istanbul Convention), донесена од СЦО во 1990 година, стапи на сила во 1993 година

година. Одредени земјоделски стоки се со делумно намалени стапки и одредени производи подлежат на квоти. На 1 април 2004 година почна да се применува Спогодба за стабилизација и асоцијација со **Европските Заедници**. Во оваа спогодба е земено предвид зголемувањето на бројот на земји членки на Европска унија од 15 на 25. Договорот за слободна трговија со Словенија автоматски престана да важи со приемот на Словенија во ЕУ. И понатаму во оваа спогодба се применува билатерална кумулација. Во јануари 2005 година започна да се применува Договор за слободна трговија со **Молдова**. Согласно овој договор целосна либерализација на сите индустриски стоки започна да се применува од 2010 година. За земјоделските стоки се предвидени тарифни квоти. Привремениот договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и УНМИК (**Косово**) се применува од февруари 2006 година и од тој датум е воведена целосна либерализација за увозот на сите стоки со потекло.

На 1 јули 2006 година започна да се применува Договорот за пристапување кон Централно европскиот договор за слободна трговија (CEFTA). Бидејќи примената на овој договор започна и во Хрватска, Романија и Бугарија,престанаа да се применуваат договорите за слободна трговија со овие земји. Тогаш за прв пат почна да се применува дијагонална кумулација меѓу CEFTA земјите и беше воведена можноста за примена на дијагонална кумулација со потенцијалните партнери ЕУ, ЕФТА и Турција.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И НАДЛЕЖНОСТИ

### Надлежности

Во јули 2004 година е донесен нов **Закон за Царинската управа**[25]. Со овој закон се ставаат вон сила одредени членови од Царинскиот закон со кои се уредува организацијата и делокругот на работа на Царинската управа. Со новиот Закон за Царинската управа се уредува организацијата, делокругот на работа, начинот на вршење на работата и управувањето со Царинската управа, царинските надлежности, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на Царинската управа. Одредбите на овој закон ги уредуваат и специфичностите во правата, обврските и одговорностите на царинските службеници од работен однос, кодексот на однесување, наградите и признанијата, како и финансирањето на Царинската управа. Царинската управа работите од својот делокруг ги извршува преку централна управа и царинарници. Директорот на Царинската управа одлучува за вработувањето и распоредувањето на вработените во управата, а при одлучувањето треба да обезбеди правична и соодветна застапеност на сите заедници кои живеат во Република Македонија. За прв пат со овој закон се класифицираат работните места во зависност од службените задачи кои се извршуваат, и тоа во три групи и звања: раководни царински службеници, стручни царински службеници и административни царински службеници. Исто така за прв пат со овој закон се дефинираат условите за вработување на царинските службеници, постапката за вработување, начинот на спроведување на пробната работа, текстот на заклетвата кој што го даваат и потпишуваат новите царински службеници. Новиот закон ги пропишува обврските и должностите на царинските службеници, обезбедувањето на потребните услови за безбедност на работа и здрава работна околина, соодветните здравствени стандарди за вршење на работите, судирот на интереси, обврската за чување на службена, деловна и друга тајна,

Со законот се опишува симболот на Царинска управа кој е составен од средишна црвена лента со златно-жолта рамка, која ги симболизира граничните премини, а над неа и под неа има по три златно-жолти ленти, кои го симболизираат протокот на луѓе и стоки преку царинска линија. Во кружен облик стојат два натписа, во горниот дел стои „Република Македонија Царинска управа“, а во долниот дел стои „Царина – Customs“.

[25] „Сл. весник на РМ“ бр. 46/2004 од 12 јули 2004 година

загарантираните основни права на царинските службеници, прераспоредувањето, унапредувањето, работното време, одморот и отсуството, оценувањето на царинските службеници во текот на работењето, месечната плата, надоместоците, наградите и бонусите, бенефициите, следењето на напредувањето во кариерата, кодексот на однесување, дисциплинската и материјалната одговорност, престанокот на работниот однос, како и привременото отстранување од работа – суспендирање.

На крајот на 2004 година вкупниот број на вработени во Царинската управа изнесува 842.

## Организација

Во март 2004 година е донесен нов **Правилник за организација и работа на Царинската управа и Правилник за систематизација на работите и задачите на Царинската управа**, со кој се направени неколку позначајни измени: формирани се Одделение за меѓународна соработка, проекти и европска интеграција, Одделение за прекршочни, кривични и управни работи и застапување пред правосудни и други органи, Сектор за управување со човечки ресурси и Сектор за наплата на приходи, финансиско материјални и имотно правни односи. **Во септември 2004 година се формира нова организациона единица: Одделение за внатрешна ревизија.**

Во декември 2005 година е донсен нов **Правилник за организација и работа на Царинската управа** и нов **Правилник за систематизација на работите и задачите на Царинската управа**. Со овој **Правилник за организација и работа на Царинската управа** се укинува Дежурниот оперативен центар, а неговите надлежности ги презема Одделението за координација и комуникација при Секторот за контрола и истраги. Одделението за прекршочни, кривични и управни работи и застапување пред правосудни и други органи се преименува во Одделение за царинско-управна и прекршочна постапка и застапување пред судовите. Секторот за царинско правни работи се преименува во Сектор за царински систем. Службата за аналитика и статистика се укинува, а се формира ново Одделение за нетарифни мерки (покрај другото и за администрирање на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост). Во Секторот за контола и истраги формирани се седум одделенија и 3 служби. Секторот за информатика се преименува во Сектор за информатички и комуникациски технологии и формирани се три одделенија и три служби. Во рамките на царинарниците формирани се посебни служби за надзор на иматели на одобренија – **СНИО**, за администрирање на царинските постапки со економски ефект. Со измените на Правилникот за организација и работа на Царинската управа во царинарниците се укинати службите за општи и материјално-финансиски работи.

## МЕЃУНАРОДНА И МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

Во јуни 2005 година 166 земји членки на СЦО, меѓу кои и Република Македонија ја усвоија **Рамката на стандарди за обезбедување и олеснување на глобалната трговијата на СЦО**. Таа претставува единствен меѓународен инструмент за побезбеден трговски режим и олеснување на глобалната трговија, преку нов пристап кон работењето и партнерство помеѓу царината и деловната заедница. Со неа се обезбедува и олеснува глобалниот синџир на снабдување и се остваруваат дополнителни економски, финансиски и социјални придобивки.

**Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност – EXBS**[26] во Република Македонија е активна од 2004 година, како програма финансирана и поддржана од страна на Министерството за надворешни работи и Министерството за безбедност на САД. Главната цел на оваа програма е помош и поддршка на македонските органи на прогонот – Министерството за внатрешни работи и Царинската управа, во разоткривањето и одвраќањето на нелегалното пренесување на оружје и оружје за масовно уништување, преку специјализирана обука и обезбедување на опрема.

Успешно воспоставената **соработка со Даночната и царинска управа на Кралството Холандија** од 2003 година резултираше со имплементација на два билатерални договори за техничка соработка помеѓу двете институции, чие спроведување започна во 2005 година. Во текот на петгодишниот период (2005-2010), соработката помеѓу двете управи придонесе за подобрување на царинските постапки,

[26] Export Control & Related Border Security – EXBS

олеснувањето на трговијата, бизнис климата и наплатата на даноци. Соработката беше особено значајна во областа на подобрување на царинските постапки кај увозот за облагородување и воспоставување на структура за адекватна заштита на правата на интелектуална сопственост. Ова, заедно со кампањата за заштита на правата на интелектуална сопственост резултираше со реализација на значителни заплени од страна на Царинската управа. Поддршката на активностите за воспоставување на царинската отворена линија 197 и кампањата за подигање на јавната свест, придонесе во намалување на корупцијата, обидите за криумчарење и организираниот криминал. Постигнатиот успех резултираше со воспоставување на втор договор помеѓу двете администрации во 2010 година, насочен кон подобрување на спроведувањето на царинските постапки со економски ефект, комуникациските и менаџерските вештини, борбата против фалсификувани производи, како и унапредување на работата на царинската лабораторија.

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### Статус на вработените

Со измени на Законот за државни службеници, униформираните лица и лицата со посебни должности и овластувања се изземени од примена на овој закон. Од овие причини за прв пат со новиот Закон за царинската управа, на транспарентен начин се уредува статусот на овие лица во делот на правата, должностите и одговорностите што произлегуваат од работните односи, со што се специфицираат различностите во однос на другите органи и служби (заострени услови во постапката при вработување, оценка на работата, систем на заштита при работа, стаж во зголемено траење, забрана за вршење на надворешни активности во врска со службената должност, строг кодекс на однесување, мотивација и награди за успешна работа, признанија, како и финансирања), во чие изготвување директно учествува Секторот за управување со човечки ресурси. Од подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон, изготвена е **Оперативна инструкција за работите и дејностите кои се во судир со службената должност на царинските службеници**, донесен е и **Правилник за формата, содржината и начинот на употребата на симболот на Царинската управа, Правилник за критериуми и начин на доделување награди во царинската служба** (пречистен текст) како и измена на Колективниот договор за работни односи во Царинската управа на Република Македонија.

### Обуки и стручно оспособување

Следејќи ги позитивните пракси во европските земји како и утврдената потреба од развојот на човеки ресурси, од март 2004 година Одделението за обуки е во рамките на новоформираниот Сектор за управување со човечки ресурси. Одделението продолжува и понатаму да го развива и ажурира стратегискиот план за обуки, утврдувајќи ги потребите од надградба на знаења и вештини на вработените во службата. Сите обуки се изведуваат од солидно обучени предавачи кои пак професионално се ангажирани на извршување на работа и работни задачи во областа во која најчесто држат обука или пак имаат знаење кое го добиле во текот на работната кариера. Со цел Царинската Управа да има квалитетни обучувачи кои ќе задоволуваат одредени повисоки стандарди и кои покрај знаења ќе поседуваат и вештини и способности за пренесување на истите, **29 царински службеници се оспособени за обучувачи.**




На Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, во академската 1994/95 година е воспоставена студиска програма Царина и шпедиција. Од академската 2004/05 година се воспоставени и последипломски студии од програмата Современи развојни тенденции во царинско-шпедитерско работење, а се воспоставени и докторски студии од оваа област.

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ

## Царинско разузнавање

Во периодот од 2003 до 2005 година, со помош на експерти од ЕУ и под покровителство на CAFAO мисијата, **поставени се основните контури на царинското разузнавање**. Спроведени се интензивни обуки за разузнавање, при што царинските инспектори се запознаа со основните цели на разузнавањето: функционирање на разузнавачки циклус, работа со информатори, работа со информации, евалуирање на информации, учество во истражни дејства и слично. Исто така, во овој период беше воспоставена и разузнавачка база на податоци, во која како првични записи беа земени сите записници за царински прекршоци и кривични дела откриени од Царинската управа во периодот од 2001 до 2003 година. Главната цел на оваа база е обезбедување на сите релевантни оперативни податоци кои ќе се чуваат на сигурен и безбеден начин. Во неа се складирани информации за лица, компании, шпедиции, транспортни компании и превозни средства за кои постои сомневање или за кои е докажано дека се учесници во повредувањето на законските надлежности на Царинската управа, како и сите релевантни информации од отворената царинска линија. Нова верзија на разузнавачката база на податоци е креирана во текот на 2004 година, која овозможува различни нивоа на пристап со што е подобрена сигурноста на системот.

## Анализа на ризик

Во 2004 година е имплементирана електронската селективност во испоставите за стоково царинење, со исклучок на некои испостави каде тоа не беше можно во тој период. Тогаш, во системот се дефинирани ризични профили и изработени се 42 критериуми на ризик по истите. Овие критериуми, кои служат како целни параметри за селективен преглед, поставени се во системот во испоставите каде е воведен модулот на селктивност. Критериумите беа редовно анализирани и вршено е нивно ревидирање, што подразбира нивно модифицирање (во однос на проценти, параметри и елементи) или нивно укинување заради постигнување поголема ефикасност.

Компјутеризацијата на контолата и истрагите во Царинската управа во овој период се реализира со техничка помош од CAFAO-МАК мисијата во Република Македонија. Во рамки на оваа програма Секторот за контрола и истраги доби цел опсег на опрема од информатичката технологија, вклучувајќи десктоп и лаптоп компјутери, печатари и скенери. Покрај опремата со оваа програма се имплементираа и неколку бази на податоци: разузнавачка база на податоци (Intell database), база за менаџирање на случаи во одделението за истраги (Case database), систем за управувачко, разузнавачко, статистичко и електронско информирање (MISER), систем за размена на пораки по електронски пат (SEMS), база за управување со повиците од отворената линија 197 и база за анализа на протокот на празни камиони.

Во 2004 година, во рамките на Секторот за контрола и истраги започна да функционира **Службата за аналитика и статистика**, која е надлежна за ажурирање на базата на заплени, и со тоа е овозможено, во секој момент, добивање на статистички податоци за запленетите стоки на територијата на Република Македонија.

Директор на Царинската управа од 20 декември 2004 до 21 март 2006 година е Илија Илоски

## Контрола на трговски друштва

На почетокот на 2006 година Одделението за ревизија и контрола се преименува во **Одделение за контрола на трговски друштва**. Надлежностите за вршење на ревизија на царинските документи преминаа во веќе формираното **Одделение за внатрешна инспекција** при Секторот за професионална одговорност. Контролата на сметководствената и финансиска документација на трговските друштва зазема сè поголемо учество во вкупните контролни функции на Царинската управа, при што се откриваат голем број неправилности од царински аспект, се контролираат иматели на одобренија за увоз за облагородување и царинско складирање. Врз основа на контролите и утврдените неправилности се донесуваат решенија за дополнителна наплата на избегнати давачки.

## Царинска контрола

Во 2005 година донесена е **Уредба за употреба на средства за присила, како и носењето и употребата на огненото оружје од страна на царинските службенци**, како и **Правилник за видот на документите и податоците кои се означени како службена, деловна и друга тајна, начинот на нивно чување и заштита**.

И во овој период при вршењето на царинските контроли се запленети различни видови непријавена или шверцувана стока со цел да се избегне плаќање на увозни давачки, наркотички средства, предмети со уметничка вредност, оружје, готови странски пари и слично. Поинтересни заплени се следните:



*Заплена на хашиш ГП Ќафасан, 2004 година*



*Заплена на девизи ГП Блаце, 2004 година*



*Заплена на девизи сокриени во чевли ГП Деве Баир, 2004 година*



*Заплена на марихуана ГП Ќафасан, 2004 година*



*Хероин сокриен во рачно направен бункер во резервоарот за гориво на товарно моторно возило, ГП Деве Баир*




*Заплена на марихуана ГП Богородица, 2005 година*

# ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА

## ИКТ поддршка

Континуирано со воведувањето и надградбата на апликативниот софтвер се модернизираше комуникациската мрежа и останатата опрема.




Во првиот квартал на 2005 година извршена е преселба на опремата и вработените од Секторот за информатика од старата локација во Царинарница Скопје во новата управна зграда на Царинската управа. Новите простории (сервер салата и канцелариският простор) за опремата и вработените се изградени по најсовремени стандарди во рамки на TTFSE проектот финансиран од Светска банка.

Бидејќи во постоечкиот систем немаше можност за поврзување на трансакциите од трезорскиот систем со царинскиот систем за процесирање на декларации во 2005 година започна воведувањето на **новиот Систем за наплата**. Со овој систем се обезбеди централна евиденција и контрола на наплатените давачки, како и следење на банкарските гаранции на царинските обврзници. Проектот заврши во 2007 година со автоматско книжење на уплатите со утврдените износи на царинските и други давачки од декларациите со што престана потребата за предвремено доставување на вирман во царинската испостава.



*Нова сервер сала*

## Нова управна зграда

Новата зграда на Царинската управа под скопското Кале, беше свечено пуштена во употреба во април 2005 година, по повод Царинскиот празник. Зградата се состои од камен кубус (сервисен простор) и стаклен кубус (работен простор). Камениот кубус се поврзува со камените ѕидишта од Калето, а стаклениот со водата од реката Вардар. Камениот кубус е обложен со гранитни плочи во различна боја и текстура, што кореспондира со бојата на камениот ѕид на Кале. Стаклениот кубус е изведен од ѕид-перде, стаклена структура со сиво-сина нијанса што се поврзува со реката и небото.



Овој дел на едно место е разбиен со чардак – детал преземен од традицијата, но изведен на современ начин. Комуникациското јадро е на северната страна, од страната на Калето, додека работниот простор е ориентиран спрема Камениот мост, Водно и Градскиот парк. Влезот е нагласен со специфично дизајнирана настрешница, која го поврзува со камените остатоци од поранешна влезна порта и на тој начин симболично е направен уште еден спој меѓу старото и новото. Всушност се работи за остатоци од влезната порта во средновековниот Долен град. Скопје во тоа време бил поделен на Горен град (денешната тврдина Кале) и Долен град (тврдина покрај брегот на реката Вардар, која го опфаќала и просторот каде што денес се наоѓаат објектите на Царинската управа). Во Горниот град била издвоена воеоуправната елита, а во Долниот град живеело цивилното население.



Кон крајот на 2006 и почетокот на 2007 година е воведена царинска униформа која и денес се употребува.







# ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО ПЕРИОДОТ 2007-2012 ГОДИНА

## РЕГУЛАТОРНА РАМКА

Периодот од 2007 година наваму го одбележуваат масовни мерки за намалување и елиминирање на увозни и други давачки, поедноставување на царинските постапки и широка примена на ИКТ[27], интензивирање на евроинтегративниот процес и модернизација на Царинската управа.

Од октомври 2006 година директор на Царинската управа е Ванчо Каргов

Во овој период започнува интензивно да се спроведува новиот Царински закон и подзаконските акти донесени кон крајот на 2005 и почетокот на 2006 година. Врз основа на нивната практична примена, од потребите за олеснување и забрзување на трговијата и зајакнување на царинските контроли, како и од потребите за усогласување со царинското законодавство на ЕУ, во овој период се донесени значителни измени и дополнувања во царинското законодавство.

### Царинска регулатива

**Во јануари 2008 се донесени измени и дополнувања на Царинскиот закон**. Со овие измени и дополнувања се обезбеди правна рамка за воведување на **концептот на овластен економски оператор**, што беше и во согласност со измените на Царинскиот закон на ЕУ 648/2005. Утврдени се критериуми за лица со поголем ризик, услови за одземање на претходно издадени царински лиценци, одобренија за застапување, донесување и поништување или укинување на одлуки од областа на царината. Извршено е усогласување со Законот за прекршоци, врз основа на што, Царинската управа во јануари 2008 година започна да изрекува мандатни казни за сторени царински прекршоци.

**Во април 2010 година** се донесени измени и дополнувања на Царинскиот закон со кои е воведена правна рамка за **задолжителна електронска царинска декларација** и за **електронско доставување на информации за најава на поаѓање и пристигнување на стока** од и во царинското подрачје на Република Македнија, како услови за функционирање на новиот СОЦД[28] и за унапредување на системите за царинска контрола базирана на анализа на ризик. **Со ова е извршено и усогласување со Царинскиот закон на ЕУ**. Со измени на Царинскиот закон **во декември 2010 година**, ревидирани се условите за полагање на стручен испит за лиценцирани застапници, а воведени се и прекршочни санкции и критериуми за суспендирање на одобрението и лиценцата. Одобренијата и лиценците за вршење на царинско застапување ги издава Царинската управа. Во април **2011 година** се донесени измени на Царинскиот закон со кои се утврдуваат условите за одложено плаќање на царински долг и прифаќање на општа гаранција, наплатата на царински долг и сметководствената евиденција. Извршено е и усогласување

Меѓу другото, со измените и дополнувањата на Царинскиот закон од април 2010 година се овозможи заедничко царинење со царинските служби на соседните држави), се укина концептот „лице за кое постои повисок ризик" и се пренесоа одредбите за единствена царинска стапка од Царинскиот закон во Законот за Царинска тарифа.

27 Информатички и комуникациски технологии

28 Систем за обработка на царински декларации

на одредбите на Царинскиот закон со ЗОУП[29] и Законот за управна инспекција, во поглед на роковите за одлучување. Со измени на Царинскиот закон од почетокот на **2012 година**, воведена е можност за ослободување од плаќање на увозни давачки за спортски федерации за спортска опрема и реквизити добиени како подарок од странски донатори. Се одложува примената на дел од одредбите од Царинскиот закон чија импементација е поврзана со ставањето во функција на новиот СОЦД, како и одредбите кои се однесуваат на формите на гаранциите и начинот на нивната употреба, како и начинот и постапката на одложување на плаќањето на царинскиот долг.

**Во 2007 година започна да се применува новиот CEFTA договор** со што престанаа да важат билатералните договори за слободна трговија со Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Молдова, Србија и Црна Гора. Во протоколот за потекло од новиот CEFTA договор се прошири примената на дијагонална кумулација на потеклото на стоките со нови CEFTA членки (Македонија, Хрватска, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Молдова, Србија и Црна Гора).

Во септември 2008 година е донесен Закон за Ратификација на Протоколот кон ССА со што е антиципирано пристапувањето на Република Бугарија и Република Романија во ЕУ и се создадени услови за имплементација на дијагоналната кумулација на потеклото со вклучување на Република Турција. Во текот на 2009 година е заокружена правната рамка со која **стоките произведени со суровини и репроматеријали од Турција се ослободуваат од плаќање царини при извоз во земјите членки на ЕУ**, со што се зголемува конкурентноста на македонските производи во ЕУ и атрактивноста за странски директни инвестиции во Република Македонија.

Во 2009 година **Република Македонија пристапи кон** Меѓународната конвенција за поедноставување и усогласување на царинските постапки (**Ревидирана Кјото Конвенција**). Ревидираната Кјото конвенција претставува еден од најзначајните инструменти на СЦО за имплементација на еднообразни царински постапки во сите договорни страни, за олеснување на трговијата, спроведување транспарентни поедноставени царински постапки, користење на информатичка технологија и управување со ризик, како и партнерство со бизнис заедницата.

## Царинска тарифа

Во овој период се целосно исполнети обврските од ССА во поглед на царинските стапки за увезените стоки со потекло од ЕУ, при што се целосно елиминирани царинските стапки на 653 тарифни ставки. Намалени, но останати (согласно ССА) се царински стапки само за земјоделските и прехранбените производи (просечната царинска стапка изнесува 4,97%). Во овој период целосно се исполнети и обврските од Протоколот за пристапување кон СТО[30], при што се намалени царинските стапки на 29 тарифни броеви. Исто така, во овој период стапија на сила и целосно се применуваат договорите за слободна трговија, особено во делот на ослободувањата од плаќање на царина за увезените стоки со потекло од Турција, Украина и земјите членки на CEFTA. Покрај претходното, со цел стимулирање на производството и извозот, во овој период се намалени или целосно елиминирани царинските стапки на повеќе од 300 царински броеви. Како резултат на напреднаведеното, просечната царинска стапка се намали од 9,29% на крајот на 2006 година, на 8,75% на крајот на 2011 година, додека пондерираната ефективна царинска стапка се намали од 2,76% на крајот на 2006 година, на 1,24% на крајот на 2011 година. **Намалувањето и елиминирањето на царинските стапки во овој период придонесе за значително намалување на увозните давачки и стимулирање на производството и извозот, но и за значително намалување на приходите од**

Во март 2010 година Владата донесе пакет мерки со кои значително се намалени трошоците за увоз на патнички автомобили со кои се изедначени (намалени) царинските стапки на употребуваните со нови патнички автомобили. Работната зафатнина, како основа за пресметка на акцизите на моторни возила е заменета со вредноста на возилото. На патничките возила со царинска вредност до 3.000 евра акцизната давачка е нула. Потребниот технички стандард кој треба да го исполнуваат возилата времено е сведен на EURO 1 и е отстранет атестот за хомологација како услов за увозно царинење на возила.

29 Закон за општа управна постапка

30 Светска трговска организација

**царини**. Имено, во овој период приходите од царини се намалени од околу 5,6 милијарди денари во 2006 на околу 3,8 милијарди денари во 2011 година (истовремено, наплатениот увозен ДДВ бележи значителен пораст, од околу 27 милијарди денари во 2006, на околу 41 милијарда денари во 2011 година).

Со измени и дополнувања на Законот за Царинска тарифа од 2010 година повторно е воведена единствена царинска давачка во висина од 15% која се применува за физички лица, а која дотогаш беше вметната во Царинскиот закон. Особено е значајно е воведување на **правна рамка за воспоставување на Интегрирана царинска тарифа – TARIM** (вид на национален TARIC кој се користи во ЕУ) во која се интегрирани сите тарифни и нетарифни мерки, согласно важечките прописи на Република Македонија. **Царинската управа е определена за аминистратор на TARIM**.

## Акцизи

Во август 2009 година се донесени измени и дополнувања на Законот за акцизи според кои, **целокупните надлежности за администрирање и контрола на наплатата на акцизите се пренесуваат од Управата за јавни приходи на Царинската управа** (претходно Царинската управа беше надлежна за администрирање и контрола на акцизи од увоз). Во врска со овие промени, со измени на Правилникот за спроведување на Законот за акцизи, во јуни 2010 година се **воведени нови акцизни маркички кои ги носат обележјата на Царинската управа** (ревидирани во 2012), поедноставена е постапката на администрирање на акцизните документи при извоз и увоз, воведено е плаќање на акцизните маркичи при поднесување на пријава за планирани количини на акцизни маркички и овозможено е неделно подигање на истите.




*Контролна марка за обележување на алкохолни пијалоци*




*Контролна марка за обележување на тутунски добра*

Во февруари 2011 година се донесени измени и дополнувања на Законот за акцизи со кои се уредуваат условите и постапката на контрола, обележувањето и користењето на обележаните минерални масла. Измени се воведени и кај одредбите за прекршоци и извршени се дополнувања во делот на санкциите за злоупотреба при несоодветно користење на минералните масла, особено во делот на користење на т.н. „црвена нафта“.

## Заштита на права од интелектуална сопственост

Во октомври 2011 година се донесени измени и дополнувања на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост со кои се прецизираат правата и обврските на носителите на правата, Царинската управа, Државниот управен инспекторат и Управниот суд. Царинската управа може да ја укине одлуката за прифаќање на барањето за преземање на царински дејства доколку носителот на правото не постапува согласно законот.

Во јуни 2011 година извршена е измена на Правилникот за спроведување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост со кои се укинува надоместокот за обработка на барањето за преземање на царински дејства за заштита на права од интелектуална сопственост, во износ од 5.000 денари, односно надоместокот за обработка на барање за продолжување на рокот на барањето за преземање на царински дејства, во износ од 2.000 денари.

## Други мерки

Со цел намалување на непотребното оптоварување на економските оператори со трошоци и административни постапки, како и со цел усогласување со acquis communautaire на ЕУ, во овој период се донесени повеќе олеснувања во меѓународниот патнички и стоков промет и елиминирани или намалени голем број на административни такси и надоместоци.

Од средината на 2008 година домашните патници при враќање од странство се ослободени од плаќање на царина за предмети од некомерцијална природа во вредност до 175 евра, наместо 45 евра како што беше дотогаш. Во 2010 година износот од 175 евра е зголемен на 350 евра, со што истовремено е постигната усогласеност со стандардите на земјите членки на ЕУ. Во 2008 година минималниот износ на ефективни странски пари и хартии од вредност кој може да се внесува и изнесува во/од Република Македонија од резиденти е зголемен на 10.000 евра. Нерезидентите без обврска за пријавување смеат да внесуваат или изнесуваат 10.000 евра. Овие измени придонесоа да се избегнат голем број на девизни прекршоци кои се правеа од недоволно познавање на законите.

Царинската управа врз основа на разузнавачки информации, анализа на ризик и контрола на трговски друштва, таргетира и контролира нелегален пренос на ефективни странски пари и хартии од вредност поврзани со нелегална трговија и перење пари. Само во 2008 година во 43 акции се запленети околу еден милион евра.

Со измени на Законот за административни такси, во 2007 година се елиминирани или сведени на симболичен износ административните такси за добивање 12 видови дозволи и одобренија од Царинската управа (од 60.000 денари на 300 до 500 денари), а во 2010 година се укинати и административните такси за поднесување на царински декларации (150 денари), за барања за издавање на уверение за движење ЕУР 1 (200 денари) и за запис за внесување и изнесување на стока во и од слободна зона или слободен склад (50 денари).

Со измени на Правилникот за видот и износот на царински надоместоци за направени услуги во царинската постапка во 2007 година е укинат надоместокот од 40 евра за издавање задолжителна царинска информација и надоместокот од 65 евра за лабораториски испитувања, а во 2008 година се укинати надоместоците за царинска придружба (600 денари за 1 час за еден царински службеник), за складирање во склад на царинскиот орган (5% до 20% од вредноста на стоката), како и за користење на царинскиот информативен систем (1.500 денари месечно до 50 декларации и 30 денари по декларација над 50 декларации). Со преземање на надлежностите за управување со објектите на граничните премини за патен сообраќај од страна на Царинската управа, кон крајот на 2008 година е елиминиран надоместокот за вагање на возилата на износ од 600 денари, а надоместокот за користење на царински терминал е намален на 1.000 денари (претходно, ЈПССДП[31] наплатуваше околу 1.600 денари надоместок за 72 часовен престој на царинските терминали и вагање). Во 2011 година овој надоместок е целосно укинат во текот на спроведување на царинската постапка.

Со измени и дополнувања на Законот за трговија во 2008 година е елиминиран од предцаринска постапка атестот од Институтот за стандардизација за стока за која истиот е предвиден, како и записникот од Државниот пазарен инспекторат за поседување декларација и упатство за употреба на оригиналната амбалажа за стока наманета за малопродажба, односно контролата се пренесува во внатрешниот промет и пазар.

## Меѓународна и меѓуинституционална соработка

Со цел унапредување на капацитетот за спроведување на законските надлежности и обврски и откривање на нелегална трговија и економски криминал, како и за размена на знаење и искуства за олеснување на трговијата и транспортот, Царинската управа и во овој период продолжи со активностите за унапредување на царинската соработка.

Во 2007 година е потпишана **Спогодба со Украина за соработка за царински работи**. Во август 2008 година е ратификувана **Спогодба со Владата на Република Словачка за соработка и взаемна помош по царински прашања**. Иста таква **спогодба** е потпишана во февруари 2011 година со **Владата на Република Косово**. Во јуни 2011 година е потпишан **Меморандум за соработка за борба против царинските измами и развој на партнерски односи со царинската служба на Полска**. Во јуни 2010 година е потпишан **Меморандум за соработка со СЦО и Царинската управа на Маурициус**, според кој Царинската управа на Република Македонија ќе обезбедува стручна помош за воспоставување и развој на национален едношалтерски систем во Маурициус. Истовремено,

[31] Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор

со **Државниот царински комитет на Азербејџан е потпишан Договор за соработка** со кој се предвидува воспоставување на соработка на РТЦ[32] на СЦО во Скопје и Баку и продлабочување на билатералната соработка помеѓу двете царински служби. Во тек се активности за потпишување билатерални договори за царинска соработка со царинските служби на Унгарија, Црна Гора и Кина.

Во март 2010 година **во Охрид се одржа годишната конференција на Европскиот регион на СЦО** во копретседателство со царината на Луксембург. Присуствуваа 45 делегации на царински служби (од вкупно 51 земји членки), Европската Комисија и СЦО и RILO[33]. Главни теми на дискусија беа јакнење на борбата против фалсификатите и пиратеријата, имплементација на стандардите на СЦО за поддршка на трговијата и јакнење на безбедноста и сигурноста, координирано управување со границите и развој на едношалтерски систем при едно застанување.



Од неговото формирање во 1999 година Република Македонија е член на **SECI**[34] со седиште во Букурешт. Од декември 2011 година SECI центарот се реорганизира и преименува во Центар за спроведување на законите во Југоисточна Европа - SELEC[35].

Во март 2010 година Царинската управа на Република Македонија и Царинската и даночната управа на Холандија **склучија нов договор за соработка за период 2010-2014 година**, во областа на надзорот над трговски друштва, царинските постапки со економски ефект и овластен економски оператор, заштита на правата од интелектуална сопственост, царинска лабораторија, унапредување на системот за управување со човечки ресурси, воведување систем на компетенции и менување на работната култура и јакнење на комуникациските и менаџерските способности. Во овој период е склучен **договор за техничка соработка и со царинската служба на Словенија**, особено во областа на акцизите, лабораторија и градење на капацитетите за преговори за пристапување во ЕУ.

Со цел зајакнување на меѓуинституционалната соработка за борба против корупцијата, кон крајот на 2007 година Царинската управа потпиша Меморандум за соработка со Државната комисија за спречување корупција, Државното јавно обвинителство, Управата за јавни приходи (УЈП), Државниот завод за ревизија, Судскиот совет, Управата за финансиска полиција, Управата за спречување перење на пари и финансирање на тероризам и Министерството за внатрешни работи (МВР).

Со цел обезбедување меѓуинституционална поддршка во активностите за спречување нелегална трговија, Царинската управа во 2007 година воспостави и ја унапреди соработката преку потпишување на меморандуми и протоколи со Управа за финансиска полиција, УЈП, Управа за спречување перење на пари и финансирање на тероризам, Министерство за внатрешни работи, Јавно обвинителство на Република Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за храна и ветерина, Дирекција за радијациона сигурност, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за лекови, МВР – Биро за јавна безбедност, Агенција за разузнавање и др. Во 2008 година е формирано Координативно тело за заштита на интелектуална сопственост, а во 2010 година Координативно тело за надзор на пазарот, во кои учествува и Царинската управа врз основа на соодветните закони и потпишани меморандуми за соработка. Царинската управа во 2008 година потпиша **Меморандум за соработка за реализација на царински мерки за заштита на авторските и сродни права** со Министерство за култура, Здружението за заштита на авторски музички права, Стопанската комора и Сојузот на стопански комори. Со цел операционализарање на Интегрирано гранично управување, Владата на Република Македонија во 2008 година формираше

32 Регионален тренинг центар
33 Regional Intelligence Liaison Offices – RILO
34 Southeast European Cooperative Initiative
35 South European Law Enforcement Center

**Национален координативен центар за гранично управување**, во кој Царинската управа има свој перманентен претставник – офицер за врски.

Согласно стандардите на Ревидиранта Кјото Конвенција за зајакнување на соработката со бизнис заедницата, во јануари 2009 година Царинската управа, Стопанска комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија, МАКАМТРАНС – Асоцијација на независни синдикати на камионски транспортери, СИЗ „Македонија сообраќај" – АМЕРИТ и групацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори, потпишаа **Меморандум за воспоставување на советодавна врска и соработка и Меморандум за формирање на Советодавно тело**. Во мај 2011 година на Советодавното тело му се придружија три нови членки (Текстилното трговско здружение – Текстилен кластер, Здружението на кожарско преработувачка индустрија и Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ), а потоа и Американската стопанска комора во Република Македонија. Советодавното тело има свој деловник за работа и одржува состаноци најмалку еднаш месечно за кои се води записник и редовно ажуриран список на заклучоци и нивната реализација. На состаноците на Советодавното тело се разгледуваат отворени прашања, планови, проекти и можности за олеснување и забрзување на царинските постапкиВо соработка со Советодавното тело, низ градовите во Република Македонија се организираат работилници со деловната заедница на актуелни теми од царинското работење. **На почетокот на 2012 година, Стопанската комора на Македонија на Царинската управа ѝ додели признание за најдобар соработник на бизнис заедница од сите органи на државна управа**.

По повод по повод 26 Јануари меѓународниот ден на СЦО, во февруари 2010 година на Стопанската комора на Република Македонија, Сојузот на стопански комори на Република Македонија, СИЗ „Македонија сообраќај" – АМЕРИТ, Асоцијацијата на независните синдикати на камионските транспортери МАКАМТРАНС, како и на шест цариници, им беа доделени пофалници од СЦО за исклучителениот придонес во спроведувањето, подобрувањето и зајакнувањето на партнерството царина-бизнис, согласно препораките на СЦО.

Со цел унапредување на соработката со научно образовните институции, Царинската управа во овој период склучи меморандуми за соработка и обезбедување практична работа на студентите и учениците со Факултетот за угостителство и туризам од Охрид, Економскиот факултет и Правниот факултет при Универзитет Свети Кирил и Методиј од Скопје, Факултет за безбедност при Универзитет Свети Климент Охридски Битола – насока безбедност и финансиска контрола, Факултетот за туризам и менаџмент од Скопје, Бизнис Академија Смилевски – Скопје, Средно електротехничко училиште на град Скопје „Михајло Пупин" и др.

## ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

Основни услови кои Република Македонија мора да ги обезбеди за да може да започне постапка за приставување кон заедничкиот транзитен систем и за членство во ЕУ, се хармонизирање на националното со царинско законодавство на ЕУ и поврзување со царинските информатички системи на ЕУ.

### Усогласување на царинското законодавство

Покрај измените и дополнувањата во Царинскиот закон, Законот за царинска тарифа, одлуки за редовно усогласување со ингерираниот тарифен систем на ЕУ, како и други закони, подзаконски акти и меѓународни договори, во овој период се реализираа и други активности во насока на усогласување со царинското законодавство на ЕУ.

Во 2007 година Владата на Република Македонија донесе Уредба за применување на регулативите на Европската Комисија за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура (ревидирана во 2008 година), со што е овозможено директно транспонирање на европските регулативи и понатамошно усогласување на македонското законодавство со законодавството на ЕУ во оваа област. Во јули 2008 година е донесен Закон за ратификација на Препораката на Советот за царинска соработка

на СЦО со која се прифати барањето за членство на Европските заедници во СЦО. Кон крајот на 2008 година донесен е Закон за ратификација на Протоколот за измени и дополнувања на Меѓународната конвенција за поедноставување и усогласување на царинските постапки, ревидирана Кјото Конвенција, што претставува натамошно усогласување со Acquis на ЕУ и прифаќање на инструментите на СЦО во поглед на обезбедување соодветен баланс помеѓу контролата и прибирањето на приходи од една страна и олеснувањето на трговијата од друга страна.

Врз основа на поднесената иницијатива за пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка помеѓу Европската економска заедница и ЕФТА државите и Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговијата со стока[36], во декември 2007 година Република Македонија доби статус на земја набљудувач на работните комитети на Европската Комисија во оваа област. Од почетокот на 2008 година Царинската управа започна да партиципира на состаноците на работните комитети.

Со цел хармонизација на царинското законодавство и имплементација на интерконекција и интероперабилност со царинските информатички системи на ЕУ, Европската Комисија на Царинската управа ѝ одобри користење на претпристапните фондови (IPA) и тоа:

- Проект за реформа на царината финансиран од IPA 2007 фондовите (3 милиони евра) во со компоненти: натамошно усогласување на царинската регулатива, јакнење на граничната контрола и унапредување на царинските ИКТ системи. Проектот е успешно завршен во почетокот на 2011 година, при што се подготвени и донесени измени и дополнувања на законите и подзаконските акти во областа на царината, како и повеќе интерни упатства, унапреден е капацитетот на Царинската управа за контрола на границите, подготвени се технички спецификации за имплементација на NCTS, CCN/CSI, ITE, EMCS[37], како и неопходните ИКТ документи и стратегии за исполнување на условите за членство во ЕУ;
- Проект, финансиран од IPA 2008 фондовите (3,5 милиони евра), за поддршка во процесот на исполнување на условите за пристапување кон ЕУ во однос на пристапување кон Заедничката транзитна конвенција, вклучително изработка на NCTS и CCN/CSI;
- Проект, финансиран од IPA 2009 фондовите (3,3 милиони евра), за имплементација на компатибилност и интероперабилност со царинските ИКТ системи на ЕУ во областа на ITE, задолжителна тарифна информација на ЕУ - BTI[38], царински квоти на ЕУ, надзор и европски список на хемиски супстанци.

## Поврзување со царинските информатички системи на ЕУ

ЕУ претставува единствена царинска унија со заедничка регулатива во областа на царината и транзитот. Покрај обезбедување компатибилност на националното со законодавството на ЕУ во област, за членство во ЕУ, како и за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит, неопходно е да се обезбеди интерконекција и интероперабилност на националните со царинските информатички системи на ЕУ (што пред сè однесува на Новиот компјутеризиран транзитен систем на ЕУ - NCTS[39], заедничката комуникациска мрежа и зедничкиот системски интерфејс на ЕУ - CCN&CSI[40], Единствениот тарифен амбиент на ЕУ - ITE[41], извозен контролен систем - ECS[42], увозен контролен систем - ICS[43] идр.), за што е пред сè потребен компатибилен национален СОЦД.

На покана на Царинската управа, во мај 2007 експерти на Генералната дирекција за царини и даноци на

[36] Конвенција меѓу Европската Економска Заедница, Република Австрија, Република Финска, Република Исланд, Кралството Норвешка, Кралството Шведска и Швајцарската Конфедерација за заедничка транзитна постапка и Конвенција меѓу Европската Економска Заедница, Република Австрија, Република Финска, Република Исланд, Кралството Норвешка, Кралството Шведска и Швајцарската Конфедерација за поедноставување на формалностите при трговија со стока од 20 мај 1987 година

[37] Excise Movement Control System

[38] Binding Tariff Information

[39] New Computerised Transit System

[40] Common Communication Network & Common System Interface

[41] Integrated Tariff Environment

[42] Export Control System

[43] Import Control System

Европската Комисија - DG TAXUD[44] спроведоа IT awareness мисија која имаше за цел да го утврди капацитетот на Царинската управа во областа на ИКТ[45], при што беше констатитирано дека постојниот национален СОЦД, т.н. ASYCUDA, не овозможува поддршка на национално конфигурираното царинско работење со целосно прифаќање на ЕУ легислативата и стандардите, ниту е компатибилен за поврзување и интероперабилност со царинските информатички системи на ЕУ. Во наредните години DG TAXUD на редовна основа спроведуваше IT awareness мисии, при што го констатираше напредокот на Царинската управа во оваа област и даваше препораки за натамошно унапредување на ИКТ системите.

> Веднаш по добивањето на извештајот на мисијата на DG TAXUD, Царинската управа започна со активности за набавка на нов СОЦД. Техничката спецификација беше подготвена од експерти од ЕУ финансирани од EAP во Република Македонија.

Во насока на исполнување на претпристапните барања поврзани со Конвенцијата за заеднички транзит и имплементацијата на NCTS, со одлука на Владата на Република Македонија, во 2009 година Царинската управа е определена за надлежен орган за поставување и одржување на комуникацискиот јазол – CCN/CSI со Европската Комисија и државите членки на ЕУ.

Преку обезбедените средства во рамки IPA 2008 фондовите, кон крајот на 2010 година е склучен договор за изработка на софтвер за пристапување кон NCTS и за поддршка во управувањето со проектот (потребниот хардвер е набавен со средства од националниот буџет). Во март 2011 година започна со реализација проектот и истиот треба да заврши во септември 2012 година. Со цел ефикасно раководење и координирање со проектот, во рамките на Царинската управа формирани се Управувачки комитет и работна група за имплементација на проектот. Веќе е инсталиран и тестиран прототип на апликацијата, а кон крајот на 2011 е инсталирана и пилот верзија на апликацијата, која е во фаза на тестирање. Извршена е набавка и инсталација на хардверот и системскиот софтвер на кој ќе биде инсталирана конечната верзија на апликацијата. Со цел подигнување на информираноста и свеста на економските оператори и јавноста за NCTS како мошне важна промена во областа на царината, а особено во транзитот, реализирани се конференции и презентации, а кон крајот на 2011 година на интернет порталот на Царинската управа е поставен посебен дел со информации за овој систем. На почетокот на 2012 година започната е последната фаза од постапката за избор на најдобра понудувач за имплементација на ITE, задолжителна тарифна информација на ЕУ – BTI[46], царински квоти на ЕУ, надзор и европски список на хемиски супстанци.




На предлог на Царинската управа, Владата на Република Македонија во декември 2010 година усвои Стратегија за развој на информатички и комуникациски технологии на Царинската управа, Стратегија за имплементација на интероперабилност за пристапување кон ЕУ, Стратегија за имплементација на заедничкиот транзитен систем на ЕУ и Национален проектен план за имплементација на NCTS. Овие документи се ревидирани на почетокот на 2012 година, согласно препораките на IT awareness мисијата на DG TAXUD од ноември 2011 година. Тоа се задолжителни документи кои ја потврдуваат и трасираат заложбата и посветеноста на Владата на Република Македонија за исполнување на условите за членство во ЕУ. Според анализите, Република Македонија ќе биде подготвена за започнување преговори за пристапување кон конвенциите за заеднички транзит во втората половина на 2013 година.

44 Directorate General on Taxation and Customs Union

45 Информатички и комуникациски технологии

46 Binding Tariff Information

## Развој на административниот капацитет согласно ЕУ стандардите

На покана на Царинската управа, во јуни 2007 година и јули 2009 година, експерти на СЦО ја спроведоа првата фаза од дијагностичката мисија за оценување на исполнувањето на Рамката на стандарди за безбедност и олеснување на трговијата на СЦО. Мисијата беше особено фокусирана на контролата базирана на анализа на ризик, интегрираното гранично управување, олеснувањето на трговијата, етиката и интегритетот на вработените, како и способноста на Царинската управа за спроведување на реформи и модернизација. Капацитетот на Царинска управа е поволно оценет и дадени се препораки – патокази за стратешкото планирање и спроведување на акционите планови. Со оглед на тоа што државите членки на ЕУ се истовремено и членки на СЦО, активностите во исполнувањето на стандардите истовремено претставува и исполнување на стандардите за членство во ЕУ.

На 31 декември 2007 години заврши EU CAFAO-MAK Мисијата во Република Македонија, која обезбедуваше техничка помош на Царинската Управа во насока на модернизирање и унапредување на царинска дејност во согласност со европските стандарди. Поради завршувањето и заминувањето на CAFAO-MAK Мисијата, на 19 декември 2007 година се потпиша Договор за пренос на опрема и возила, со кој во корист на Царинската управа ѝ беше отстапена ИТ опрема, мебел, патнички возила.

**Со цел усогласување на стандардите поставени во ревидираните царински упатства (Customs Blueprints) на Европската Комисија, во третиот квартал од 2008 година Царинската управа** изврши согледувања и анализа на отстапувањата во поглед на клучните индикатори, врз чија основа е подготовен акциски план за 2009 година. Во 2011 година Царинската управа активно учествуваше во проект на Европската Комисија за анализа на отстапувањата од царинските упатства на Европската Комисија во Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија, Турција, Црна Гора и Исланд. Врз основа на дел од наодит и препораките, Царинската управа подготви план за натамошно усогласување со царинските упатства на Европската Комисија.

Во јули 2009 година Царинската управа во соработка со DG TAXUD изработи **модул за електронско учење за примена на системот за регистрација и идентификација на економските оператор – EORI**[47]. Овој систем почна да се применува на 1 јули 2009 година, при што сите економски оператори кои се занимаваат со царински активности со увоз и извоз со ЕУ, потребно е да се регистрираат според EORI. EORI бројот е заеднички број кој се користи за извршување на царинските активности на целото подрачје на ЕУ и кој е единствен за секој економски оператор. EORI броевите претставуваат дел од подобрените безбедносни мерки кои се однесуваат на увозот и извозот на стоки во и надвор од ЕУ, со што се олеснува законската трговија со истовремено намалување на безбедносните ризици. Електронскиот модул за EORI кој има имформативен карактер е создаден во рамките на програмата Customs 2013 и е дел од Стратегијата на обуки за електронско учење и е достапен за надворешни лица преку интернет страната на Царинската управа.

Во август 2009 година, Република Македонија официјално пристапи кон Програмата CUSTOMS 2013 на ЕУ. Програмата CUSTOMS 2013 има за цел подобрување и изедначување на царинските постапки на земјите членки на ЕУ и на земјите кандидати за членство, особено во областа на безбедноста и сигурноста на надворешните граници, борбата против измамите и заштита на финансиските и економските интереси на ЕУ, земјите членки и земјите кандидати за членство, како и зголемување на конкуретноста на компаниите преку забрзување на царинските постапки и создавање на безхартиено електронско царинско опкружување.

Во 2010 година Европска Комисија донесе одлуката со која надлежностите за управување со првата компонента од Програмата IPA се пренесуваат од Европската Комисија на Република Македонија. Со ова одлука се потврдува подготвеноста на националната структура (вклучително и Царинската управа) за самостојно управување со средствата на ЕУ од програмата IPA за понатамошен развој на административните и оперативни капацитети.

[47] Economic Operators Registration and Identification

## НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Покрај претходно утврдените надлежности и обврски на Царинската управа за заштита на фискалните интереси на државата, откривање и сузбивање на нелегална трговија, заштита на здравјето и живото на луѓето и заштита на животна средина, како и создавање и одржување на конкурентен економски амбиент, во овој период на Царинската управа ѝ се доверени нови должности и надлежности, кои се рефлектираа и во нејзината организаци и статусот на вработените.

### Нови надлежности на Царинската управа

**Согласно Законот за прекршоци и врз негова основа донесените измени на Законот за царинската управа 48, во октомври 2007 година Царинската управа ги презеде надлежностите од судовите за водење на прекршочни постапки,** изрекување прекршочни санкции и посебни прекршочни мерки за сторен царински прекршок. Целта е побрзо и поефикасно решавање на прекршочните постапки во фунцкија на намалување на царинските прекршоци. Со цел операционализација на новите надлежности донесени се: Правилник за начинот и постапката на царинските органи при откривање на царинските прекршоци и Правилник за издавање покана за плаќање глоба и платен налог, како и Правилник за формата и содржината на записникот за царински прекршок, поканата за плаќање глоба и платниот налог. Од август 2008 година Царинска управа е надлежна за одлучување по прекршоци предвидени во Законот за девизно работење, а од јануари 2010 година и за одлучување по прекршоци предвидени во Законот за акцизите. Истовремено, за полесните прекршоци, односно за прекршоци за кои не е предвидено мерка безбедност одземање на стоката која е предмет на прекршок, Царинската управа започна да спроведува постапка за порамнување и посредување. Формирано е и екипирано Одделение за прекршоци – Комисија за одлучување по прекршок (во Скопје и Битола), кое започна со работа на 1 октомври 2007 година. Обезбедени се простории за одржување на распит на странките и превод од странски на македонски јазик.

**Во септември 2008 година Царинската управа ги презеде од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор (ЈПССДП) надлежностите за управување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај.** Правната рамка беше обезбедена со измени и дополнувања на Законот за Царинската управа. Извршени се соодветни измени на актите за организација на работа и систематизација на работните места на Царинската управа, како и на тарифата за надоместоци. Спроведен е попис на движниот и недвижниот имот што се презема, заедно со целокупната документација. Царинска управа од ЈПССДП презеде над 50.000 м$^2$ деловен простор, земјиште, царински терминали и 204 работници. Со ова беше започната реформата на ЈПССДП, со истовремено намалување на трошоците и обезбедување поповолни услови на економските оператори и патниците.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизи и Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа, **од 1 јануари 2010 година надлежен орган за спроведување на Законот за акцизи на целата територија на Република Македонија (и при увоз и извоз, и во внатрешниот промет и како и во производство) е Царинската управа.** Новопреземените надлежности на Царинската управа во областа на акцизите предвидуваат: издавање на акцизни дозволи, издавање на акцизни одобренија за неакцизно користење на акцизна стока, издавање на контролни маркички (бандероли), прием, обработка и заверка на акцизни документи, прием на акцизни пријави и утврдување на акцизни побарувања и спроведување на контрола над акцизните обврзници. Во врска со организацијата на работата со акцизите донесени се измени и дополнувања на Правилникот за организација на работа и Правилникот за систематизација на работните места. Новите надлежности наметнаа потреба од обезбедување електронски барања на акцизни дозволи, обезбедување претходна информација на движењето на акцизна стока во СОЦД, подготовка на методи за проверка на нормативите за производство на акцизна стока, проучување на нови технички средства за обезбедување наплата на акцизите, воведување нови лабораториски методи за анализа, унапредување на теренската и вонтеренската контрола на имателите на акцизни одобренија идр.

---

48 Excise Movement Control System

## Организација

Во 2008 година е започнат процес за воведување на **интерен контролен систем во Царинската управа.** Во овој контекст, во март 2008 година Царинската управа донесе **Упатство за интерен контролен систем** (ревидирано во февруари 2010 и февруари 2011 година) со кое се утврдуваат интерните контролни цели, начинот на идентификација, анализа и вреднување на ризиците, како и интерните контролни процедури и улогата на раководството и вработените во Царинската управа. Во Царинската управа активно се работи на разбирање и прифаќање на внатрешниот конторолен систем од страна на раководителите, формално дефинирање на процесите, ризиците и контролите, подобрување на управувањето со ризиците и на контролите, за на крај да се оствари и одржи крајната цел на внатрешниот контролен систем – минимизирање на ризиците во работењето со соодветни контроли и точно, комплетно и навремено исполнување на утврдените цели и задачи. До крајот на 2011 година е воспоставен внатрешен контролен систем во 70 организациони единици на Царинската управа, при што се изготвени 552 пишани работни процедури.

Кон крајот на 2011 година е воведена **нова службена легитимација,** пропишана со нов Правилник за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација.

Службената легитимиција е изработена од 135 грамска хартија во зелена боја, пластифицирна со 175 микронска фолија со димензии 90 X 55 мм, која е сместена во дводелен кожен повез со црна боја, и секој дел е со големина 75 X 105 мм.




Царинската управа го зајакна своето стратешко планирање со донесување на повеќегодишни стратешки планови за работа на Царинската управа, кои ги антиципираат постојните и идните надлежности на Царинската управа, плановите на Владата на Република Македонија, активностите поврзани со зачленувањето во ЕУ, усогласувањето со Царинските упатства на Европската Комисија, усогласување со Рамката на стандарди на СЦО за олеснување на трговијата и царинска контрола, имплементација на Ревидираната Кјото конвенција и др. Покрај тоа, воведени се повеќегодишни акциони планови за реализација на стратешките, со детални активности, цели, надлежности, рокови и потребни ресурси. Во декември 2010 година е донесен Деловник за работа на Колегиумот со кој се уредува начинот на организирање и водење на состаноците на највисокото раководство во Царинската управа.

На крајот на 2011 година вкупниот број на вработени во Царинската управа изнесува 1.184.

Со повеќе измени и дополнувања на актите за организација на работа антиципирани се новите надлежности на Царинската управа. Формирано е Одделение прекршочна постапка и Сектор за административни и технички работи, Одделението за сметководство и финансии се преименува во Одделение за финансиски прашања, во Секторот за контрола и истраги, Одделение за оперативни работи, формирани се Служба за мобилни тимови и Служба за мобилни скенери. Покрај ова, во врска со потребите кои произлегуваат од оперативното спроведување на царинските надлежности, извршени се повеќе измени поради воведување нови и укинување на постојни царински испистави - ЦИ[49], служби и сл. Согласно измените во Правилникот за организација и работа на Царинската управа, извршени се и соодветни измени во Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа. Со сите направени измени во Правилниот за организација и работа, Царинската управа на почетокот на 2012 година ја имаше следната структура:

[49] Common Communication Network & Common System Interface

| **ЦАРИНАРНИЦИ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Царинарница Гевгелија** | **Царинарница Куманово** | **Царинарница Штип** | **Царинарница Битола** | **Царинарница Скопје** |
| СНИО[50] | СНИО | СНИО | СНИО | СНИО |
| ЦИ Гевгелија | ЦИ Куманово | ЦИ Штип | ЦИ Меџитлија | ЦИ Блаце |
| ЦИ Богородица | ЦИ Табановце Автопат | ЦИ Велес | ЦИ Стење | ЦИ Јажинце |
| ЦИ Железничка станица Гевгелија | ЦИ Железничка станица Табановце | ЦИ Делчево | ЦИ Битола | ЦИ Аеродром Скопје |
| ЦИ Дојран | ЦИ Деве Баир | | ЦИ Струга | ЦИ Скопје 1 |
| ЦИ Струмица | ЦИ Пелинце | | ЦИ Ќафасан | ЦИ Скопје 2 |
| ЦИ Кавадарци | | | ЦИ Свети Наум | ЦИ Скопје 3 |
| ЦИ Ново Село | | | ЦИ Аеродром Охрид | ЦИ Скопје 4 |
| | | | ЦИ Прилеп | ЦИ Пошта Скопје |
| | | | ЦИ Пошта Битола | ЦИ Слободна зона Скопје |
| | | | ЦИ Охрид | ЦИ Тетово |
| | | | ЦИ Блато | |

| **ЦЕНТРАЛНА УПРАВА** | |
|---|---|
| **Служба за соработка со директорот – Кабинет на директорот** | **Сектор за информатички и комуникациски технологии** |
| **Одделение за внатрешна ревизија** | Одделение за развој |
| **Одделение за прекршочна постапка** | Одделение за апликациска поддршка |
| **Одделение за меѓународна соработка проекти и европска интеграција** | Одделение за техничка поддршка |
| **Одделение за царинско управна постапка и застапување пред судовите** | **Сектор за професионална одговорност** |
| **Сектор за царински систем** | Одделение за внатрешни истраги |
| Одделение за царински и даночни постапки | Одделение за внатрешна инспекција |
| Одделение за царинска тарифа, лабораторија, вредност, потекло и ТАРИК | **Сектор за управување со човечки ресурси** |
| Одделение за нетарифни мерки | Одделение за кадрови |
| Одделение за гранични и транзитни формалности | Одделение за обуки |
| | Одделение за советување |
| **Сектор за контрола и истраги** | **Сектор за административни и технички работи** |
| Одделение за разузнавање | Одделение за јавни набавки |
| Одделени за анализа на ризик | Одделение за управување со гранични премини |
| Одделение за координација и комуникација | Одделение за обезбедување и против пожарна заштита |
| Одделение за контрола на трговски друштва | Одделение за канцелариско и архивско работење |
| Одделение за оперативни работи | Одделение за инвестиции и одржување |
| Одделение за истраги | **Сектор за сметководство и финансии** |
| | Одделение за финансиски прашања |
| | Одделение за одземена и отстапена стока и магацини |
| | Одделение за наплата на приходи,буџет,гаранции и анализи |

## ЗАБРЗУВАЊЕ И ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Покрај мерките овозможени со законите и подзаконските акти, во период од 2007 година наваму Царинската управа реализираше повеќе мерки и воведуваше системи за забрзување и поедноставување на Царинските постапки. Потребата од перманентно ревидирање на царинските постапки и царинското работење резултираа и со формирање **Комитет за поедноставување и забрзување на царинските постапки,** во март 2011 година. Комитетот е надлежен да предлага мерки за усогласување со меѓународно прифатените стандарди и договори за олеснување и забрзување на трговијата и транспортот. Комитетот ја следи реализацијата на националното законодавство и интерните акти на Царинската управа, ја унапредува соработката со Советодавното тело и предлага мерки за поедноставување и забрзување на царинските постапки.

[50] Служба за надзор на иматели на одобренија

## Услови за спроведување на царинските формалности

Со цел уредување на работата на приватните царински терминали и доделување на договори на јавен, транспарентен и конкурентен начин, Царинската управа во декември 2007 година донесе **Упатство за минималните услови и начинот на определување на работниот простор каде стоката во товарни моторни возила се става на увид и се врши преглед од страна на царинските органи.** Согласно ова упатство, а врз основа на спроведени постапки за прибирање понуди, Царинската управа во 2008 година склучи договори за услуги за користење простор за царински надзор во ЦИ Терминал Увоз – Скопје, ЦИ Терминал извоз – Скопје, ЦИ Велес, ЦИ Штип, ЦИ Битола, ЦИ Тетово и ЦИ Струмица, а во текот на 2009 година и за ЦИ Кавадарци, ЦИ Куманово, ЦИ Прилеп и ЦИ Охрид.

**Од почетокот на 2007 година Царинската управа почна со интензивно промовирање на поедноставените царински постапки (24/7 увозно и извозно царинење во просториите на економските оператори и овластен приемач и овластен испраќач), како и царинењето на самите гранични премини, каде што условите го дозволуваат тоа.** Во март 2007 година Царинската управа го пренесе увозното царинење од приватниот царински терминал во Гевгелија на државниот царински терминал на ГП[51]Богородица со Република Грција, кој не беше доволно искористен. Во 2007 година Царинската управа отвори царинска испостава во новоформираната економска зона во Бунарџик крај Скопје. Истовремено, поради значително намален обем на работа, како и со цел поефикасно користење на постојните царински испостави и законските можности за употреба на поедноставени царински постапки (локално царинење), престанаа да работат внатрешните царински терминали во Миладиновци и Фени (Кавадарци).

Почнувајќи од 2008 година, Царинската управа воведе 24 часовно увозно и извозно царинење на ГП Богородица и ГП Меџитлија (грчко-македонска граница), ГП Ново село, ГП Делчево и ГП Деве Баир (бугарско-македонска граница) и ГП Блаце (косовско-македонска граница). Придобивки за економските оператори се: елиминарани трошоци за транзитна царинска декларација и за банкарска гаранција, елиминирано двојно плаќање административни такси и двоен престој и плаќање надоместоци за терминалски услуги, а подобрени се условите за планирање на бизнис циклусот. Во 2008 година е затворена ЦИ Волково, а нејзните надлежности се пренесени на ЦИ Трубарево.

Во јуни 2010 година започна изградбата на нови објекти на ГП Блаце – патнички дел на македонско-косовската граница. Проектот е финансиран со кредит од Светската банка во рамки на Вториот проект за забрзување на транспорт и трговијата. Новите објекти, кои ќе овозможат побрз проток на возила и патници, треба да бидат завршени до април 2012 година.

Во јануари 2012 година на ГП Табановце (со Република Србија) започна да работи отсек за извозно царинење, со што практично се отвори нова можност за извозно-ориентираниот сектор. Досега на овој премин се извршуваа само транзитни формалности и патнички промет. Воведувањето на извозно царинење, кое работи 24 часа, секој ден во неделата, вклучително и за време на празници и без наплата на надоместок за престој во терминал, ќе овозможи голем број на поволности за економските оператори. Во средината на февруари 2012 година започна со работа ЦИ Скопје 4 (т.н. Товарна) за **спроведување царински постапки во железничкиот товарен сообраќај.** Претходно, овие царински постапки се спроведуваа на железничката станица во село Трубарево, каде што освен значителната оддалеченост од градот, не постоеше ниту соодветна инфраструктура за спроведување на царинските постапки и царинскиот надзор. Новата ЦИ Скопје 4 е лоцирана во непосредна близина на Царинарница Скопје и располага со работни простории и инфраструктура неопходни за брзо и ефикасно завршување на царинската постапка. Во иднина се предвидува новата испостава да биде надлежна за комбиниран царински надзор, што подразбира спроведување на увозно/извозни постапки како и транзитни операции во железничкиот и патниот превоз на стоки, со инфраструктурни решенија на царински терминал.

Во втората половина на 2011 година, согласно одлука на Владата на Република Македонија, **Агенцијата за храна и ветеринарство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Државниот инспекторат за земјоделство започнаа целосно спроведување на нивните инспекциски**

[51] Граничен премин

**надлежности на граничните премини** (дотогаш инспекциските надлежности ги вршеа речиси целосно во внатрешните царински испостави). На овој начин започна да се воспоставуваат поефикасни заеднички контроли и се забрзаа царинските формалности на граничните премини, со истовремено унапредување на контролата на безбедноста и квалитетот на производите. Оваа мерка придонесе за зголемување на бројот на декларации обработени во поедноставена царинска постапка при увоз за 30%.

Во 2012 година Царинската управа планира воведување на критериуми и начин на мерење и презентирање на времетраењето на царинските постапки на сите нивоа во Царинската управа усогласен со стандардите ЕУ, како и нивно објавување на интернет страницата на редовна основа.

## Поедноставување и олеснување на царинските процедури

Во 2007 година Царинската управа го измени **Упаството за царински долг и го елимираше задолжителното поднесување на оригиналниот хартиен образец (ПП50) кон царинската декларација како доказ за извршена уплата на царинските и другите давачки,** со што увозниците веќе не губат време и пари за набавка и презентирање на писмен документ за платени увозни давачки.

Во првата половина од 2007 година се донесени измени и дополнувања на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, со кои се **утврдени транспарентни критериуми (меѓу кои и финансиска и даночна историја на компанијата, сопствениците и менаџментот) за намалување на износот на банкарските гаранции за обезбедување на царинскиот долг (и до 0%).** Обезбедено е и поедноставување и забрзување на постапката за прифаќање на гаранциите (доказната постапка ја спроведува самата Царинска управа), како и елиминирање на дискреционото право на Царинската управа на недоволно транспарентен начин да ја одредува висината на износот на банкарската гаранција. Со цел операционализација на предметната уредба, Царинската управа во април 2007 година донесе **Упатство за оценување на критериумите за висината на износот на општата гаранција** (ревидирано во февруари 2009 година).

Во јули 2009 година е изменето **Упатството за преференцијални договори** со цел на извозниците да им се овозможи право на жалба на констатациите на записникот на Царинската управа во врска со извршената верификација на доказот за потекло по барање на странски царински орган (доколку не се согласуваат со истите). Во август 2009 година е донесено **Упатство за спроведување на царинска постапка при привремен увоз на стока за ловниот туризам,** со кое се уредува начинот и условите за одобрување на привремен увоз на стока за потребите на ловниот туризам (лични предмети, стока за спортски цели, ловечка опрема и ловни животни наменети за лов на животни).

Во 2010 година започна да се **применува законската можност за поднесување на усна царинска декларација за комерцијални пратки со мала вредност.** Усната декларација е особено практична за царинење мали пратки кои пристигнуваат по пошта, со авион или пак на граничен премин, со што значително се забрзува спроведувањето на царинската постапка и се намалуваат трошоците на увозниците (како на пример: шпедитерски, складиштарски, трошоци за транспортни услуги и слично). Истата година започна да се **применуваат и поедноставените постапки при царинење на збирни пратки** што се остварува преку логистички центри кои имаат одобрение од Царинската управа за поедноставувања во транзит (одобренија за овластен примач и испраќач). Поедноставените постапки овозможуваат спроведување на царинските постапки во просториите на компанијата, царинењето е можно 24/7 и не зависи од работното време на царинските испостави, при што не постои обврска за влегување во царински терминал, со што се елиминираат трошоците за престој на царински терминали и се намалуваат трошоците за шпедитерски услуги.

Во 2011 година Царинската управа го уреди и поедностави постапувањето во повеќе царински постапки, со донесување на повеќе интерни акти, како што се:

- **Упатство за начинот на постапување со пратки домашни миленици при транзит и увоз,** како и електронска евиденција на ваквите пратки чија работа е уредена со Прирачник за користење на

апликацијата за увоз и транзит на пратки на домашни миленици;
- **Упатство за примена на Законот за ветеринарно здравство;**
- **Упатство за примена на Законот за лекови и медицински помагала;**
- **Упатство за верификација на докази за потекло** со кое се уредува постапката за верификација на доказите за преференцијално потекло на стоката издадени во согласност со договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со земјите членки на ЕУ, EFTA и CEFTA, како и со Турција и Украина;
- Се измени и дополни **Упатството за транзитна постапка** со што се изврши прецизирање на начинот и постапката за определување на подолги рокови за завршување на транзитните операции, а со цел усогласување со одредбите на Законот за работно време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај;
- **Упатство за електронско издавање на TIR сертификати,** со кое се уредува надлежноста и одговорноста на Комисиите за работата со модулот за издавање на ТИР сертификати, кој функционира во рамки на Системот за информирање на менаџментот (СИМ);
- **Ново Упатство за начинот и постапката на одобрување на одложување на плаќање на царински долг;**
- **Упатство за начинот на пресметка на компензаторна давачка, компензаторна камата и казнена камата.**

Во 2011 година **е прекината праксата за ставање на службен печат и печат „оцаринето“ на придружните документи кон царинската декларација** (фактура, товарен лист и друго), за што не постоеше правна основа. Со овој потег се преполови бројот на потребни фотокопии на документи кои се прилагаат кон царинската декларација, а истовремено се забрза времето на процесирање на царинските декларации за приближно 5 минути по царинска декларација. **Елиминирана е праксата за задолжителната придружба на стоки со поголем ризик од измама,** со што значително се забрзува и олеснува транзитот на ваквиот вид на стоки. Во оваа година **Царинската управа ја отстапи на приватниот сектор надлежноста за снабдување со обрасците за потекло на стоките – ЕУР.** Царинската управа донесе **Упатство за начинот и постапката за овластување на печатници за печатење и дистрибуција на ЕУР обрасци,** врз чија основа на транспарентен начин огласува, прибира понуди и овластува приватни печатници и дистрибутери. На овој начин ЕУР обрасците станаа непосредно достапни на голем број локации (претходно можеа да се набават само во Скопје).

Царинската управа на Република Македонија во соработка со СИЗ Македонија сообраќај АМЕРИТ, во 2011 година подготви Прирачник за ТИР – Царинска конвенција за меѓународен транспорт на стоки со ТИР карнети. Овој прирачник претставува деветто ревидирано издание во кое се содржани сите измени на ТИР конвенцијата кои се на сила до денес.

Кон крајот на 2011 и почетокот на 2012 година, на ГП Богородица, ГП Ќафасан, ГП Табановце, ГП Блаце и ГП Деве Баир е овозможено користење на податоците со кои располагаат царинските застапници за стоката која сè уште не пристигнала **(pre-arrival информации)**. Со оваа мерка се овозможува поднесување и обработка на царинските декларации за транзит пред пристигање на стоката на граничниот премин. По обработката на декларацијата и извршената анализа на ризик, откако камионот ќе пристигне на граничниот премин, се врши преглед согласно анализата на ризик и веднаш се ослободува во транзитна постапка. Истовремено се изврши промена на редоследот на вршење на контроли на инспекциите, на начин што се овозможува комплетна обработка на царинската декларација во царинскиот систем, а стоката се ослободува по добиената соодветна дозвола од надлежната инспекција.

Во 2011 година, **Царинската управа донесе Упатство за начинот и постапката за издавање на одобрение за одобрен извозник согласно спогодбите/договорите за слободна трговија и Упатство за издавање на одобрение за користење на методот на сметководствено раздвојување,** со кои се регулира начинот и постапката за издавање на овие одобренија согласно одредбите на Царинскиот закон, Уредбата за спроведување на Царинскиот закон и Протоколите за потекло.




**Во ноември 2008 година Владата на Република Македонија воведе електронски едношалтерски систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти (Single Window/One Stop Shop) – т.н. EXIM.** Преку посебен интернет портал на Царинската управа, (**www.exim.gov.mk**), економските оператори можат, без плаќање никаков надомест, од своите компјутери од било кое место во државата (потребен е дигитален сертификат) да бараат и да добијат шеесетина увозни и извозни дозволи и тарифни квоти од 15 државни институции. Во ноември 2008 година Владата на Република Македонија донесе **Уредба за воспоставување и начинот на користење на информациониот едношалтерски систем за увоз, извоз и транзит.** Царинската управа воспостави HelpDesk за асистенција на економските оператори, а во јануари 2009 година донесе **Упатство за користење на EXIM.** Овој систем значително го забрза и времето потребно за обезбедување на предметните дозволи и тарифни квоти. Користењето на EXIM бележи рапидно зголемување со издадени десетици илјади увозни дозволи. Во EXIM се регистрирани околу 600 корисници од приватниот сектор, пред сè компании со одобренија за вршење работи на царинско застапување кои во EXIM вршат работи за илјадници свои клиенти.

Во 2009 година преку EXIM се издадени 29 илјади разни дозволи, во 2010 година 52 илјади дозволи, а во 2011 година се издадени 67 илјади дозволи. Најголем број на издадени дозволи се однесуваат на ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло, потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри, согласност за царинење на предмети за општа употреба, одобрение за увоз на лекови итн.

**Во декември 2009 година EXIM е препорачан од страна на UNECE како модел за развој на едношалтерски систем во регионот.** Како резултат на напредокот на Република Македонија во оваа област, Европската Комисија ја вклучи Република Македонија да учествува во Работната група за „Single Window". Работната група имаше задача да изработи функционална спецификација во која ќе бидат дефинирани заеднички стандарди на ЕУ во овој дел. Во соработка со СЦО, EXIM е меѓународно презентиран како дел од Програмата „Помош за трговија" на СТО (изработката на софтверот е финансирана од Проектот е-Влада на USAID).

Стручната комисија на Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ, му ја додели на EXIM првата награда за 2009 година за решение во јавниот сектор во областа на информатичка и комуникациска технологија.

Од 2010 година, **Царинската управа им овозможи на компаниите и други корисници да го користат интернет порталот на EDMS[52] за електронско поднесување на барања до Царинската управа.** На овој начин, компаниите, освен во хартиена форма, од своите деловни простории можат и електронски




[52] Electronic Document Management System

да аплицираат до надлежните царински органи, со што целата постапка за добивање на одобренија кои ги издава Царинската управа станува многу поефикасна. До донесувањето на соодветната законска основа за поднесување на документи по електронски пат, како и до овозможувањето за користење на дигитален потпис, задолжително е поднесувањето на барањата да се прави и во хартиена форма. Работата со електронските барања е уредена со повеќе интерни акти на Царинската управа, како што се **Корисничкото упатство за електронско поднесување барања до Царинската управа** (се уредува начинот на кој правни и физички лица можат да доставуваат повеќе видови барања преку интернет порталот на Царинската управа, во рамки на EDMS – април 2010), **Корисничкото упатство за архивска обработка на електронски барања** (се уредува начинот на обработка барања примени од странки преку надворешниот портал на Царинската управа во рамки EDMS – април 2010), **Правила и услови за регистрација во порталот за електронска комуникација со Царинската управа, Барање за регистрација во порталот за електронска комуникација со Царинската управа, Корисничко упатство за доставување документи до корисниците преку интернет порталот,** како и **Администраторско упатство за работа со порталот за електронска комуникација** (сите од мај 2010). Во 2011 година беше имплементирана надградба на Порталот за електронска размена на документација за дигитално потпишување на испратената електронска документација од страна на економските оператори. Со оваа измена ќе биде овозможено документацијата единствено да биде проследувана електронски без потреба од достава на хартиени копии. Оваа надградба ќе биде направена достапна до економските оператори откако ќе бидат уредени законските норми за дигитално потпишување на типовите на царинска документација кои се проследуваат на овој начин.

На интернет порталот на EDMS на Царинската управа можат да се пребаруваат и поднесат во електронска форма 70 стандардизирани барања (како на пример: поедноставено барање за одобрение за привремен увоз, барање за непотполна декларација, Барање за задолжителна тарифна информација итн.). Во текот на 2010 и 2011 година преку Порталот за електронска размена на документи во EDMS, се примени над 5 илјади барања поединечно, а само за 2 месеци во 2012 година се процесирани околу 2,5 илјади барања.

Увозот за облагородување претставува значително голема економска активност во Република Македонија. Поради карактерот на работата која често бара брзо прилагодување кон нарачките од странеските партнери, мошне е важна брзината на доставувањето, обработката и издавањето на овој вид одобренија. Царинската управа годишно издава стотици нови одобренија и измени на веќе издадените одобренија за царинска постапка за увоз за облагородување. На почетокот на 2010 година Царинската управа воведе **WEB апликација за електронско поднесување на барање дозвола за увоз за облагородување.** Преку оваа апликација, покрај во хартиена форма, економските оператори можат и преку интернет страницата на Царинската управа да ги доставуваат своите барања, со што значително се намалува времето за нивна администрација и процесирање и се зголемува транспарентноста и следливоста. Сепак хартиената форма останува задолжителна сè додека не се направат законски измени кои ќе овозможат легитимност на електронската документација. Во тек е надградба на апликацијата со дигитален потпис, електронско задолжување на увозот и воведување на можноста за електронско аплицирање и добивање одобренија за други видови царински постапки со економски ефект (царински склад, поедноставени постапки итн.). Во мај 2010 година Царинската управа донесе **Корисничко упатство за работа со WEB апликацијата за обработка на барање за одобрение за увоз за облагородување,** кое го опишува начинот на работа со WEB апликацијата за поднесување на барање за издавање на одобрение



за увоз за облагородување, внесот на податоци во барањето за одобрение за увоз за облагородување и пропратните документи од надворешен домен потребни при аплицирање за одобрение и документите кои контунуирано се испраќаат за следење и контрола на користење на одобрението.

Имајќи ги предвид наодите на IT Awareness мисијата на DG TAXUD за некомпатибилноста на националниот СОЦД за интерконектирање и интероперабилност со царинските информатички системи на ЕУ, како и констатираната несоодветност на постојниот систем да ги задоволи зголемениот обем на работа и новите потреби за спроведување царински постапки и царинска контрола, врз основа на спроведена постапка, на почетокот на 2009 година Царинската управа со избраниот понудувач склучи договор за набавка на нов СОЦД. Софтверот не беше испорачан во роковите предвидени со договорот, поради што, во мај 2011 година престана да важи. Во 2011 година започна нова постапка за набавка на СОЦД. Новиот СОЦД треба да биде изработен според последните стандарди на ЕУ, да овозможи натамошно усвојување и спроведување на царинското законодавството на ЕУ, како и воведување на повисоки стандарди во автоматската обработка на царинските документи, управувањето со акцизите и да ги вклучи постапките поврзани со заштитата на права од интелектуална сопственост.

## Акцизи

Со цел поедноставување на административните постапки со акцизите, во периодот по преземањето на целосните надлежности за администрирање и наплата на акцизите, Царинската управа донесе повеќе интерни акти, како што се следните:

- **Упатство за начинот и постапката за враќање на акциза за употребен течен нафтен гас** во процес на производство, со кое се уредува начинот и постапката при одлучување по барањата за враќање на платената акциза за употребен течен нафтен гас во процес на производство;
- **Упатство за начинот и постапката за издавање на акцизна дозвола,** со кое се уредува начинот и постапката кои ги спроведуваат организационите единици на Царинската управа при обработката и одлучувањето по поднесените барања за издавање на акцизна дозвола;
- **Упатство за издавање на одобрение за акцизно повластено користење,** со кое се уредува начинот и постапката кои ги спроведува Царинската управа при одлучување по поднесените барања за издавање на одобрение за акцизно повластено користење;
- **Упатство за вршење надворешна контрола на иматели на акцизни дозволи, одобренија или корисници на акцизни добра,** со кое се уредува планирањето, подготовката и начинот на вршење надворешна контрола на иматели на акцизни дозволи, одобренија или корисници на акцизни добра во Царинската управа, како и подготовката и постапувањето по записник за извршена контрола.
- **Корисничко упатство за работа со информациониот систем „ДАНИС“** за преглед, обработка и евидентирање на податоци за издадени акцизни дозволи и одобренија за акцизно повластено користење, акцизни пријави и извршени уплати на акциза.

## Обем на работа

Кампањата и мерките за намалување на административните бариери резултираа со значително подобрување на квалитетот на статистичките податоци и рапидно зголемување на примената на поедноставените царински постапки. Имено, кон крајот на 2011 година околу 30% од извозот и околу 20% од увозот е процесиран во поедноставени царински постапки. Бројот на одобренија за вршење работи на застапување во царинските постапки е зголемен за 72, а бројот на лиценци на физички лица за застапување во царински постапки е зголемен за над 240. Во рамки на царинските постапки со економски ефекти доминираа одобренијата за увоз за облагородување (околу 240) претежно во текстилната индустрија, но и во чевларската и во метало-преработувачката индустрија.

| Вид на царинска декларација | Број на обработени декларации (во илјади) | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | |
| **Транзит** | **444** | **443** | **362** | **418** | **438** | **2,105** |
| **Увоз** | **270** | **301** | **296** | **368** | **386** | **1,621** |
| Редовна постапка | 253 | 265 | 265 | 313 | 301 | 1,397 |
| Поедноставена постапка | 17 | 36 | 31 | 55 | 85 | 2247 |
| **Извоз** | **213** | **220** | **192** | **207** | **213** | **1,045** |
| Редовна постапка | 173 | 173 | 143 | 137 | 136 | 762 |
| Поедноставена постапка | 40 | 47 | 49 | 70 | 77 | 283 |
| **Вкупно** | **927** | **964** | **850** | **993** | **1,037** | **4,771** |

Употребата на поедноставените царински постапки се зголемува, особено т.н. локално царинење (издадени се околу 120 одобренија), како и овластен приемач и овластен испраќач, а се зголемува и употребата на ЗТИ[53] и акцизни дозволи.

| Вид на одобрение | Состојба на одобренија по години | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Одобрение за царинско застапување** | **250** | **271** | **290** | **310** | **321** |
| **Лиценца за царинско застапување** | **570** | **570** | **750** | **883** | **913** |
| **Царински постапки со економски ефект** | **302** | **346** | **337** | **329** | **326** |
| Одобрение за увоз за облагородување | 225 | 260 | 249 | 237 | 234 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 3 | 10 | 15 | 12 | 13 |
| Одобрение за царинско складирање | 73 | 76 | 73 | 80 | 78 |
| Други видови одобренија | 1 | | | | 1 |
| **Поедноставени царински постапки** | **51** | **45** | **102** | **164** | **200** |
| Одобрение за локално царинење при увоз | 11 | 11 | 24 | 40 | 46 |
| Одобрение за локално царинење при извоз | 26 | 21 | 44 | 55 | 76 |
| Одобрение за овластен примач во транзит | 13 | 12 | 26 | 50 | 55 |
| Одобрение за овластен испраќач | 1 | 1 | 8 | 19 | 23 |
| **Акцизи** | **0** | **0** | **0** | **359** | **393** |
| Акцизни дозволи | | | | 89 | 95 |
| Одобрение за акцизно повластено користење | | | | 270 | 298 |
| **Вкупно** | **1,173** | **1,232** | **1,479** | **2,045** | **2,153** |

## КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ

Основна задача на Царинската управа е спроведување на контроли на примената на законите од аспект на наплатата на буџетските приходи, спречување на нелегална трговија и нелојална конкуренција, спречување трговија со забранета стока и финансирање тероризам, заштита на животот и здравјето на луѓето, како и заштита на животната средина и културното наследство. Во овој период Царинската управа интензивно работи на унапредување на институционалниот и административниот капацитет во оваа област, пред сè преку воведување и институционализирање на одржливи системи за царинска контрола базирана на анализа на ризик, царинско разузнавање, контрола на трговски друштва, работата на специјалните единици, како и преку перманентен и динамичен развој на информатичката и комуникациската поддршка и воведување современи технологии, средства и апарати.

Со цел зголемување на административниот капацитет на Царинската управа, кон крајот на 2007 година Министерството за финансии склучи двегодишен договор со меѓународно призната консултантска куќа за ангажирање на царински експерти од ЕУ. Во период од две години, овие царински експерти работеа заедно со царинските службеници на Царинската управа на воведување на системи на контрола и процедури засновани на анализа на ризик, како примарни основи за спроведување на царинските активности, развој на истражните и разузнавачките функции, идентификување и откривање нерегуларности, илегална трговија, криумчарење и економски криминал, развој и унапредување на ефективна меѓуагенциска соработка во земјата и странство и развој и имплементација на антикорупциска стратегија.

Со цел поуспешно справување со ризиците при извршувањето на своите надлежности, кон крајот на 2010 година Царинската управа донесе прва **Стратегија за управување со ризик** која има за цел напредување на системскиот пристап за идентификување и контрола на ризикот. На почетокот на 2011 година е формиран **Комитет за управување со ризик**, чиј начин на работа, како и правата и обврските на координаторот и членовите, се уредени со **Деловник за работа на Комитетот за управување со ризик**. Кон крајот на 2010 година Царинската управа донесе и прва **Стратегија за заштита на права од интелектуална сопственост** (операционализирана со годишни акциони планови) која има за цел унапредување на организациската поставеност и техничката опременост на Царинската управа за заштитата на правата од интелектуална сопственост, подигнување на свеста за штетните последици од употреба на фалсификувана стока и заштита на конкурентноста на домашните и странски производители на стоки со заштитени марки. Во април 2011 година Царинската управа формира **Комитет за контрола и безбедност**, кој има за цел да го поддржи системскиот развој на капацитетот на Царинската права за спроведување на царинската контрола, предистражните и истражните мерки, како и разузнавачките активности за откривање на прекршоци и кривични

[53] Задолжителни тарифни информации

дела. Комитетот ги анализира применетите методи, средствата и законската рамка за спроведување царински контроли и предлага насоки за нивен развој.

## Царинско разузнавање




Во 2007 година Царинската управа започна со развој на **Систем за пренесување на разузнавачки пораки за внатрешна употреба (SEMS[54]),** кој стана целосно оперативен во јуни 2009 година. SEMS служи за размена на информации за патници, стока и превозни средства за сите видови сообраќај пред нивното пристигнување, како и за прибирање и анализа на информации за потребите на разузнавањето и за анализа на ризик. Во октомври 2010 година Царинската управа донесе **Прирачник за работа со SEMS**, со кое се уредува начинот на работа и стандардните процедури на апликацијата, а во февруари 2011 година е донесено и **Упатство за работа со SEMS**. Истата година Царинската управа воведе и **Електронски пребарувач на вести од медиумите** кој овозможува добивање на сите релевантни информации објавени во домашни и странски медиуми, во реално време. Во мај 2008 година Царинската управа **го уреди начинот на работа со лица што даваат информации (информатори) за потребите на царинското разузнавање**, нивната заштита, стандардниот пристап при нивната идентификација, како и припремата и управувањето со нив со цел обезбедување на постојан проток на квалитетни информации, процедурите за прибирање и чување на информации од информаторите и условите за давање надомест. Работата со информатори е уредна со **Упатство за работа со информатори** од мај 2008 година (ревидирано во декември 2011). Во март 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за работа на Одделението за разузнавање** (ревидирано во јануари 2012 година), со кое се уредува начинот на прибирање податоци и информации кои се од значење за спречување или откривање на царински прекршоци и кривични дела, нивна проценка, анализа, складирање и доставување до други организациони единици во Царинската управа или до надлежни надворешни субјекти.

## Селективни царински контроли базирани на анализа на ризик

Во услови на перманентно и рапидно зголемување на обемот на меѓународна трговија и бројот на трансакции, царинската контрола базирана на анализа на ризик претставува основна алатка за селекција на целите кои ќе бидат контролирани. Управувањето со ризик има за цел ефикасна и ефективна селекција на царинските пратки каде постои повисок ризик дека не се во согласност со законските прописи и насочување на расположивите ресурси кон овие пратки, а на трговијата каде не постои ризик да ѝ се овозможи слободен проток со минимум задржување.



Во 2007 година Царинската управа воведе електронски **Систем за информирање на менаџментот – SIM[55]**, кој служи за прибирање и анализи на податоци за активностите и прометот на граничните премини (возила, патници, контроли и резултати и др.). Во декември 2008 година е донесено **Корисничко упатство за работа со SIM**, со кое се уредува начинот на ажурирање, администрација и користење на информациите од апликацијата.

**Во 2008 година Царинската управа ја институционализира царинската контрола базирана на анализа на ризик со донесување на Упатство за вршење на селективни контроли во царинското работење.** Со ова Упатство се уредува селективниот пристап, базиран врз анализа на

[54] South-East European Messaging System

[55] Management Information System

ризик, при спроведување на царинските контроли. Истовремено, Царинската управа донесе и **Упатство за поставување и следење на минимални квантитативни цели за спречување нелегална трговија и за олеснување на трговијата** (ревидирано во август 2011 година). Врз основа на упатството, за секоја царинска испостава се поставуваат квантитативни таргети за секоја година, поделено на квартали и месеци, со обврска за известување за реализацијата. Таргетирани области се царинењето на стока (недекларирана стока, документи за докажување на царинската вредност како основа за пресметка и плаќање на увозни давачки, валидност на сертификати за преференцијално потекло на стоката како доказ за неплаќање увозни давачки, тарифното распоредување, повреда на права од интелектуална сопственост, физичка и документарна инспекција и др.), како и царинската контрола на граничните премини (број на заплени на стока, царински прекршоци, девизни прекршоци, повреда на права од интелектуална сопственост и др.).

Врз основа на контролите базирани на анализа на ризик, само во 2010 година се наплатени 21,5 милиони евра на име увозни давачки

Во 2008 година Царинската управа воведе и електронска **Апликација за евиденција на прометот на девизни средства, хартии од вредност и благородни метали**, при што ѝ е овозможен директен пристап и на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Во декември 2008 година Царинската управа донесе **Прирачник за работа со електронската апликација за евиденција на девизни средства**, како и **Упатство за примена на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам**. Истовремено, Царинската управа воспостави **детална електронска база на податоци за кривичните пријави** кои Царинската управа ги доставува до надлежното јавно обвинителство.





**Во 2009 година Царинската управа воспостави Централна листа на осомничени (ЦЛО)**, како електронска база на податоци на физички и правни лица и возила за кои оправдано се смета дека треба да им се посвети дополнително внимание при каква било царинска контрола. Во март 2009 година Царинската управа донесе Упатство за централна листа на осомничени (ревидирано во декември 2011 година), со кое се уредува начинот на подготовка и користење на ЦЛО, надлежноста и одговорноста на организационите единици во Царинската управа и на царинските службеници во подготовка и користење на ЦЛО. Во јуни 2009 година Царинската управа воведе електронска национална база на податоци за вредност (прибирање, обработка и дистрибуција на податоци за цените на стоките, како индикатор за реалноста на декларираните цени). Администрирањето и употребата се уредени со Инструкција за користење на националната база на податоци за вредност, донесена во јуни 2009 година.



Во ноември 2010 година започна реализацијата на втората фаза на проектот „Систем за електронска размена на податоци (SEED[56]) во земјите на Западен Балкан", финансиран од ЕУ. SEED треба да обезбеди електронска размена на податоци и споредба на транзитот помеѓу земјите од Западен Балкан, со што ќе се обезбеди повисок степен на царинска контрола и намалување на

56 Systematic Electronic Exchange of Data

криминалот и корупцијата, како и елиминирање на сегашното рачно споредување на транзитот помеѓу соседните земји.

За оперативна примена на постојната верзија на апликацијата во октомври 2010 година е донесен **Прирачник за работа со SEED,** како и **Упатство за работа со апликацијата за системска размена на податоци – SEED** со кое се уредува начинот на работа и стандардните процедури при размената на податоци. Упатството е доставено до царинските служби на соседните држави за нивно информирање и понатамошно користење. Во септември и декември 2010 година Царинската управа на Република Македонија со царинските управи на Албанија и Србија потпиша билатерални **Протоколи за електронска размена на царински податоци преку SEED**. Системот сеуште не е целосно оперативен.

**Во 2009 година Царинската управа воспостави електронска база на печати на сите странски царински органи, како и електронска база на податоци за хемиски супстанци кои претставуваат стока со двојна намена.**



Со цел обезбедување систематизиран пристап во управувањето со ризиците на граничните царински испостави и примена на контроли базирани на анализа на ризик, во 2010 година е воведен **Електронски систем за управување со ризик на граничните премини**, кој го опфаќа и некомерцијалниот (патничкиот) промет. Работата со системот е уредена со дополнувања на **Упатството за вршење селективни контроли во царинското работење** и **Корисничко упатство за работа со модулот за управување со ризик на граничните царински испостави**, донесени во ноември 2010 година. Системот обезбедува систематизирано внесување и анализа на податоци за резултати од спроведени контроли и изработка на ризични профили.




Во соработка со Владата на САД, во 2008 година Царинската управа воведе **електронски систем за лиценцирање, евиденција и анализа на ризик на стоки со двојна употреба**, тн. **TRACKER**. Податоците во системот ги ажурираат Министерството за одбрана и Министерството за економија. Во септември 2011 Царинската управа донесе **Упатство за работа со апликацијата TRACKER за контрола на стоки и технологии со двојна намена**, со кое се пропишува начинот на работа и стандардните процедури на работа со апликацијата.

Во 2010 година Владата на Република Македонија донесе Елаборатот за воспоставување на **единствен интергиран електронски систем за управување со ризик – САР** во кој ќе бидат вклучени сите институции кои вршат инспекциски надзор при увозот и транзитот на стоки. САР ќе овозможи електронска обработа на критериумите за анализа на ризик на сите инспекциски органи истовремено, при првиот внос на податоци за влез и транзит на стока во електронскиот систем за обработка на царински декларации. Истовремено, САР ќе ја забрза постапката на спроведување на потребните формалности на граничните премини и ќе создаде услови за извршување на т.н. „One Stop Shop" контрола на едно место, од страна на сите институции кои вршат инспекциски надзор. Размената на потребните информации помеѓу надлежните органи во вистинскиот момент, ќе овозможи зголемување на ефикасноста при селектирањето на вистинските цели. Подготвена е техничка спецификација и во тек е постапка за обезбедување финансиски средства за изработка на софтверот.

Царинската управа активно учествуваше во проектот на ЕУ „Проценка на ризикот за царините од Западен Балкан – **RACWeB**[57]", кој заврши во октомври 2010 година. Проектот имаше за цел да ја зголеми ефикасноста и транспарентноста на државите од Западен Балкан во проценката на ризикот, преку обезбедување поддршка при идентификацијата на ризиците со примена на техники на пребарување во базите на податоци, на национално и регионално ниво.

Во 2010 година Царинската управа воведе систем за **анализа на квантитативни податоци за увозот и извозот** (вредност, количина, наплатени увозни давачки) како основа за профилирање на области за царинска контрола на веќе завршени царински постапки, како и за профилирање на ризични области за идна контрола. Во тек е подготвка на соодветни пишани методологии.




*Пример: Анализа на Глава 61 : Облека и прибор за облека, плетени или хеклани*

Во мај 2011 година Царинската управа воведе електронска стоп листа на осомничени возила за кои основано се смета дека треба да им се посвети дополнително внимание при вршењето на царинските контроли. Истит месец е донсено **Упатство за користење на стоп листи при излез од Република Македонија**, со кое се уредува надлежноста и одговорноста на организационите единици во Царинската управа и на царинските службеници во нивна подготовка и користење.

Царинската управа подготви **Упатство за работа на Одделението за анализа на ризик**, со кое детално се уредува начинот на анализа и утврдување на ризиците, критериумите за анализа на ризик, примена и отповикување на критериумите, како и мерење на резултатите од царинската контрола базирана на анализа на ризик. Во царинарниците се воспоставува функцијата анализа на ризик, а подготвени се и стандардни типови на ризици од аспект на видот и начинот на транспорт (товарен и патнички патен сообраќај, товарен и патнички железнички сообраќај, товарен и патнички авионски сообраќај, поштански сообраќај, брзи пратки и др.).

## Царински истраги

Со цел обезбедување организирана и систематизирана поддршка на царинските истражни активности, во февруари 2001 година Царинската управа донесе **Упатство за работа на Одделенито за истраги**, со кое се уредува неговата работа и работата на Службата за борба против организиран криминал и Службата за борба против криумчарење, кои се во состав на Одделението за истраги.

Во јули 2009 година, Царинската управа донесе **Упатство за начинот и постапката на приведување, задржување и распит на физичко лице**, со кое се уредуваат начинот и постапката на приведување и задржување на осомничено лице како мерки за обезбедување на негово присуство за успешно

[57] Risk Assessment for Customs in Western Balkans

водење на кривичната постапка, како и начинот на распит на физичко лице осомничено за сторено кривично дело. Во август 2010 година Царинската управа донесе **Упатство за дополнителна проверка на документи за утврдување на царинска вредност** (ревидирано во февруари 2011), со кое се уредува начинот и постапката за дополнителна проверка на документи релевантни за утврдување на царинската вредност на стоката, како и обврските на надлежните организациони единици за водење на евиденција и доставување на информации поврзани со компаниите за кои е отпочната постапка за дополнителна проверка на документи за утврдување на царинска вредност. Во јануари 2010 година **Царинската управа ги преведе Компендиумот за царинска вредност и Коментарот на хармонизиран систем 2007 на СЦО на македонски јазик**. Овие публикации содржат основни информации и практични примери за утврдување на царинска вредност и практична примена на Хармонизираниот систем и претставуваат функционални алатки за олеснување на секојдневното работење на царинските службеници и за правилна примена на законите. Во јануари 2011 година Царинската управа донесе и **Упатство за верификација на докази за потекло** со кое се уредува постапката за верификација на доказите за преференцијално потекло на стоката, издадени согласно договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со земјите членки на ЕУ, EFTA и CEFTA, како и со Турција и Украина. Во јуни 2011 година, Царинската управа донесе и **Упатство за постапување при откривање на двојни фактури**, со кое се уредува начинот на постапување при откривање на двојни фактури при контрола на стоки, поштенски пратки и товарни моторни возила. Во март 2011 година, Царинската управа донесе **Упатство за подготовка и поднесување на кривична пријава,** со кое се уредува начинот на подготвување, изработка и поднесување на кривична пријава за кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција. Во декември 2011 Царинската управа донесе **Упатство за фотодокументирање и фотоархивирање**, со кое се пропишуваат стандардните процедури на фотодокументирање и начинот на фотоархивирање на откриени прекршоци, кривични дела и други видови незаконски дела од областа на царинското работење, како и специфицирање на потребната опрема за фотографирање. Во 2011 година Владата на Република Македонија формира Координативно тело за надзор на пазарот. Во овој контекст, во јуни 2011 година Царинската управа донесе **Упатство за примена на Законот за надзор на пазарот** (ревидирано во јули, август, септември и ноември 2011 година), со кое се уредуваат предметот, надлежностите и постапките при вршењето царинска контрола согласно Законот за надзор на пазарот од аспект на квалитетот и безбедноста на производите кои се внесуваат на пазарот во Република Македонија.



Во овој период Царинската управа постојано работеше на обезбедување **опрема за детектирање на нелегално внесување и транзитирање на радиоактивни материјали**. На граничните премини за патен и железнички сообраќај, како и на аеродромот Александар Велики во Скопје, се монтирани **портални детектори за детектирање на радиоактивно зрачење**. Исто така, Царинската управа обезбеди и повеќе видови на **преносни инструменти за детектирање на радиоактивни извори кои се употребуваат на граничните премини**. При детекција на радиоактивен извор, во соработка со надлежните институции, се врши детално испитување и спектроскопска анализа на изворот и се почитуваат сите неопходни безбедносни процедури. Во април 2009 година Царинската управа донесе и **Упатство за работа и постапување во случај на детектирање на зголемено ниво на јонизирачко зрачење**, со кое се уредува начинот за детектирање јонизирачко зрачење, постапувањето во случај на откривање на радиоактивен извор и заштитита на царинските службеници. Во јуни 2010 година е формирана **Комисија за**



**радиоактивна контрола** која има задача да постапува во случаи на детектирање на зголемено ниво на јонизирачко зрачење, да врши контрола на инструментите за детектирање на јонизирачко зрачење, контрола на изворите на јонизирачко зрачење, комуникација со државни и меѓународни органи задолжени за нуклеарна и радиоактивна проблематика, како и пролиферација на нуклеарно и радиолошко оружје.



Во 2008 година Царинската управа стави во функција интерен радиокомуникациски систем, а во април 2009 година донесе **Упатство за работа со радиокомуникацискиот систем** со кое се дефинираат опремата, локациите, начинот на употреба и надлежностите за одржување. Во септември 2008 година, со асистенција на Владата на САД, обезбедена е **нова техничка опрема за вршење царинска контрола** (бустер – инструмент за мерење на густина на материјалот со кој може да се пронајдат површински сокриени стоки во шуплините од возилата, фиберскоп – инструмент со чија помош може да се навлезе во шуплините на возилата (прагови, резервоари и др), ласерски мерач на далечина, пејџери за откривање на радијација и разна друга софистицирана опрема за откривање на скриена стока). Во 2008 година Царинската управа воведе модерно лично вооружување за заштита на царинските службеници при вршење на работните обврски. Во февруари 2009 година е донесено **Упатство за начинот на чување и употреба на огнено оружје во Царинската управа**, со кое се уредува начинот и условите на задолжување и чување на оружјето, како и за неговата употреба и раздолжување, особено на муницијата.





Во 2008 и 2009 година Царинската управа набави 7 нови царински кучиња. Со цел обезбедување системски уредено чување, дресура и употреба, во мај 2009 година Царинската управа донесе и **Упатство за чување, обучување и користење на царински кучиња за откривање дроги, психотропни супстанци и прекурзори**. Царинските кучиња се селектираат според желбата за игра, послушност, лесно водење, користење на класични играчки, адаптирање на временските услови, како и добар контакт помеѓу водичот и кучето.




**Во јануари 2008 година официјално се ставени во функција 4 мобилни рендгенски системи за контрола на возила со големи димензии и контејнери.** Со ова се воспоставени светски стандарди за забрзување и олеснување на прометот со стока, брза и квалитетна контрола на товарните превозни средства во поглед на содржината и видот на стоката која се пренесува, откривање на недозволена трговија и криумчарење или откривање на непријавена стока од било кој вид. Царинската управа во 2008 година донесе **Упатство за работа на Служба за мобилен скенер, Прирачник за работа** и **Прирачник за заштита од зрачење**.

Во средината на 2008 година **Царинската управа стави во функција два патролни чамци за надзор на границата на Преспанско и Охридско Езеро**, како и откривање шверц и криумчарење. Во август

2009 година е донесено **Упатство за работа со моторни чамци на Службата за мобилни тимови** (ревидирано во ноември 2011 година) и **Прирачник за работа со моторен чамец,** со кои се уредува начинот за безбедно ракување со моторните чамци, нивно пристанување или закотвување и контролните постапки за другите пловни средства.




Со цел организирање на работата, начинот на поставување и поефикасно користење и чување на мобилните рендгени за контрола на личен багаж, во ноември 2010 година Царинската управа донесе **Упатство за скенирање на личен багаж на патници со мобилен рендген** и **Прирачник за работа со мобилен рендген**, кој претставува информативно средство за сите систем оператори на LS207 Autovan системот, кое им овозможува правилна, безбедна и ефикасна употреба на истиот.




Со цел обезбедување на поголема сигурност на пратките и соодветен царински надзор, во јануари 2009 година **Царинската управа воведе нов вид на царински сигурносни пломби со единствени сериски броеви и електронска евиденција на начинот на нивно издавање, употреба и раздолжување**. Со овие царински пломби се заменуваат дотогашните (парче олово кое со клешта со жиг се притиснува на парче жица) кои не обезбедуваат евиденција на издавањето и употребата и лесно се злоупотребуваат. Со нивната примена се зголеми безбедноста на пратките со царинска стока во сите постапки (транзит, извоз и увоз) и се намалија ризиците во царинските постапки кои произлегуваат од застарениот систем на пломбирање кој се потпира врз оловни пломби и клешти. Со цел уредување на постапката на набавка, чување, издавање и употреба на новите царински пломби, во април 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за работа со царински пломби**.




Во рамки на Проектот за натамошен развој на царинската служба, финансиран од ЕУ преку IPA 2007, Царинската управа обезбеди **специјални детектори за откривање наркотици и експлозивни материи.** Во декември 2011 Царинската управа донесе **Упатство за работа со електронски детектори за наркотици и експлозив**, со кое се уредува организацијата на работа, начинот на поставување, користењето и чувањето на електронските детектори за наркотици и експлозив.

Во мај 2008 година Царинската управа донесе **Упатство за работа на Одделението за координација и комуникација (ОКК)** со кое за прв пат се уредува начинот на неговата работа. ОКК работи 24 часа секој ден (24/7). Основна задача на ОКК е прием на информации, првична анализа, проценка и нивно процесирање, давање логистичка подршка на царинските работници на терен и во царинските испостави, управување со **CCTV**[58], **ANPR**[59], системот за следење на службените возила на Царинската управа (GPS), администрирање на отворената телефонска линија 197 за пријавување криминал и корупција, како и координирање на системите за анализа на ризик и царински надзор надвор од редовното работно време. Во февруари 2011 година е воведен **Електронски дневник за дневните активности на ОКК – ЕДДА**, а истиот е уреден




58 Closed Circuit Television (Телевизија од затворен тип)

59 Automated Number Plates Recognition (Систем за автоматско препознавање на регистарски таблички)

со изменување и дополнување на Упатството за работа на ОКК (целосно усогласено со Законот за заштита на лични податоци). Од крајот на 2006 и почетокот на 2007 година, отворената царинска линија 197 се автоматизира со воведување на систем за снимање на телефонските пријави. Се имплементираа повеќе бази на податоци кои овозможуваат брза проверка и логистичка подршка на царинските службеници на терен. Публикуван е промотивен матерјал на повеќе јазици (македонски, албански, англиски, турски и француски), во форма на постери, флаери и огласни табли, а преку националната Македонска телевизија се емитуваа промотивни спотови. Во април 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за прием, обработка и постапување со повиците од отворената телефонска царинска линија 197**, со кое се уредуваат надлежностите за администрирање на системот. Примените повици се класифицираат од страна на ОКК во 3 класи: 1) информации за кои се бара неодложна акција, 2) информации кои бараат дополнителни испитувања и 3) информации проследени до СПО[60] кои се однесуваат на жалби за коруптивно и непрофесионално работење на царински работници.



**Во септември 2008 година Царинската управа воспостави централизирано контролиран систем за видеонадзор – CCTV**. CCTV овозможува видеонадзор, снимање и фотографирање на подрачјето на кое Царинската управа ги извршува своите функции, во реално време. CCTV обезбедува поддршка на активностите на Царинската управа за откривање и спречување недозволена трговија и шверц на стока, заштита на здравјето на луѓето и животната околина, сузбивање на злоупотребата на службени овластувања и несовесно вршење на службените должности, забрзување на трговијата и транспортот и ефикасно отстранување на евентуални застои, како и за обезбедување на вработените и имотот на Царинската управа. Системот е составен од 44 високобрзински куполни камери со можност за увеличување од 576 пати, 51 фиксна камера со широк динамички опсег и 132 камери со висока резолуција за препознавање на регистарски таблички со инфра-црвено осветлување, кои се организирано администрирани од страна на ОКК. Врз основа на анализа на ризик, разузнавачки и други информации, се определува задолжителниот надзор, а камерите снимаат 24 часа со повеќемесечно чување на записите. Пристап кон системот има и претставникот на Царинската управа во Националниот координативен центар за Интегрирано гранично управување. Во јануари 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за работа со CCTV** (ревидирано во април 2009 и март 2010 година) со кое се уредува начинот на работа, селективниот надзор базиран на анализа на ризик, овластувањата и пристапот кон системот, како и начинот на издавање и користење на снимениот материјал.




Во септември 2008 година Царинската управа на подрачјето на граничните и внатрешните царински испостави, постави **систем за автоматско препознавање на регистарски таблички на 132 коловозни ленти**. Негова основна намена е контрола на протокот на возила, откривање и спречување на недозволена трговија и шверц на стока. Воспоставена е електронска база на снимените регистарски таблички и софтвер за следење на раздолжување на транзитот. Со цел систематско и организирано користење на ANPR, Царинската управа во април 2009 година донесе **Упатство за работа со системот за автоматско препознавање на регистарски таблички** со кое се уредува начинот и надлежностите за администрирање на системот.

[60] Сектор за професионална одговорност

## Царинска лабораторија




Во 2007 година Царинската управа од Европската Комисија доби **авторизација за пристап како читач до IILIADe** (подгрупа на Групацијата на европски царински лаборатории), како еден од условите за унапредување и олеснување на начинот на обезбедување на стандардизирани аналитички методи по кои се вршат анализите за царински потреби.

Во мај 2008 година Царинската управа донесе **Упатство за начинот на земање и анализа на мостри**, со кое се уредува начинот на земање и доставување мостри на анализа, испитување, постапување по спроведената анализа и утврдување на трошоците за испитување. Целта е контрола на правилното тарифирање и целосна наплата на увозните давачки.

Во август 2008 година, со одобрување од Владата на Република Македонија, **Царинската управа и Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет (ПМФ) потпишаа Договор за деловно-техничка соработка**. Согласно овој договор, царинската лабораторија работи во просториите на Институт за хемија при ПМФ. Методите за анализи заеднички ги подготвува стручен тим составен од научно истражувачкиот кадар од Институтот за хемија и вработените во Службата за царинска лабораторија при Царинската управа. Во просториите на Институтот за хемија е инсталирана лабораториска опрема набавена со средства од Програмата CARDS 2005 (заедно со постојната лабораториска опрема на Царинската управа). Со цел воведување на систем за квалитет во согласност со ИСО 17025 стандардот, со помош на компетентни консултантски куќи, подготвени се сите потребни постапки, упатства и формулари.



*HPLC-течна хроматографија за анализа на шеќери*



*Kjeldahl анализер – за анализа на протеини*



*WDXRF- за анализа на сулфур во горива*



*GC/MS-гасен хроматограф за анализа на масти и масла од растително и животинско потекло*

Во 2010 година, Царинската лабораторија воведе методи за анализа на нафтени деривати и боја во минерални масла за домаќинство со течна хроматографија, УВ спектрометриска метода за одредување на обојувач и маркер во гориво, метода за анализа на јодати во сол и метода за содржина на сол во месо и производи од месо. Во март 2011 година, Царинската управа донесе **Упатство за прием, употреба и контрола на мерно-техничката опрема што се користи во царинската лабораторија,** изготвено согласно барањата на стандардот ISO 17025. Со ова Упатство се уредува начинот на ракување, одржување и исправноста на инструментите кои се користат во царинската лабораторија. Во април 2011 година, Царинската управа донесе **Упатство за работните простории на Царинската лабораторија, одржување и пристап на службени и надворешни лица**, со кое се уредуваат надлежностите во однос на одржување на лабораториската опрема и хигиената на работните простории, како и контролата на пристапот на надворешни лица во лабораторијата заради обезбедување на системот за чување на деловна тајна, доверливост и сигурност. Во јули 2011, Царинската управа донесе и **Упатство за земање на мостри од нафта и нафтени деривати,** со кое се уредува начинот на безбедно земање на репрезентативни мостри од нафта и нафтени деривати,

како и соодветниот прибор и амбалажа за земање и чување на мостри. Во август 2011, донесено е и **Упатство за начинот на земање и постапување со мостри за лабораториско испитување,** со кое се уредува постапката за земање и постапување со мостри за испитување во царинската лабараторија, како и **Постапка на спроведување на испитувања во царинската лабораторија,** со која се уредува начинот и редоследот по кој се спроведуваат постојните испитувања дефинирајќи ги одговорностите на учесниците во секоја активност. Во агуст 2011 година, Царинската управа донесе и **Постапка на обезбедување на услови на сместување и работна средина во царинската лабораторија**, со која се уредува начинот на кој се обезбедуваат неопходните услови за реализација на активностите и обврските во рамки на лабараторијата.

## Специјални (мобилни) единици

Основна функција на специјалните (мобилни) единици на Царинската управа (Одделение за оперативни работи) е сузбивање на криумчарењето на разни стоки на целото царинско подрачје на Република Македонија преку гранични и длабински контроли. Специјалните единици обезбедуваат поддршка на царинските службеници на граничните премини и царинските терминали, со изведување на стручни прегледи и акции. Членовите на специјалните единици се посебно обучени за преглед на патнички автомобили, камиони, автобуси, вагони, патници, багаж на патниците, простории и друго. Прегледите се вршат по конкретни добиени информации, планови, програми, анализа на ризик, како и по барање на други државни органи. Покрај претходното, во кординација со ОКК, специјалните единици спроведуваат и царински надзор на иматели на одобренија за локално царинење надвор од редовното работно време. Независното делувањето на специјалните единици, како поддршка на другите организациони делови на Царинската управа, е уредено со **Упатство за работа на Служба за мобилни тимови** од ноември 2010 година. Со цел зголемување на капацитетот за откривање и спречување обиди за шверц и криумчарење, на специјалните единици од 2008 година им е овозможен безжичен пристап кон ИТ системите на Царинската управа. Во септември 2008 година беа промовирани **нови царински униформи на специјалните единици**.



*Летна униформа на специјалните единици*



*Зимска униформа на специјалните единици*

## Контрола на трговски друштва

Во овој период Царинската управа интензивно работеше на зголемување на капацитетот во областа на контролата на трговските друштва од аспект на редовното царинско работење, издадените одобренија за царински постапки со економски ефект, акцизни одобренија и одобренија и лиценци за вршење работи на застапување во царински постапки.

| Вид на контрола | Број на контроли по години | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | |
| Контроли на трговски друштва | 145 | 223 | 167 | 60 | 57 | 652 |
| Контроли на иматели на царински одобренија | 280 | 402 | 382 | 357 | 464 | 1,885 |
| Контроли на иматели на акцизни одобренија | 0 | 0 | 0 | 67 | 38 | 105 |
| Контроли на иматели на шпедитерски одобренија | 0 | 4 | 7 | 1 | 0 | 12 |
| Контроли на иматели на други одобренија | 7 | 9 | 10 | 2 | 1 | 29 |
| **Вкупно** | **432** | **638** | **566** | **487** | **560** | **2,683** |

Во април 2009 година е уредено планирањето и спроведувањето на теренска контрола на трговски друштва, за што е донесено **Упатство за вршење на теренска контрола на трговски друштва** (ревидирано во декември 2011 година). Подготвено е и **Упатство за теренска контрола на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект**, како и **Упатство за**

**теренски надзор на иматели на акцизни одобренија**. Во тек е институционализирање на вонтеренската контрола. Во овој период се спроведени над 650 контроли на трговски друштва, над 1.800 контроли на иматели на одобренија и над 150 други видови на контроли. Притоа, Царинската управа воспостави стандарди за препознавање и признавање на интегритетот на царинските обврзници како: компании кои сакаат, знаат и се организирани за примена на стандардите за олеснување и контрола, компании кои сакаат, но на кои им треба помош да се организираат за примена на стандардите за олеснување и контрола, како и компании кои не се спремни да се придржуваат кон прописите.

## Царинска контрола

При спроведување на царинскиот надзор, царинските службеници се овластени да поднесуваат прекршочни и кривични пријави поради основано сомневање за сторени кривични дела (царинска измама, криумчарење, даночно затајување, недозволено производство и промет со акцизна стока, наркотици, оружје, фалсификување документи и др.). Во секојдневното работење, во зависност од видот на царинска контрола, се користи техничка опрема и службени автомобили опремени со светлосна и звучна сигнализација. Опремата за работа на терен се состои од: огнено оружје, лисици, гумена палка, телескопски палки, панцир елек, тактички елек, тактичка јакна, мобилен телефон, диктафон, лаптоп, мобилен печатар, дигитален фото-апарат, видео камера, лупа за откривање на фалсификати, сет за форензика, бустер, фиберскоп, тестери за наркотици, уреди за присилно запирање на возила и друга опрема. Врз основа на Законот за кривична постапка, судот по писмено барање од Царинската управа може да нареди преземање на посебни истражни мерки кога постојат основи за сомневање дека се подготвува, во тек е извршување или е сторено кривично дело.





*Царинска контрола во 1973 година*

Најголемиот број кривични пријави поднесени од страна на Царинската управа се однесуваат на делата царинска измама и криумчарење, за што судот изрекува казна затвор, парична казна, протерување на странец од земјата и одземање на стоката која е предмет на кривичното дело, одземање на предмети со кои е извршено кривичното дело, како и одземање на моторни возила со кои е превезувана криумчарената стока. Според Законот за кривична постапка, овластените лица на Царинската управа кои работат на откривање на кривични дела спаѓаат во категоријата на правосудна полиција, која презема мерки и активности по наредба или по насоки на јавниот обвинител. Царинската управа има надлежност, по наредба на истражен судија, да врши претреси на домови и други простории. При вакви претреси се пронајдени психотропни супстанции, брендирана стока, преносни компјутери и уреди за навигација. Како предмет на царинска измама се најзастапени прехранбените и текстилните производи, пијалоците, градежните материјали и акцизните стоки. Од областа на економскиот криминал се откриваат повеќе случаи на фалсификување на исправа, царинска измама и даночно затајување. Се фалсификуваат уверенија за движење на стоки, ТИР карнети и др.



*Контрола на царински склад - 2012*

Се откриваат повеќе случаи кога на царинските работници им се презентираат лажни фактури кои гласат на многу пониски вредности од вистинските, со цел да бидат избегнати вистинските износи на

увозните давачки. Царинската управа, врз основа на билатерални договори со други држави, до странските царински администрации поднесува барања за дополнителна верификација на фактури и документи за увозно оцаринета стока во Република Македонија. Врз основа на добиените негативни одговори се поднесуваат кривични пријави за сторено кривично дело царинска измама и даночно затајување.




Контрола на специјалните единици

„Модерните“ трендови во криумчарењето продолжуваат и во овој период: наркотици, девизи, мигранти, но има и сè повеќе реализирани заплени по основ на повреда на правата на интелектуална сопственост. Одземени се големи количини разни текстилни и козметички производи, обувки, очила, часовници и други производи со фалсификувани ознаки на брендови.




На 7 јануари 2007 година, на ГП Блаце, запленети се повеќе од 486 килограми кокаин. Ова е реализирано со помош на рендген комбе, а дрогата беше сокриена во камион во канти со боја




Обид за шверц на поголема количина ефективни странсики пари, сокриени околу телото на осомничениоит




Илегални мигранти откриени на ГП Богородица во 2009 со помош на мобилен скенер за контрола на големи возила и контејнери



*По извршен претрес на дом, во 2008 година се пронајдени психотропни супстанции од типот на марихуана, ЛСД, ПЦП, екстази и др.*

*По извршени претреси во приватни домови пронајдена е поголема количина на разновидна криумчарена брендирана стока од светски познати марки, кои се продавале во илегални „бутици“*





*Фалсификувани уверенија за одобрување на ТИР карнет, направен со скенирање на царинскиот печат и факсимил и нивно нанесување на уверението, откриени во 2009 година*



*150 илјади фалсификувани административни таксени марки откриени на ГП Јажинце во 2009 година*



*Хероин, пронајден во 2010 година, сокриен во прерамки од детски ранци*



*Фалсификувани таблети Viagra, Cialis, Kamagra и Levitra, пронајдени во 2012 година во патничко возило*



*Милиони парчиња цигари сокриени во цистерна, откриени во 2007 година*

*Радиоактивно зрачење над дозволеното ниво, детектирано во 2008 и 2009 година*





*Јахти регистрирани во странство, откриени во 2008 година, со нелегален престој во Република Македонија*



*Неовластено користење на екстралесна нафта како погонско гориво, откриено во 2011 и 2012 година*




Како резултат на системски мерки за јакнење на царинската контрола и сузбивање на злоупотребата на службената должност, според проценки на производители и увозници на тутунски производи, учеството на цигари на кои не се платени давачки во вкупната потрошувачка на цигари во Република Македонија бележи перманентен значителен тренд на опаѓање од околу 25% на почетокот на 2006 година, на околу 5% на крајот на 2011 година.

| Вид на кривично дело | Број на пријави по години | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | |
| Царинска измама | 52 | 51 | 42 | 60 | 39 | 244 |
| Криумчарење | 34 | 38 | 26 | 17 | 13 | 128 |
| Даночно затајување | 10 | 5 | 0 | 0 | 0 | 15 |
| Нелегален промет со акцизна стока | 57 | 38 | 33 | 2 | 7 | 137 |
| Нелегален промет со наркотици | 3 | 2 | 4 | 8 | 7 | 24 |
| Фалсификување документи | 7 | 21 | 5 | 2 | 6 | 41 |
| Други кривични дела | 4 | 10 | 12 | 12 | 5 | 43 |
| **Вкупно** | **167** | **165** | **122** | **101** | **77** | **632** |

Во периодот 2007-2012 година Царинската управа има поднесено над 630 пријави за основано сомневање за сторени кривични дела, од кои најголем број за царинска измама (над 240), криумчарење (над 120), нелегален промет со акцизна стока (над 130) и др. Истовремено се процесирани над 8.100 пријави за сторени царински, девизни и акцизни прекршоци, при што се донесени 5.300 решенија за сторени прекршоци и, покрај мерката одземање на стоката која е предмет на прекршокот, изречени се глоби во вкупен износ од околу 300 милиони денари. Спроведени се 7 илјади скратени постапки (мандатни казни) за сторени царински прекршоци, при што се наплатени 85 милиони денари на име глоба.




Заштитата на права од интелектуална сопственост во овој период стана редовна активност на Царинската управа, самостојно, но и во соработка со другите служби во државата и во странство со надлежности во оваа област. Директно се работеше на унапредување на соработката со производителите на стоки со

заштитен бренд и нивните претставници, зголемување на јавната свест за штетите од употребата на фалсификувана стока, како и јакнење на капацитетот на Царинската управа во спречување на производство и трговија со фалифкувана стока. Бројот на регистрирани барања на компании за преземање царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост перманенто се зголемуваше и достигна број од околу 300 заштитени трговски марки на крајот на 2011 година. Во продолжение на системските решенија за заштита на правата од интелектуална сопственост донесени во 2006 година, Царинската управа во 2007 година воведе нови критериуми за ризик за внатрешни царински испостави – INTEL кој се однесуваат на стока која повредува права од интелектуална сопственост. Евидентирани се фирмите увознички кај кои била откриена стока која повредува права од интелектуална сопственост, како и видот на стоката која е одземена и уништена.

Како резултат на зајакнување на системот и интензивирање на активностите кои резултираа со значителни заплени на фалсификувана стока, во годишниот извештај на СЦО – Customs and IPR Report 2007, Република Македонија беше рангирана на 10-то место во светот по бројот на реализирани царински акции за спречување повреда на правото на интелектуална сопственост.

Фирмите и тарифните ознаки се внесени во листата IPR во модулот на селективност во СОЦД – ASYCUDA. Направен е програмски код и извршено е тестирање на истиот во однос на погаѓање на декларации на тест серверот. По одобрување за имплементирање на критериумот, внесени се листите и критериумот во модулот за селективност во сите внатрешни царински испостави. Во 2007 година Царинската управа реализираше 325 акции во кои беа запленети околу 1,7 милиони парчиња фалсификувана стока. Ова темпо со стотици акции продолжи и во 2008 и 2009 година кога беа запленети по околу еден милион парчиња фалсификувана стока годишно. Интензивноста на акциите и заплените во овие 3 години придонесоа за значително намалување на обидите за увоз и транзит на фалсификувана стока, а со тоа и на присуството на фалсификувана стока во Република Македонија. Согласно законската регулатива, Царинската управа во овој период им асистираше на имателите на брендови при уништување на стотици илјади парчиња фалсификувана стока.

Советот на СЦО, на годишниот состанок одржан на 26-27 јуни 2009 година во Брисел, на Царинската управа на Република Македонија ѝ ја додели годишната награда – Трофејот Јоланда Бенитез за 2009 за најдобри достигнувања во заштитата на правата од интелектуална сопственост (Yolanda Benitez WCO Trophy 2009 Combating Counterfeiting and Piracy), конкретно за запленета фалсификувана стока што може да му наштети на човечкото здравје и безбедност.



## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Царинската управа во 2012 година ќе утврди критериуми и клучни индикатори за мерење на резултатите од изведувањето и реформите во сите сфери на царинско работење (усогласен со стандардите на ЕУ за мерење на резултатите од изведувањето).

Вработените во Царинската управа претставуваат најважен фактор за исполнување на мисијата и визијата на Царинската управа. Само стручни, ефикасни и компетентни вработени можат да придонесат Царинската управа своите надлежности да ги извршува навремено и законито во постапките што се спроведуваат и истите да ги поедностави и забрза. Во овој контекст, Царинската управа перманентно ќе го унапредува својот капацитет за управување со човечки ресурси, системот за вработување и внатрешно прераспоредување, системот

за обуки и стручно оспособување, системот за наградување и остварување кариера, механизмите за мерење на учинок, како и механизмите за професионална одговорност на вработените.

## Основна рамка

Во април 2011 година Царинската управа воспостави **Комитет за развој на институционалниот и административниот капацитет на Царинската управа,** кој има за цел перманентно анализирање на административната и организациската поставеност на службата и предлагање активности за нејзино унапредување. Тоа треба да придонесе за подобрување на начинот на извршување на надлежностите на Царинската управа дефинирани во регулативата и исполнување на стратешките приоритети и планирани активности. Во септември 2011 година Царинската управа донесе **Стратегија за управување со човечки ресурси 2011-2014,** со која се утврдува целта на управување со човечките ресурси, основните принципи на управување, политиките за управување и стратешките активности, со цел обезбедување, градење, одржување и професионален развој на вработените.

Царинската управа во 2012 година ќе подготви План за имплементација на Компендиумот на СЦО за управување со човечки ресурси и ќе обезбеди ISO стандард за инвестирање во луѓето.

## Вработување и кадровско администрирање

Во февруари 2007 година Царинската управа донесе **Оперативна инструкција за проверка на работните способности и процедурите за започнување на вработување со јавен оглас.** Со ова беа исполнети критериумите од Конвенциите и Препораките на Меѓународната организација на трудот (МОТ), Аруша декларацијата на Советот за царинска соработка, Законот за Царинската управа и Законот за спречување на корупција во делот на вработување. Изборот и селекцијата се врши врз основа на претходно утврдени критериуми и стандарди, со проверка на работните способности во зависност од посебните услови за работното место, која ја врши посебно формирана комисија. Оваа Оперативна инструкција е преточена во новиот **Колективен договор на Царинската управа** од јули 2010 година, целосно усогласен со Законот за работните односи и Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија. Како составен дел на Колективниот договор, во август 2010 година е донесен **нов Кодекс на однесување на царинските службеници** со кој се определува етичкото однесување на царинските службеници за време на вршење на работите, нивната обврска за почитување на законите, подзаконските акти, меѓународните договори, актите на работодавачот и се уредува начинот на постапување во одредени ситуации. Во јануари 2012 година е донесено **Упатство за подготовка на тестови во постапка на селекција и избор по јавен оглас,** со кое се уредува постапката за селекција и избор по јавен оглас за вработување на царинските службеници, како и изборот на членовите на комисијата за подготовка на тестовите и нивната надлежност, начинот на подготовка на испитните прашања и нивното доставување до Комисијата за селекција и избор.

Царинската управа има вопоставено целосна информатичка покриеност на евиденциите и процесите поврзани со управувањето со човечките ресурси, во рамките на Интегрираниот информативен систем – ИИС (детална персонална евиденција, регрутирање, евалуација на работната изведба, ги покрива деловните процеси кои се поврзани со управувањето со човечки ресурси и размена на податоци со останатите вработени кои се корисници на овој систем и др.). Покрај претходно донесените интерни акти, во 2010 година се донесени следните акти за уредување на работата на овој систем:

- Во март 2010 година е донесено **Корисничко упатство за работа со софтверот за мерење на учинокот на вработените,** со цел автоматизирање на процесите уредени со Оперативната инструкција за системот на оценување на царинските службеници;
- Во април 2010 година е донесен **Прирачник за работа со електронскиот систем за персонална евиденција,** во рамки на ИИС;
- Во мај 2010 година е донесено **Упатство за пристап во електронскиот систем за персонална евиденција,** со кое се утврдуваат податоците и евиденциите во електронскиот систем на персонална евиденција на вработените, се уредува начинот на ажурирање на податоците, на одобрување на овластување за пристап во персоналната евиденција, како и на подготовка на

податоци и извештаи;
- Во август 2010 е донесено **Корисничко упатство за работа со софтверот за регрутирање и вработување.** Со овој софтвер се обезбедува единствена база на податоци за кандидатите кои се пријавуваат на јавните огласи за вработување, како и автоматско префрлање на избраните кандидати во базата на вработени;
- Во февруари 2012 година е донесено **Корисничко упатство за евидентирање на дисциплински постапки и тужби од вработени во EDMS.**

## Обуки и стручно оспособување

Една од стратешките цели за создавање на високо професионален и добро обучен работен персонал се реализира преку обуки и стручно оспособување на царинските работници. Освен основните обуки кои се задолжителни за нововработените царински службеници, Царинската управа води грижа и за надградбата на знаењата на царинските службеници со организирање на повеќе специјализирани обуки за специфични области од аспект на царинското работење.

Во овој контекст, во март 2007 година Царинската управа донесе **Стратегија за обуки и стручно оспособување на царинските службеници.** Со стратегијата се воспоставени основните принципи на политиката на обуки и стручно оспособување. Предвидени се нови начини и методи за изведување на обуките, како што се електронското учење и обуки за соодветни групи на учесници со примена на интерактивни методи на обука. Врз основа на стратегијата, во април 2007 година Царинската управа донесе **Програма за електронско учење.** На почетокот на 2011 година Царинската управа донесе нова **Стратегија за обуки и стручно оспособување на царинските службеници 2011-2013,** која има за цел да воспостави одржлив, стабилен и сеопфатен систем на обука и развој на царинските службеници и ќе придонесе кон остварување на стратешките цели на Царинската управа. Врз основа на стратегијата, Царинската управа донесува годишна **Програма за обуки и стручно оспособување,** со детални информации за видот и целта на обуката, целните групи, периодот и времетраењето на обуката, како и информации за обучувачите. Обуките за новопримени царински службеници се изведуваат врз основа на Програми за основни обуки. Подготвката и спроведувањето на обуките ги врши **Одделението за обуки,** во соработка со други организациони единици и вработени во Царинската управа.

Со средства од Програмата CARDS 2005, **во 2008 година набавена е и ставена во функција опрема за симултан превод,** како и информатичка опрема. Опремата е во функција на зголемување на ефикасноста на обуките и другите видови стручно оспособување на царинските службеници.

**Во 2008 година посебна мисија на СЦО во Царинската управа ја инсталира нивната платформа за електронско учење (e-learning).** Извршена е обука на вработените за нејзино користење и изработен е план за инсталирање на модулите и системот во согласност со Стратегијата за обуки и стручно усовршување на царинските работници, Акциониот план и Годишната програма за обуки. На македонски јазик се преведени модулите за гранични контроли, интегритет, SAFE Програмата и измените на хармонизираниот систем. Во март 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за користење на програмата за електронско учење.**

**Во март 2008 година е воспоставена царинска библиотека.** Обезбедени се средства и простор и направен е попис на сите собрани пишани и видео материјали, систематско класифицирање и евидентирање според областа за која се однесуваат и пропишана е процедура за дополнување на библиотечниот фонд. Списокот на книги, публикации, видео и аудио материјали е објавен на интранет страната на Царинската управа и е достапен за користење од страна на сите вработени. Во 2011 година Царинската управа воведе **електронски документационен центар** кој на секој вработен му овозможува да ги следи трендовите и праксите во царинското работење. Во март 2011 година е донесено

> Документациониот центар содржи: печатени и електронски публикации, носачи на тон и слика (аудио и видеокасети, компакт дискови, ЦД-ромови и слично) и други поинаку умножени публикации (книги, брошури, весници, списанија, докторски дисертации, магистерски трудови, скрипти, ракописи, каталози, проспекти, плакати, летоци, програми, разгледници, календари, фотографии и други дела изработени во техника сродна на фотографската), софтвери, дијапозитиви, микрофилмови, информативни материјали создадени со репрографски техники и др.




**Упатство за документационен центар на Царинската управа** со кое се уредува воспоставувањето и одржувањето на документациониот центар, како и начинот на користење на содржините од страна на вработените. Со воведување на документациониот центар, Царинската управа овозможи секој вработен да има можност да ги следи трендовите и праксите во царинското работење. Уште повеќе, со напредокот на информатичките технологии на интранет страната на Царинската управа се отвори **е-енциклопедија** во која царинските службеници имаат пристап до сите материјали од одржани обуки класифицирани по области.

Во јуни 2009 година Царинската управа на својата интранет страна постави **Форум кој им овозможува на царинските службеници до надлежните организациони единици во Централната управа да доставуваат прашања по електронски пат** поврзани со распоредување на стока по тарифа, царинска вредност или потекло. Администрацијата и употребата се уредени со **Инструкција за користење на апликацијата за националниот форум (прашања и одговори).**



Врз основа на иницијатива на Економскиот факултет во Скопје и Царинската управа од 2007 година, поддржана од Владата на Република Македонија, во мај 2009 година во Берген, Норвешка, директорите на царинските управи на Европскиот регион на СЦО, едногласно го прифатија предлогот за отворање на Регионален тренинг центар (РТЦ) на СЦО со седиште во Република Македонија. Во овој контекст, директорот на Царинската управа и деканот на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на 16 јули 2009 година потпишаа Меморандум за деловно-техничка соработка. **На 28 септември 2009 година во Скопје е потпишан Меморандум за соработка помеѓу СЦО, Царинската управа на Република Македонија и Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за основање на Регионален тренинг центар на СЦО во Република Македонија.** Преку континуирано одржување на обуки, РТЦ има за цел да даде придонес кон градењето на административниот капацитет на царинските служби во регионот (Македонија, Србија, Косово, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Турција и Молдова) во насока на зголемување на квалитетот и забрзување на царинските постапки, притоа имајќи ја предвид и основната цел на формирањето на СЦО како меѓународна организација за глобално усогласување на царинското работење. Во април 2011 година, Царинската управа донесе Стратегија за работа на РТЦ за период 2011-2013. Кон крајот на 2011 година воведен е посебен портал на РТЦ на интернет страницата на Царинската управа, а во почетокот на 2012 година донесена е и Програма на обуки на РТЦ.




Преку Програмата на Европската Комисија „Царина 2013“ во 2010 година се воведени курсеви за електронско учење на актуелни теми од царинското работење, утврдени од страна на Европската Комисија. Курсевите за електронско учење не се наменети само за царинските службеници, туку и за бизнис

заедницата и за сите учесници во царинската постапка – шпедитери, увозници и извозници. Овој нов пристап во обуката и стручното оспособување овозможува постојано покривање на повеќе области од заеднички интерес за учесниците во царинските постапки. Курсевите за електронско учење се преведени и ставени на интернет, односно интранет страница на Царинската управа, со цел истите да бидат лесно достапни и за бизнис соработниците и за царинските службеници. Нивното користењето е бесплатно. Во мај 2011 година Царинската управа донсе **Упатство за е-систем за управување со курсеви за електронско учење – Dokeos**[61]**,** со кое се уредува воспоставувањето, одржувањето и работата со е-Системот за раководење со курсевите за електронско учење, како и процедурите за регистрирање и користење на истиот од страна на вработените во Царинската управа.




Во текот на 2010 година е надграден и постојниот систем за видео конференција со нови уреди кои создаваат можност за вклучување на корисници на персонални компјутери, без потреба од користење на специјализирани уреди. Покрај досегашните постојани видео врски на царинарниците со Централната управа, создадена е можност за вклучување на царинските испостави во системот, со што се овозможува следење на обуките од своето работно место, без потреба за патување на вработените. Истовремено преку овој систем ќе се оформи збирка на обуки достапни за секој вработен. Во декември 2011 година е донесено **Упатство за видеоконферндиско учење,** со кој се уредува постапката за спроведување обуки преку системот за видеоконференција.

Во јули 2011 година е донесена **Програма за физички тренинг и боречки вештини за царинските службеници,** која има за цел зголемување на безбедноста на царинските службеници при спроведување на царински надлежности кај кои постои опасност при нивно извршување, преку подобрување на физичката подготвеност и стекнување со одбранбени техники.

Царинската управа во областа на обуките континуирано низ сите овие години остварува успешна соработка со други институции и организации од земјава и странство, како што се царинските служби на Холандија, САД, Словенија, Чешка, Полска, Франција, Велика Британија, Азербејџан и Белгија, како и амбасадите на САД, Велика Британија, Франција, Словенија и Турција. Се користеа сите можности за обуки, како што се Eurocustoms преку програмата PHARE, CAFAO-MAK, SECI, TTFSE, TEMPUS, USAID, CARDS, TAIEX, Customs 2013 и други. Во 2010 година започна да се користи **TAIEX инстументот на Европската Комисија.** Се работеше на темите: царинската тарифа, царинската вредност (Германија), EORI – концепт за регистрација и идентификација на економските оператори (Чешка), апликација на методи во царинска лабораторија (Финска), систем за кодирање на мерките во ТАРИК (Белгија), заштита на правата на интелектуална сопственост (Холандија), информација за пред заминување и пред пристигнување на пратките, конвенција за заедничка транзитна постапка, побарување на царински, даночни и акцизни давачки, запознавање со модернизираниот царински закон на ЕУ, контрола на акцизните добра (Велика Британија), правила за потекло и надзор на пазарот.

Во текот на сите овие години Царинската управа разви и постојано ја одржува соработката со образовните институции во Република Македонија преку организација и одржување на редовните летни пракси наменети за студенти. Праксите се изведуваат во организационите единици на Царинската управа – внатрешните

> Во 2010 година на Царинската управа ѝ беа одобрени 15 TAIEX мисии од страна на Европската Комисија, а 9 во 2011 година.

[61] Dokeos е софтвер со лиценца за бесплатно користење, без дозвола за негова измена. Dokeos претставува систем за електронско раководење со обуките – Learning management system (LMS)

царински испостави, граничните премини, како и Централната управа. Студентите практично се запознаваат со царинското работење, потпомогнати од страна на искусните царински службеници. Во март 2011 година Царинската управа донесе **Упатство за практикантска работа во Царинската управа,** со кое се уредува постапката за организирање на пракса во службата.

## Евалуација на работниот учинок, наградување и напредување во кариерата

Со цел проверка и унапредување на стручните познавања, во декември 2007 година Царинската управа донесе **Оперативна инструкција за системот на оценка на работата на царинските службеници,** со која се пропишува целта на оценувањето, периодот на оценување, критериумите за следење и оценување на работата на царинските службеници, начинот и постапката за оценување на работата на царинските службеници, постапката по завршеното оценување и обрасците за извештајот за оценување на царинските службеници. Во август 2008 година Царинската управа донесе **Правила и критериуми за избор на најдобра гранична и внатрешна царинска испостава** по квартали. Изборот се објавува на интернет и интранет страницата на Царинската управа. До крајот на 2008 година вработените во селектираните најдобри царински испостави се наградуваа со бонус во висина од една плата. Во март 2011 година е донесено **Упатство за начинот на доделување и замена на ознаката на чинот на царинските службеници,** согласно степенот на стручна спрема и работните обврски на царинскиот службеник.

Во август 2011 година Царинската управа донесе **Упатство за мерење на успешноста на кривичните пријави** со кое се пропишани критериумите и постапката за нивно мерење од страна на надлежните организациони единици на Царинската управа. Истиот месец се донесени и **Упатство за мерење на успешноста на барањата за поведување на прекршочна постапка** со кое се пропишани критериумите и постапката за мерење на нивната успешност, **Упатство за мерење на успешноста на дисциплинските постапки** со кое се утврдени критериумите, начинот и постапката за мерење на нивната успешност и **Упатство за мерење на успешноста на управните постапки** со кое се утврдени критериумите, начинот и постапката за нивно мерење. Во ноември 2011 година е донесено и **Упатство за мерење на успешноста во застапување пред судовите,** со кое се утврдуваат критериумите и постапката за мерење на успешноста со цел е да се добие реална слика за ажурноста, ефективноста и ефикасноста на процесот на застапување пред судовите.

> Царинската управа во 2012 година ќе донесе Упатство за постапката, начинот и формата на самооценување на вработените и мерење на задоволството од работата

Во мај 2007 година Царинската управа донесе Оперативна инструкција за **спроведување интерен оглас за пополнување на слободни работни места во Царинската управа.** Овој начин на пополнување на слободни работни места им дава еднакви можности за напредување во кариерата на сите царински службеници кои ги исполнуваат условите за односното работно место. Постапката ја спроведува посебно формирана комисија. На крајот на мај 2007 година објавен е прв интерен оглас според новите правила. Во ноември 2011 година министерот за финансии донесе **Правилник за начинот на унапредување на царинските службеници,** со кој дополнително се зголемува транспарентноста на постапките за унапредување на царинските службеници, базирано на професионалните активности и квалификации на царинските службеници, нивната работна способност, завршените обуки и оценката на работната изведба, независно од полот, бојата на кожата, политичкото и верското убедување. Во декември 2011 година, Министерот за финансии донесе **Правилник за висината на надоместокот за закупнина и начинот на обезбедување на стан под закуп** со кој се пропишуваат критериумите за утврдување на висината на надоместокот за закупнината на стан во местото на работење, во случај на прераспоредување на царинскиот службеник во текот на работниот однос на работно место кое е оддалечено над 100 километри од местото на живеење.

## Интегритет

Со цел поефикасно спроведување на стратешките цели за превенција и спречување на корупцијата, во втората половина од 2007 година Царинската управа **ја усвои Ревидираната Аруша декларација** (испечатена е брошура која е поделена и презентирана на вработените) и донесе **Стратегија за**

**интегритет и борба против корупцијата** усогласена со духот и целта на Аруша декларацијата, како и **Акционен план за имплементација на целите на Стратегијата.** Кон крајот на 2010 година Царинската управа подготви ревидирана **Стратегија за интегритет и борба против корупцијата во Царинската управа за 2011-2014 година.** Стратегијата има за цел да воспостави проактивен пристап во борбата против корупцијата, каде акцентот ќе биде ставен на превенцијата пред репресијата.

Во октомври 2007 година, Царинската управа и Синдикалната организација потпишаа **Кодекс на однесување во Царинската управа.** Во Кодексот се утврдени основни принципи на однесување и работење при извршување на работните задачи: лична одговорност, почитување на правото, непристрасност, односи со странките, подароци, награди и друг вид на корист, избегнување на судир на интереси, политички активности, однесување со работи поврзани со пари, доверливост и употреба на службени информации, употреба на средствата за работа и за легитимирање, работна средина, однесување во приватниот живот и дисциплинска одговорност. Во јули 2010 година е потпишан **нов Колективен договор на Царинската управа,** целосно усогласен со Законот за работните односи и Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија. Како составен дел на Колективниот договор, во август 2010 година е донесен **нов Кодекс на однесување на царинските службеници** со кој се определува етичкото однесување на царинските службеници за време на вршење на работите, нивната обврска за почитување на законите, подзаконските акти, меѓународните договори, актите на работодавачот и се уредува начинот на постапување во одредени ситуации.

Кон крајот на 2007 година платите на вработените беа зголемени за 10%. Понатаму, **во август 2008 година е реализирана законската можност за зголемување на платата на царинските службеници за 30%, а во септември 2008 година,** во рамки на генералното зголемување на платите на буџетските корисници, платите на царинските службеници се зголемени за дополнителни 10%. **Кумулативно, за една година платите на царинските службеници беазголемени за над 55%.** Во втората полови од 2009 година е реализирана и законската можност и **воведен е бенифициран стаж за царинските службеници.** Во зависност од утврдените специфични тешки и ризични услови, за одредени работни места се плаќа дополнителни 2 до 4 месеци придонеси за пензиско осигурување за секои 12 месеци стаж.



Во **ноември 2008 година, за прв пат по донесување на Законот за Царинската управа од 2004 година, 32 царински службеници вработени во 2007 година, по успешно поминување на пробната работа и стручната обука, дадоа заклетва** со која се обврзуваат на почитување на Уставот и законите на Република Македонија, правилна примена на царинските прописи, почитување на одредбите од Кодексот за однесување и правилата за ред и дисциплина на Царинската управа, како и на професионално, стручно, чесно и одговорно извршување на своите работни обврски.

Во ноември 2011 година е донесена **Насока за начинот на постапување на вработените во Царинската управа во случај кога им се дава, ветува или понудува подарок или друга корист** со цел да се влијае на работењето во рамките на службата, со која се уредува начинот на нивно однесување и постапување.

Во рамки на активностите за системско поставување на борбата против корупцијата, во 2007 година Царинската управа воспостави **евиденција на кривични предмети против вработени и поранешни царински службеници** и **евиденција на истражни и дисциплински постапки против царински службеници.** Истовремено, воведена е пракса на испитување на целокупното работење на

вработените кај кои е утврдена злоупотреба на службена должност, покренување кривични пријави против вработените кои со злоупотреба на службената должност го оштетиле буџетот, покренување барања за обештетувања со забрана на располагање со имотот против вработените кои го оштетиле буџетот, известување на Државната комисија за спречување корупција за вработените кои треба да им поднесат анкетен лист за имотната состојба, известување на УЈП за сомневања во потеклото на имотот на вработените и објавување на имињата на вработените против кои се изречени дефинитивни казнени мерки, но и на наградените за посебни резултати во работата.

Во јули 2008 година Царинската управа донесе **Правила со кои се пропишува редот и дисциплината во Царинската управа.** Вработените во Царинската управа се должни да ги познаваат, применуваат и почитуваат одредбите на овие правила. Во август 2010 година се донесени **нови Правила за ред и дисциплина во Царинската управа** со кои се уредува начинот на однесување на вработените за време на работа, нивните обврски кон работодавачот, обврска за придржување кон правилата и одговорност во случај на постапување. Во септември 2011 година со денесени нови измени и дополнувања на Правилата за ред и дисциплина во Царинска управа со кои се додаваат две нови правила поврзани со однесувањето на царинските работници при телефонска и друга комуникација со странките и клиентите.

Во мај 2008 година е донесено **Упатство за спроведување дисциплински постапки во Царинската управа** со кое се уредува начинот на иницирање постапка за утврдување на постоење на дисциплинска одговорност, работењето на дисциплинските комисии и утврдување на фактичката состојба.

**Секторот за професионална одговорност (СПО) е целосно екипиран во 2007 година.** Одделението за внатрешна инспекција врши перманентни инспекции на спроведувањето на царинските постапки во цела Царинска управа, додека Одделението за внатрешни истраги спроведува контроли по конкретни случаи за основано сомневање за сторени дисциплински повреди од страна на вработените во Царинска управа. Во декември 2008 година е донесено **Упатство со кое се уредува начинот на постапување на инспекторите во Секторот за професионална одговорност** во врска со:

- откривањето и утврдувањето на појави на незаконско постапување на царинските службеници во вршење на царинските работи,
- овластувањата на службените лица во вршење на посебните должности и овластувања,
- вршењето контрола на почитувањето на прописите и квалитетот на работењето во службата,
- евиденцијата, посебната заштита и одговорноста на работниците во СПО при извршувањето на нивните работни задачи и задолженија.

| Организационен дел | Број на истраги | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| Централна управа | | 20 | 44 | 65 | 40 |
| Царинарница Скопје | 65 | 33 | 24 | 18 | 15 |
| Царинарница Куманово | 29 | 22 | 24 | 15 | 10 |
| Царинарница Штип | 57 | 18 | 11 | 3 | 8 |
| Царинарница Гевгелија | 62 | 22 | 12 | 6 | 8 |
| Царинарница Битола | 27 | 25 | 12 | 5 | 12 |
| Вкупно | 240 | 140 | 127 | 112 | 93 |

| Организационен дел | Број на испекции | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| Централна управа | 2 | 17 | 35 | 53 | 3 |
| Царинарница Скопје | 10 | 9 | 8 | 14 | 20 |
| Царинарница Куманово | 1 | 2 | 4 | 5 | 4 |
| Царинарница Штип | 9 | 8 | 4 | 3 | 4 |
| Царинарница Гевгелија | 6 | 5 | 2 | 10 | 7 |
| Царинарница Битола | 5 | 5 | 5 | 1 | 7 |
| Вкупно | 33 | 46 | 58 | 86 | 45 |

Во овој период СПО спроведе над 750 внатрешни истраги во царинарниците и Централната управа, што резултираше со записници и постапки за утврдување постоење дисциплинска одговорност. Истовремено, СПО интензивно вршеше инспекција на спроведувањето на царинските постапки, при што се извршени над 270 внатрешни инспекции кои резултираа со унапредување на свеста на царинските службеници за важноста на детално придржување кон прописите при спроведување на царинските постапки. Во овој период е целосно екипирано и Одделението за внатрешна ревизија, кое до крајот на 2011 година спроведе 102 внатрешни ревизии над работните процеси со 382 препораки за унапредување на истите. Во Одделението за внатрешна ревизија е воспоставена евиденција на процесите, процедурите и ризиците на сите организациони единици во Царинската управа. Во 70 организациони единици на Царинската управа изготвени се и доставени 582 пишани работни процедури со матрици за оценка на ризиците.

Во 2008 година **Царинската управа од Државната комисија за спречување на корупција презеде 812 анкетни листови за имотната состојба на царинските службеници,** а согласно Законот за спречување на корупцијата, според кој, обврската за прибирање, евидентирање и чување на анкетните листови за службените лица е на органот во кој е вработено службеното лице. Во рамки на ИИС воведен е електронски систем за евиденција и администрирање на анкетните листови. Во мај 2010 година е донесено **Корисничко упатство за работа со софтверот за евиденција на анкетни листови,** со кое се уредува начинот, постапката, надлежностите и овластувањата за администрирање и користење на електронската евиденција на анкетните листови за имотната состојба на вработените во Царинската управа.

Во април 2009 година Царинската управа воведе систем за ротирање и прераспоредување на царинските службеници. Донесено е **Упатство за ротирање и прераспоредување на царински службеници,** со кое се дефинираат целите, видовите и начинот на ротирање и прераспоредување на царинските службеници во циклуси и поединечно, со цел транспарентно намалување на изложеноста на евентуална злоупотреба на службената должност.

Царинската управа има план во 2012 година да воведе анкета на задоволство на вработените, критериуми и начин на спроведување на анкетите за мерење на перцепцијата за корупцијата на сите нивоа во Царинската управа, систем за мерење на успешноста во спречувањето на корупцијата, како и пристап на вработените во електронската евиденција на своето работно досие.

## Синдикално организирање на вработените

Екипа од Царинската управа на Република Македонија, во ноември 2008 година, во Ломел, Белгија, учествуваше на 14 светски турнир во мал фудбал на униформирани лица, и во конкуренција на 24 екипи од цела Европа, во категорија на играчи над 35 години, го освои второто место. Овој турнир важи за неофицијално светско првенство на униформирани лица (полиција, царина, гранична полиција и пожарникари). Интегритетот на вработените во Царинската управа значително беше унапреден со зајакнување на синдикалното организирање и работа. Во 2009 година вработените формираа мнозински независен синдикат, со кој раководството на Царинската управа потпиша Колективен договор. Самостојниот синдикат на Царинската управа ја продолжи традицијата на организирање на синдикални спортски игри. Во септември 2009 година се одржаа првите синдикални игри на вработените во Царинската управа. Во духот на фер-плеј, олимпизам, другарството и пријателството, за време на дводневните натпреварувања се одржаа натпревари во седум дисциплини – фудбал, кошарка одбојка, стрелаштво, шах, пинг-понг и влечење на јаже. На игрите учествуваа 150 учесници. Ваквиот начин на дружење и соработка на вработените во Царинската управа, придонесува за подобрување на комуникацијата, натамошно зацврстување на соработката и тимската работа. Самостојниот синдикат на Царинската управа беше активен на повеќе полиња. Издвојуваше помош за вработените во Царинската управа, активно учествуваше во донесувањето на измените на колективниот договор на Царинската управа, воспостави контакти за идна блиска соработка со синдикалните организации на царините на Бугарија и Србија. Покрај индивидуалните активности, вработените во Царинската







управа по повод Денот на царината – 14 април, континуирано организираат крводарителски акции со постојано зголемување на крводарителите и собраните единици крв. Самостојниот синдикат на Царинска управа ги поддржува и учествува во организацијата на спортските активности на вработените во Царинската управа. Така, претставници на синдикатот учествуваа на ,,Второ годишно обединување на цариници мотоциклисти" што се одржа во Република Чешка. На оваа манифестација покрај цариниците – мотоциклисти од Македонија, учествуваа и цариници од Германија, Франција, Англија, Словачка и Чешка. Синдикатот на царинските работници на Сојузната управа на царини, исто така бил носител на организирањето на средби во духот на спортските активности. Тоа било спортско дружење на ниво на поранешната југословенска држава, каде се среќавале претставници на спортските екипи од сите републики на југословенската федерација.





## ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА

Правилната организација на работа и соодветната административна поддршка претставуваат основа за рационално користење на ресурсите и ефикасно спроведување на царинските надлежности. Во овој период Царинската управа интензивно работеше на воведување системи и процедури за управување со сите видови на ресурси во сите области (покрај човечките ресурси). Во април 2011 година Царинската управа донесе **Упатство за вршење на превод,** со кое се уредува начинот и постапката за вршење на устен и писмен превод, проверка на превод за потребите на организационите единици на Царинската управа, како и постапката за користење на услуги за превод од трети лица. Во јуни 2011 година е донесено **Упатство за евидентирање на историјата на Царинската управа,** со кое се уредува нејзино евидентирање и чување, се одредуваат надлежностите за воспоставување на постојната историја, начинот на постапување со новосоздадените и собраните материјали и предмети, изложување, издавање и распоредување во работните простории на Царинската управа.

Во рамки на проектот Проценка на потенцијалот за добро управување во Македонија, проект на Фондацијата институт отворено општество Македонија, на 3 јули 2008 година на Царинската управа ѝ беше доделено признанието за добро управување во категоријата на органи на државната управа. Критериуми за избор на конкурсот беа оценката на степенот на професионалност, ефикасност, стручност и обука на администрацијата, вработување на администрацијата, владеење на правото, транспарентност, отчетност, јавни набавки, финансиски менаџмент и контрола.

### Административни постапки

Во 2008 година Царинската управа донесе **Упатство за начинот и техниката за постапување со документираниот материјал и архивската граѓа во канцеларискотo и архивското работење,** кое има за цел ажурно, точно и навремено доставување на документите, избегнување губење документи и штети, како и олеснување на пребарување во истата.

Кон крајот на 2008 година беше завршена првата фаза од Интегрираниот информативен систем на Царинската управа – ИИС, кој има за цел воспоставување на систем за управување со документи (EDMS), материјално финансиско работење и управување со човечките ресурси.

ИИС опфаќа над 170 идентификувани и опишани работни процеси, утврдува максимални рокови за завршување на работните процеси, идентификува врски помеѓу работните процеси, стандардни типови на документи и електронско потпишување на документите. EDMS опфаќа архивирање и




обработка на електронски документи и електронски копии на хартиени документи, циркулирање на електронски документи и електронски потпис, електронско следење на статусот на документите од аспект на подготовка, дистрибуција, движење, архивирање, локација, автентичност, безбедност и историја. EDMS овозможува централизирано прифаќање на електронски и хартиени документи, автентични авторизирани копии на хартиени документи, централизирана физичка и логичка архива, авторизација и безбедност на документите на ниво на поединечен документ, организациона единица, групи на корисници, функционалности, привилегии и работни процеси, електронско пребарување и следење на документите, скенирање, класифицирање, означување, снимање, примање и испраќање на влезна, излезна и интерна пошта, назначување надлежности за документите по извршител и организациона единица, фази на работните процеси, како и електронска размена на документи со надворешни соработници. **Од 1 јануари 2010 година употребата на EDMS стана задолжителна во Царинската управа.** Функционирањето на EDMS е уредено со следните акти:

- **Упатство за начинот на работа со електронскиот систем за управување со документи,** со кое се пропишува начинот на работа и движење на документите во организационите единици на Царинската управа преку EDMS, доставување на оригиналните документите до организационите единици, како и обврските и надлежностите на вработените;
- **Прирачник за интерна комуникација помеѓу организационите единици во EDMS,** со кое се уредува хоризонталната и вертикалната комуникација на електронските документи помеѓу организационите единици на Царинската управа;
- **Корисничко упатство за дигитално потпишување на документи во EDMS;**
- **Правила за работа на EDMS HelpDesk** кој има за цел давање техничка помош и совети на крајните корисници за отстранување на тековни проблеми во функционирањето на EDMS, како и давање насоки и преземање мерки за унапредување на EDMS;
- **Администраторско упатство за поднесување на можностите за автоматски нотификации во EDMS** и тоа: e-mail известување на вработени при доделување на предмет, e-mail известување на раководители при промена на фаза на предмет и SMS известувања за странки;
- **Корисничко упатство за работа со EDMS за корисници на WEB клиент** (EDMS е WEB апликација);
- **Корисничко упатство за промена на лозинка на WEB страницата на Царинската управа,** за користење на EDMS;
- **Корисничко упатство за WEB скенирање на документи,** алатката за WEB скенирање наменета за скенирање на хартиени верзии од документацијата преку користење на WEB

верзијата на EDMS, достапна на сите корисници на EDMS;
- **Упатство за обработка на документи од вид фактури во EDMS;**
- **Корисничко упатство за евиденција на управни предмети во EDMS,** со кое се уредува евидентирањето во уписникот за предметите од првостепената управна постапка;
- **Упатство за пребарување на интерни акти, меѓународни царински термини и дефиниции во EDMS,** со кое се опишува начинот на пребарување на интерни акти донесени од страна на Царинската управа, како и меѓународни царински термини и дефиниции;
- **Упатство за работа со активна, пасивна и трајна база на податоци во EDMS,** кое овозможува полесно и брзо совладување на функционалностите и постапките при работа со трите бази во системот;
- **Корисничко упатство за работа со посебен деловодник,** за користење на функционалностите при работа со документи со степен на доверливост.

Во јуни 2010 година Царинската управа донесе **Упатство за подготовка на акти во Царинска управа** (изменето и дополнето во август 2011 и јануари 2012 година), со кое се утврдуваат видовите на акти кои се изготвуваат во Царинската управа, надлежноста за нивно подготвување, начинот на подготовка на актите, формата и техниката на подготвување, контрола на интерните акти, нивното прилагодување, измена, дополнување, ревидирање или укинување. Во октомври 2010 година Царинската управа донесе **Упатство за печатите и штембилите на Царинската управа** со кое се уредува, формата, големината, содржината, набавката, евиденцијата, начинот на чување, употребата и уништувањето на печатите и штембилите кои се користат во царинското работење. Во август 2011 година се донесени измени на **Упатството за подготовка на акти во Царинската управа** со кое е предвидено задолжително прегледување на интерните акти од страна на лектор. Во февруари 2011 година е доносено **Упатство за депозитари на прописи,** со кое се уредува начинот на доставување и чување на интерните акти кои се изготвуваат од организационите единици во Царинската управа. Во мај 2011 година Царинската управа донесе **Упатство за работа со класифицирани информации,** со кое се уредува заштитата на документите од неовластен пристап или употреба од неовластени лица, како и неовластено изнесување и објавување на информации.

Во август 2010 година Царинската управа донесе **Упатство за начинот на наплата на административни такси во Царинската управа** (ревидирано во јануари 2011 година), со кое се уредува постапувањето со поднесоците за кои се наплаќа административна такса, видовите административни такси кои се наплатуваат во Царинската управа, контролата, потврдување на наплатата, враќање на повеќе платени административни такси, надлежности и рокови за постапување. Во врска со развојот на третата фаза од проектот ИИС, во октомври 2011 година е донесено **Корисничко упатство за евидентирање на административни такси** со кое се уредува користењето на EDMS во делот на евидентирање на наплатените административни такси по намени.

## Безбедност и комуникација

Во мај 2008 година Царинската управа донесе **Упатство за начинот на остварување прекувремена работа во Царинската управа,** со кое се уредува начинот, причините и надлежностите за утврдување потреба од прекувремена работа, како и начинот на потврдување, информирање и контрола на прекувремената работа. Подоцна во текот на истата година Царинската управа воведе електронски систем за евиденција на работното време, а во април 2009 година донесе и **Упатство за користење на системот за евиденција и контрола на работното време и пристап во просториите на Царинската управа,** со кое се пропишува начинот и постапката за евиденција на работно време во Царинската управа, изгледот на картичката за евиденција на работното време, обврските на вработените и раководителите и надлежностите за постапување, со цел правилно евидентирање на работното време, контрола на користењето на работното време од страна на вработените и контрола на пристапот во просториите на Царинската управа.

Во 2008 година, Царинската управа воведе **систем за видеоконференциско поврзување на царинарниците и Централната управа во Скопје (аудио и видео),** кој имаше за цел забрзување и подобрување на непосредната комуникација помеѓу раководството, како и подобро искористување

на времето и намалување на трошоците. Работата е уредена со **Упатство за работа со системот за видеоконференција** донесено во октомври 2011 година. На почетокот на 2012 година Царинската управа воспостави видеоконференциско присуство и на седниците на Владата на Република Македонија. Истовремено Царинската управа завршува проект според кој и другите органи на државна управа видеоконференциски ќе се поврзат со седниците на Владата на Република Македонија.

Во април 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за постапување при детектирање на опасна и штетна материја,** кое има за цел заштита на вработените и други лица, како и животната средина при откривање на опасни и штетни материи. Во делември 2010 година е донесено **Упатство за заштита и постапување во случај на пожар,** со кое се уредува превентивното делување за заштита од појава на пожар и начинот на постапување во случај на појава на пожар во објектите, дворните површини, граничните премини, царинските терминали, магацините и останатиот работен простор со кој управува Царинската управа. Во август 2011 година Царинската управа донесе **Упатство за постапување со комунален, комерцијален и други видови неопасен отпад,** со кое се уредува постапувањето со комунален и друг вид отпад од страна на вработените во објектите и на јавните површини со кои управува Царинската управа. Во ноември 2010 година е донесено **Упатство за обезбедување имот и лица во Царинската управа,** со кое се уредува начинот на обезбедување на имотот и лицата во просториите на Царинската управа.

Во септември 2010 година Царинската управа донесе **Упатство за прием на странки,** со кое се уредува начинот на прием и легитимирање на лица кои не се вработени или немаат регулиран престој во деловните објекти на Царинската управа. Во ноември 2011 година е донесен **Протокол за прием и одржување состаноци со високи претставници на домашни и странски институции и организации,** со кој се уредува начинот на прием и водење на средбите.

Во септември 2010 година донесено е **Упатство за начинот на мерење на колска вага,** со кое се уредува начинот и постапката за вршење мерење на колска вага на граничните премини и царинските терминали. Истиот месец е донесено и **Упатство за наплата на надоместок за престој на царински терминал,** со кое се уредува начинот и постапката за вршење наплата на услуга за престој во царински терминали управувани од Царинската управа, а во октомври 2010 е донесено **Упатство за затворање влез во царински терминал со алтернативни докази.** Во ноември 2010 година е донесено **Упатство за постапување по направена штета од возила на граничен премин или царински терминал,** со кое се уредува постапката за пријавување на оштетувања, направени од возила, врз објектите и опремата на граничен премин или царински терминал чии сопственик или корисник е Царинската управа.

## Транспарентност

Во овој период Царинската управа интензивно работи на зголемување на свеста на вработените за значењето на транспарентноста од аспект на запознавање на јавноста со улогата на Царинската управа, плановите за нејзиното работење и осознавањето на проблемите на клиентите. Постојано се работи на подигнување на свеста на вработените за значењето на јавното мислење за работата на Царинската управа. Се воведуваат системи и процедури за зголемување на квалитетот и обемот на комуникација со јавноста.

Со цел следење на најдобрите практики во ЕУ во доменот на царината и односите со јавноста и комуникацијата, управата во декември 2011 година донесе **Стратегија за односи со јавноста на Царинската управа.** Основна цел на стратегијата е навремено, точно и организирано доставување на информации до сите целни групи. Предвидените активности се насочени кон тоа да се обезбеди подобро разбирање на улогата на Царинската управа, одржување на политичка и јавна доверба, поддршка и позитивен став кон Царинската управа и нејзините вработени преку двонасочен проток на информации, промовирање, претставување и пренесување пред јавноста на резултатите и успесите постигнати во царинското работење, подигнување на свеста кај јавноста околу тоа дека работата на царинските службеници е од суштинска важност за јавното добро и безбедност.

Во мај 2007 година Царинската управа на својата интернет страница воведе дел во кој се објавуваат

предлозите за нови упатства и насоки со кои се уредува начинот на спроведување на царинските формалности, со цел на пошироката јавност да се овозможи да даде свои мислења и сугестии. Истиот месец е промовиран и делот на интернет страницата на Царинската управа на албански јазик. Покрај претходното, со цел зголемување на внатрешната транспарентност во работењето, истата година е **воведен и интранет порталот на Царинската управа,** на кој се објавуваат податоци и информации од интерен карактер. Со цел обезбедување на целосно, навремено и автоматско ажурирање на информациите и податоците на интернет и интранет страницата, во ноември 2008 година Царинската управа донесе **Упатство за начинот и постапката на објавување содржини на интернет страницата и интранет порталот на Царинската управа** (ревидирано повеќе пати во текот на 2010 и 2011 година), со кое се уредуваат начинот, постапката, областите и надлежностите за нивно ажурирање. Во декември 2010 година е пуштена во употреба нова интернет страница на Царинската управа, **www.carina.mk** и **www.customs.gov.mk,** при што е воведен **форум „Најчесто поставувани прашања“,** каде на економските оператори им е овозможено да поставуваат прашања и да добиваат одговори во врска со царински дозволеното постапување или употреба на стоката. Воведена е и **„Инфо“ електронската адреса** преку која економските оператори можат да се обратат до Царинската управа за кое било отворено прашање од царинското работење. Во 2008 година интернет страницата е посетена 986 илјади пати, 1.193 илјади пати во 2009, 1.731 илјада во 2010 и 1.746 илјади пати во 2011 година.

На интернет страницата се објавени 700 информации во 2008 година, 823 во 2009, 750 во 2010 и 1.004 во 2011 година. На интранет страницата се објавени 220 информации во 2008, 329 во 2009, 275 во 2010 и 850 во 2011 година.

Во 2008 година интернет страницата ја посетиле 107 илјади посетители, 129 илјади во 2009, 169 илјади во 2010 и 154 илјади во 2011 година. Најпосетени се табовите „Вести“, „Пребарување низ царинска тарифа“, „Најчесто поставувани прашања“ и „Закони и прописи“. Во ноември 2011 година на интернет страницата е воведена **интерактивна мапа на царинарниците и граничните и внатрешните царински испостави,** на која може да се види локацијата на сите организациони единици на Царинската управа, заедно со информации за дозволените царински постапки, евентуалните ограничувања за извршување на определени царински постапки, како и присуството на инспекциските органи во секоја организациона единица на Царинската управа поодделно. Мапата содржи и јасни ознаки за пристапни патишта (регионален пат, автопат, железница или аеродром) до организационите единици на Царинската управа.



Во декември 2007 година Царинската управа подготви и објави **Граѓански дневник во кој се опишани сите услуги, начинот на нивното добивање и контакт лицата од Царинската управа** (ревидиран во декември 2011 година). Истиот беше објавен на интернет страницата на Царинската управа и на Владата на Република Мекедонија. Поставувањето на сандачиња за прием на пополнети формулари од граѓаните, постапувањето и обработката на истите, како и начинот на објавување на Граѓанскиот дневник беа уредени во декември 2008 година со **Упатство за постапување со пополнетите формулари од граѓанскиот дневник.**

**Во јули 2008 година Царинската управа го обнови објавувањето на месечно списание „Царина“.** Весникот „Царина“ (кој се објавуваше до 2009 година) имаше за цел зголемување на ефикасноста и транспарентноста во работењето на Царинската управа, запознавање на деловната заедницата со тековните и планираните активности во царинското работење и објавување на информации за потребите на сите вработени на Царинската управа. Во 2011 година донесена е **нова Програма за публикување на месечното издание „Царина“** чие публикување е во подготовка.

Во август 2010 година е донесено **Упатство за постапување по преставки и предлози во Царинската**

**управа,** со кое се уредува постапувањето по преставки и предлози поднесени до Царинската управа, со цел заштита и остварување на правата и интересите на поднесувачите, јавните интереси утврдени со закон, или со цел поведување на друга иницијатива од јавен интерес. Во овој период се примени 19 преставки и по истите е соодветно постапено. Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во овој период се примени 67 барања, по кои што е постапено.

## ИКТ поддршка

Покрај перманентото обезбедување дополнителна и современа ИКТ опрема, Царинската управа во периодот 2007-2012 година работи на организација на ефективно и ефикасно функционирање на ИКТ системите. Сите апликации се евидентирани како нематеријални средства во билансите на Царинската управа. За секоја апликација, без оглед на тоа дали се наоѓа во фаза на подготовка, фаза на имплементација или фаза на користење, со решение на директорот се назначени менаџери (бизнис и ИТ) кои имаат задача да го следат развојот и работата на софтверот, да информираат и предлагаат нивно унапредување.

Во август 2008 година Царинската управа донесе **Упатство за начинот и условите за пристап во информатичко комуникацискиот систем на Царинската управа,** со кое се уредува начинот, постапката, надлежностите и одговорностите за отворање и затворање на кориснички пристап за внатрешни и надворешни субјекти, како и ниво на привилегии во информативниот систем на Царинската управа (МАКЦИС), начинот на неговото користење, точност и доверливост на информациите.

За оптимализација на користењето и управувањето со информациската технологија, заштитата на податоците, ефективно, ефикасно и сигурно работење на ИКТ системите и техничките инфраструктури кои ги поддржуваат, Царинската управа во јуни 2010 година донесе **Упатство за постапување со ИКТ системите од аспект на ИКТ безбедност.**

Во јуни 2011 година Царинската управа донесе **Упатство за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи,** со кое се воспоставува методологија за управување со животниот циклус на апликациите и информациско-комуникациските технологии, со цел да се осигура соодветно управување и контрола на проектите кои се однесуваат на ИКТ системите. Во септември 2011 година е донесено и **Упатство за евиденција на апликациите и ИКТ опремата во Царинската управа** со кое се уредува начинот, постапката, надлежностите и одговорностите при водењето евиденција на апликациите, системските софтвери и лиценци и друга ИКТ опрема, како и целокупната документација поврзана со нив.

Во ноември 2011 година е донесено **Упатство за обезбедување непрекинатост на ИКТ системите надвор од работното време,** чија цел е обезбедување на непрекината работа на Царинската управа, преку овозможување поддршка за критичните ИКТ системи кои е непоходно да се постојано во функција. Истовремено е донесена и **Програма за обезбедување непрекинатост на ИКТ системите** со категоризација на критичноста на системите, кои треба да обезбедат непрекинатост на деловните процеси преку стандардизирање на постапките, редовен мониторинг на ИКТ системите и нивно постојано унапредување. Во ноември 2011 година е донесено и **Упатство за управување со проекти,** со кое се уредуваат фазите на планирање, имплементација и контрола на ИКТ проектите со цел да се олесни управувањето со нив а да се осигура нивната успешност.

Поголем зафат во модернизација на комуникациската мрежа се реализира во рамките на проектот за воведување на Систем за проширување на SDH[62] мрежата во 2010 година. Опремата е поставена и инсталирана на одбрани локации. Додаден е западниот дел на веќе постоечкиот SDH прстен,




*Антенски столбови на радиоуредите од SDH мрежата*

62 Synchronous Digital Hierarchy

со кој се обезбеди поврзување на новите локации во западниот дел од Република Македонија. Со ова се обезбеди формирање на единствена SDH инфраструктура која овозможи доверливост на податоците и сообраќајот во телекомуникациската мрежа.

## Буџетирање и набавки

**Во 2008 година Царинската управа воспостави систем за планирање и извршување на буџетот на управата, набавките и инвестициите**. Во август 2008 година донесено е **Упатство за подготвување и извршување на финансискиот план, планот за инвестиции и планот за набавки** со кое се уредува организацијата, надлежностите, постапките, документите и информациите за изработка на овие планови, нивната форма, содржина и начин на следење на реализацијата, а со цел воспоставување услови за навремено и правилно обезбедување финансиски и материјални средства за извршување на функциите на Царинската управа. Истиот месец Царинската управа донесе и **Упатство за вршење набавки** со кое се уредува начинот и постапката за вршење набавки на стока, услуги и работи, доделувањето на договори за јавни набавки, протокот на документи при вршење на набавки, како и нивниот прием, евидентирање, чување и издавање во употреба на организационите единици во Царинската управа (ревидирано во април 2009 година).

## Управување со финансиски средства

Во март 2009 година воспоставена е **Комисија за управување со средствата и обврските на Царинската управа – КУСО.** Основни задачи на КУСО се надзор и предлагање мерки за реализација на финансискиот план, планот за јавни набавки, планот за инвестиции, одлуките и препораките од спроведени пописи на средствата и обврските, наплатата на побарувањата по сите основи, навремена и ефикасна реализација на прекршочните, управните и парничните предмети. Со цел обезбедување целосно и еднообразно евидентирање на средствата и обврските, во мај 2010 година се донесени **Сметководствени правила за евидентирање на залихи во Царинската управа,** со кои се уредува начинот на евидентирање на залихите, односно операциите и дејствијата што се вршат во електронскиот систем за материјална и финансиска евиденција. Истовремено, донесени се и **Сметководствени правила за евидентирање донации,** со кои се уредува начинот за сметководствено евидентирање на донациите во материјална и финансиска форма, постапката на остварување и примање на донации, како и начинот на вршење на контрола на нивното користење. Во септември 2011 година се донесени **Основни сметководствени политики на Царинската управа** кои се однесуваат на евидентирање на трансакции кои произлегуваат од извршувањето на нејзините функции и се користат за сметководствено и финансиско известување.

Во август 2008 година Царинската управа донесе **Упатство за начинот и постапката за одобрување службени патувања** (присуство на состаноци, работни посети, учество на семинари, курсеви, симпозиуми) и исплата на надоместок за патни, дневни и други трошоци за службени патувања.

Во септември истата година Царинската управа донесе **Упатство за начинот на ликвидирање финансиски документи** (ревидирано во мај 2011 година), со кое се уредуваат начинот и надлежностите за ликвидирање и постапување со финансиските документи за извршени набавки на стоки, услуги и работи во Царинската управа.

Во текот на 2010 година е уредено користењето на информатичките системи за материјално и финансиско работење во сите области со донесување на следните акти:

- Корисничко упатство за работа со софтверот за материјално и финансиско работење – ERP[63], со кое се уредуваат работата, надлежностите и обврските на организационите единици и вработените во Царинската управа при користењето на ERP;
- Корисничко упатство за работа со Модулот за главна книга;
- Корисничко упатство за работа со софтверот за буџетирање, кој обезбедува електронска поддршка на подготовката и извршувањето на буџетот на Царинската управа;

[63] ERP – Enterprise Resource Planning

- Корисничко упатство за работа со софтверот за пресметка на плати, кој служи за автоматска обработка на платите;
- Корисничко упатство за софтвер за планирање на ресурси – Модул за финансова оператива;
- Корисничко упатство за софтвер за планирање на ресурси – Модул за план за јавни набавки, со кое се уредува евидентирањето на донесениот план за јавни набавки, негови измени, дополнувања и реализација;
- Корисничко упатство за работа со софтвер за патни налози.

Во април 2010 година Царинската управа донесе **Упатство за користење на буџетски средства за репрезентација,** со кое се уредуваат правата и обврските при користење буџетски средства за оваа намена. Во мај 2010 година е донесено **Упатство за начинот и постапката за задржување на средства од платата на вработените,** со кое се уредува начинот на пресметка и задржување од платата на вработените врз основа на правосилни извршни акти. Донесено е и **Упатство за користење на системот за контрола и лимит на фиксни телефони,** со кој се унапреди контролата и се намалија трошоците за услуги на фиксната телефонија.

## Управување со нефинансиски средства

Царинската управа донесе **Оперативна инструкција за начинот на вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на Царинската управа на Република Македонија** во декември 2006 година.

Во јануари 2008 година е донесено **Упатство за користење на службените моторни возила,** со кое се уредува постапката за набавка, издавање и употреба на службените моторни возила во Царинската управа, нивната категоризација, евидентирање, означување, одржување и поправка, како и вршењето надзор и одговорноста на вработените. Истата година **Царинската управа воспостави систем за глобално позиционирање (GPS) на сопствениот возен парк.** GPS има за цел да го следи, анализира и координира движењето на возилата во сопственост на Царинска управа во реално време. Воспоставен е систем на диспечери кои го администрираат GPS, со цел контрола на наменската и ефикасната употреба на возниот парк на Царинската управа.

За поефикасно и поекономично користење на материјалните ресурси, во јуни 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за евидентирање и движење на основните средства,** со кое се уредува начинот на евидентирање и движење во текот на нивната употреба, сè до престанување на потребата од нивно натамошно користење и ставање вон употреба.

Во март 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за начинот и постапката за издавање под закуп на деловен и рекламен простор на граничните премини на Република Македонија за патен сообраќај** (ревидирано во август 2011 година). При издавањето на деловниот простор под закуп првенствено се обезбедуваат услови за ефикасно одвивање на увозот, извозот и минување на границите (платен промет, менувачки работи, царинско застапување, обезбедување документи за вршење увоз, извоз и минување на границите, како и осигурување).

Во насока на натамошно унапредување на користењето и надзорот на нефинансиските ресурси, во овој период се реализирани и следните активности:

- Во февруари 2010 година е донесено **Корисничко упатство за работа со софтверот за евиденцијата на лабараториските материјали** во рамки на ERP софтверот;
- Истиот месец е донесено **Корисничко упатство за работа со софтверот за евиденција на запленета стока,** во рамки на ERP, со кое се уредува постапувањето со привремено задржана, одстапена во корист на државата и дефинитвно одземена стока. Во јуни 2010 година е донесено ново **Упатство за начинот на постапување со одземени и стоки отстапени во корист на државата,** со кое се утврдува начинот на постапување со привремено и конечно одземени стоки и стоки отстапени во корист на државата во управна постапка, според одредбите на Царинскиот закон, нивното евидентирање, сместување и чување, предавање, продажба и распределба на паричните средства остварени со продажбата, надлежностите и одговорностите во Царинската управа, како и начинот на постапување со стоки кои привремено се одземаат во прекршочна или кривична постапка или поради повреда на право од интелектуална сопственост.

- Во мај 2010 година е донесено **Корисничко упатство за работа со софтверот за попис на основни средства,** со кое се уредува администирањето и користењето на овој софтвер. Истиот месец е донесено **Корисничко упатство за софтвер за евиденција на основни средства,** со кое се пропишува евидентирањето на основните средства и задолжувањето на истите по вработен и по локација и **Корисничко упатство за евиденција на потрошен материјал;**

## Контрола на наплатата на приходите

Царинската управа во овој период постојано работеше и на унапредување на системите за контрола на наплатата на приходите, при што ги реализираше следните активности:

- Во февруари 2010 година е донесено **Корисничко упатство за работа со софтверот за фактурирање на закупнини** во рамки на EDMS, со кое се уредува фактурирањето на закупнини за издаден деловен простор на граничните премини за патен сообраќај;
- Во март 2008 година е донесено **Упатство за присилна наплата на царински долг,** со кое се уредува постапката за присилна наплата на увозни или извозни давачки, даноци и други јавни давачки;
- Во мај 2008 година Царинската управа донесе **Упатство за начинот на постапување со привремено задржани, одземени и стоки отстапени во корист на државата** со кое се уредува начинот на постапување со нив, нивно евидентирање, сместување и чување, предавање, продажба и распределба на средствата остварени со продажбата (ревидирано во април 2009 година);
- Донесено е **Упатство за начинот на утврдување на долгот,** роковите, евидентирање и доставување решение за дополнително наложен царински долг и наплата;
- Во мај 2010 година донесе **Упатство за постапување со уплати на евидентната сметка на Царинската управа,** со кое се уредува администрирањето на прометот и состојбата на уплатите на име увозни давачки;
- Истиот месец е донесено **Упатство за начинот на задолжување и раздолжување на транзитни банкарски гаранции,** со кое се уредува администирањето на прометот и состојба на општите банкарски гаранции со кои се обезбедува царински долг;
- Во декември 2011 година е уредена работата со софтверската апликација „Наплата“ (**Корисничко упатство за работа со Модул за приливи – одливи,** со кое се уредува начинот, постапката и надлежноста за вршење увид и пребарување во автоматски евидентиран дневен прилив на средства, **Корисничко упатство за работа со Модул за гаранции,** со кое се уредува начинот, постапката и надлежноста за евидентирање на гаранции за обезбедување на долг, **Корисничко упатство за работа со Модул за депозити,** со кое се уредува начинот, постапката и надлежноста за евидентирање на налози за поврат на средства од депозитна сметка, **Корисничко упатство за работа со Модул за враќање на средства,** со кое се уредува начинот, постапката и надлежноста за евидентирање на извршни управни решенија за враќање на средства и следење на нивното извршување/спроведување, **Корисничко упатство за работа со Модул за дополнително пресметан царински долг, Корисничко упатство за работа со Модул за распоред на средства,** со кое се уредува начинот, постапката и надлежноста за генерирање распоред на средства и фајл во електронска форма до Министерството за финансии, како и **Корисничко упатство за работа со Модул за реферати на наплатени приходи со потврди за плаќање на давачки.**

# ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО ИДНИНА

Должност и обврска на Царинската управа е зачувување на финансиските интереси на Република Македонија, заштита на здравјето и животот на луѓето, одржување и унапредување на конкурентен економски амбиент и спроведување на економските политики на Владата на Република Македонија. Затоа, Царинската управа се стреми да стане и остане најдобар сервис на граѓаните, економските оператори и државата, според сите домашни и меѓународни признати стандарди и најдобри практики. За да го постигне ова, Царинската управа особено ќе се ангажира на инвестирање во вработените, поедноставување и забрзување на економските активности, унапредување на капацитетот за контрола на примената на законите, како и унапредување на сопствената административна и логистичка поддршка.

Вработените претставуваат најважен фактор за исполнување на целите, надлежностите и обврските на Царинската управа. Само стручни, ефикасни и компетентни вработени можат да обезбедат спроведување на реформите и унапредување на царинската служба. Затоа Царинската управа перманентно ќе го унапредува својот капацитет за управување со човечки ресурси, системот за вработување и внатрешно прераспоредување, системот за обуки и стручно оспособување, системот за наградување и остварување кариера, механизмите за мерење на учинок, како и механизмите за професионална одговорност на вработените.

Царинската управа ќе продолжи со активностите и мерките за натамошно олеснување, забрзување и поедноставување на царинските и акцизните постапки, со цел намалување на трошоците и зголемување на конкурентноста на македонската економија. Ова особено заради тоа што како земја кандидат за членство во ЕУ, македонската економија мора да биде подготвена на конкуренцијата и функционирањето во рамки на ЕУ.

Царинската управа ќе продолжи со јакнење на институционалниот и административниот капацитет за контрола на наплатата на приходите, пред сѐ преку натамошно унапредување на контролата базирана на анализа на ризик, контролата на трговските друштва, работата на специјалните единици, царинската контрола и надзор во царинските постапки, како и преку перманентен и динамичен развој на информатичката и комуникациската поддршка. Посебен акцент ќе биде ставен на натамошно унапредување на соработката со домашни и странски организации и агенции надлежни во областа на контролата на примената на законите, како и со бизнис заедницата.

Царинската управа може ефикасно да ги извршува своите надлежности доколку има соодветна организациона поставеност и административна поддршка. Во овој контекст, Царинската управа перманентно ќе работи на унапредување на институционалниот и административниот капацитет, идентификување, ревидирање, пропишување и компјутеризирање на работните процеси.

Царинската управа ќе продолжи со унапредување на системите за управување со финансиските и нефинансиските средства со цел обезбедување нивна рационална, наменска и ефикасна употреба за логистичка поддршка на активностите за спроведување на основните надлежности на Царинската управа, мисијата и визијата.

Царинската управа ќе се стреми кон побрзо и целосно исполнување на условите за членство во ЕУ и пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит.

Во својат развој и унапредување на сопствениот капацитет, Царинската управа ќе се води од Рамката на стандарди за олеснување на трговијата на СЦО, Конвенцијата за заеднички транзит, Ревидираната Кјото конвенцијата за поедноставување на царинските постапки и од другите стратешки документи на СЦО, препораките содржани во царинските упатства на Европската Комисија и од законодавство на ЕУ, Ревидираната Аруша декларација за интегритет и борба против корупцијата, Меѓународната конвенцијата за борба против организираниот криминал, како и најдобрите практики од странските царински служби.

# СОДРЖИНА


**МАКЕДОНСКАТА ЦАРИНА–СТОЛБ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВНОСТ .... 3**
**ЦАРИНАТА НИЗ МИНАТОТО .... 4**
ОД АРХАЈСКИОТ ДО МАКЕДОНСКО-ХЕЛЕНИСТИЧКИОТ ПЕРИОД .... 4
РИМСКАТА ИМПЕРИЈА .... 4
ВИЗАНТИСКИОТ ПЕРИОД .... 5
ОТОМАНСКАТА ИМПЕРИЈА .... 6
МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ .... 6
ЦАРИНАТА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА .... 7
**Организација .... 7**
**Човечки ресурси .... 9**
**Царинскиот систем .... 9**
**Компјутеризација .... 12**
**Царинска контрола .... 12**
**ОСНОВАЊЕТО НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА .... 14**
ЦАРИНСКАТА СЛУЖБА НЕПОСТРЕДНО ПРЕД ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО .... 14
ОСНОВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - 1992 .... 15
ПОСТАВУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА - 1993 .... 16
**Организација на работа .... 17**
**Човечки ресурси .... 18**
**Компјутеризација .... 18**
**Царинска контрола .... 18**
**ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО ПЕРИОДОТ 1994-1997 ГОДИНА .... 20**
ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА .... 20
**Царински закон .... 20**
**Царинска тарифа .... 21**
ВОСПОСТАВУВАЊЕ МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА .... 22
ОРГАНИЗАЦИЈА .... 22
ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА .... 23
**Царинска лабораторија .... 23**
**ИКТ поддршка .... 24**
**ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО ПЕРИОДОТ 1998-2003 ГОДИНА .... 25**
ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА .... 25
**Царински закон .... 25**
**Царинска тарифа .... 27**
ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА .... 28
ОРГАНИЗАЦИЈА И НАДЛЕЖНОСТИ .... 28
**Организација .... 28**
**Надлежности .... 30**
ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ .... 30
**Статус на вработените .... 30**
**Интегритет .... 31**
КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ .... 32
**Селективност .... 32**
**Царинска контрола .... 33**

ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА......34
**ИКТ поддршка......34**
**Транспарентност......34**
**ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО ПЕРИОДОТ 2004-2006 ГОДИНА......36**
РЕГУЛАТИВА......36
**Царински закон......36**
ОРГАНИЗАЦИЈА И НАДЛЕЖНОСТИ......37
**Надлежности......37**
**Организација......37**
МЕЃУНАРОДНА И МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА......38
ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ......39
**Статус на вработените......39**
**Обуки и стручно оспособување......39**
КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ......40
**Царинско разузнавање......40**
**Анализа на ризик......40**
**Контрола на трговски друштва......40**
**Царинска контрола......41**
**Логистичка поддршка......42**
**ИКТ поддршка......42**
**Нова управна зграда......42**
**ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО ПЕРИОДОТ 2007-2012 ГОДИНА......44**
РЕГУЛАТОРНА РАМКА......44
**Царинска регулатива......44**
**Царинска тарифа......45**
**Акцизи......46**
**Заштита на права од интелектуална сопственост......46**
**Други мерки......46**
**Меѓународна и меѓуинституционална соработка......47**
ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА......49
**Усогласување на царинското законодавство......49**
**Поврзување со царинските информатички системи на ЕУ......50**
**Развој на административниот капацитет согласно ЕУ стандардите......52**
НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА......53
**Нови надлежности на царинската управа......53**
**Организација......54**
ЗАБРЗУВАЊЕ И ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ......55
**Услови за спроведување на царински формалности......56**
**Поедноставување и олеснување на царинските процедури......57**
**Акцизи......61**
**Обем на работа......61**
КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ......62
**Царинско разузнавање......63**
**Селективни царински контроли базирани на анализа на ризик......63**
**Царински истраги......66**
**Царинска лабораторија......71**
**Специјални (мобилни) единици......72**
**Контрола на трговски друштва......72**
**Царинска контрола......73**
ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ......77
**Основна рамка......78**
**Вработување и кадровско администрирање......78**

Обуки и стручно оспособување ...79
Евалуација на работниот учинок, наградување и унапредување во кариерата ...82
Интегритет ...82
Синдикално организирање на вработените ...85
ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА ...86
Административни постапки ...86
Безбедност и комуникација ...88
Транспарентност ...89
ИКТ поддршка ...91
Буџетирање и набавки ...92
Управување со финансиски средства ...92
Управување со нефинансиски средства ...93
Контрола на наплата на приходите ...94
ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО ИДНИНА ... 95

*Издавач*
**Царинска управа на Република Македонија**

*Уредник*
**Ванчо Каргов**

*Автори*
**Јованчо Секулоски**
**Лидија Лековска**
**Оливера Чаловска**
**Снежана Стоичкова**
**Улијана Ристовска**
**Јасминка Јакимовска**
**и соработници од**
**Царинска управа на Република Македонија**

*Рецензенти*
**Снежана Патирова**
**Ѓорги Наумовски**
**Златко Ветеровски**

*Корица*
**Драган Јолевски**

*Графички дизајн*
**„Европа 92“ – Кочани**

*Печати*
**„Европа 92“ – Кочани**

**Тираж**
**300**







РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЦАРИНСКА УПРАВА
ЦАРИНА • CUSTOMS

ЦАРИНСКА УПРАВА ДВАЕСЕТ ГОДИНИ ЗА ИДНИНАТА НА МАКЕДОНИЈА